УНИВЕРЗИТЕТ СВ. "КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ
ИНСТИТУТ ЗА ДЕФЕКТОЛОГИЈА

# ПРАВАТА НА ЗАШТИТА, ЕДУКАЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НИВНА УСОГЛАСЕНОСТ СО МЕЃУНАРОДНИТЕ ДОКУМЕНТИ

**- магистерски труд-**

**Ментор:**
**Проф.др Љупчо Ајдински**

**Кандидат:**
**Зоран Киткањ**

*Имајќи пред вид дека сум првиот кандидат кој брани магистерски труд на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет сите проблеми на кои наидував во текот на изработката на овој труд бев принуден да ги решавам заедно со мојот ментор проф. Д-р Љупчо Ајдински. Морам да признам дека посебно ми е чест и задоволство што за ментор на овој труд го имав доаенот, основачот и креторот на дефектолошките студии во Република Македонија. Затоа ја користам оваа прилика да му се заблагодарам за безрезервната подршка и помош што ми ја пружи во текот на изработката и финализирањето на трудот.*

*Исто така им се заблагодарувам на членивите на комисијата: проф. Д-р Ристо Петров и проф. Д-р Горан Ајдински за советите, сугестиите и подршката што ми ја дадоа во изработката на трудот.*

*Оваа прилика сакам да ја искористам да се заблагодарам и на проф. Д-р Наташа Ангелевска која несебично ми помагаше при изготвувањето на елаборатот за магистерскиот труд.*

*Голема благодарност до колегите во посебните основни училишта, до инвалидските организации а посебно до Сојузот на глувите кои ми помогнаа во обезбедување на стручен материјал како и во остварувањето на контактите за анкетирање на лицата со хендикеп и членовите на нивните семејства.*

# Содржина


**Вовед** ------------------------------------------------------------------------------------- 6

**1. Теоретски пристап кон проблемот на истражувањето**-------8

*1.1. Дефинирање на основните поими на предметот на* истражувањето ----------------------------------------------------------------8

1.1.1. хендикепирани лица ---------------------------------------------------------8

1.1.2. Социјална зашита ------------------------------------------------------------9

1.1.3. Здравствена заштита -------------------------------------------------------10

1.1.4. Рехабилитација --------------------------------------------------------------10

1.1.5. Едукација ---------------------------------------------------------------------11

1.2. *Класификација на лицата со хендикеп* ---------------------------------12

**1.3.** *Меѓународна легислатива за правата на лицата со хендикеп* -----13

1.3.1. Општи декларации за лицата со хендикеп ---------------------------13

1.3.2. Посебни декларации за лицата со хендикеп -------------------------20

1.3.3. Декларации за поедини видови на инвалидност ------------------------25

**2. Истражувачки дел** ---------------------------------------------------30

2.1. Цели на истражувањето ----------------------------------------------------30

2.2. Задачи на истражувањето --------------------------------------------------30

2.3. Хипотези на истражувањето ----------------------------------------------31

2.4. Методологија на истражувањето -----------------------------------------32

2.4.1. Примерок ---------------------------------------------------------------------32

2.4.2. Методи, техники и инструменти на истражувањето -------------------32

3. **Интерпетација на резултатите дескриптивен дел**------------34

3.1. **Преглед на правата на лицата со хендикеп во Р. Македонија** -------34

3.1.1. Устав на Р.Македонија -----------------------------------------------------34

3.1.2. Декларација за заштита и унапредување на правата на лицата со посебни потреби --------------------------------------------------34

*3.1.3. Права на лицата со хендикеп од областа на социјалната заштита и заштитата на децата* -------------------35

3.1.4. *Права од бласта на воспитанието и образованието* -----------------41

3.1.5. *Вработување и осигурување* --------------------------------------------- 42

3.1.6. *Здравствена заштита и осигурување* ----------------------------------48

3.1.7. *Семејство, облигации, вонпроцесна постапка и нотарски работи*-----------------------------------------------------------51

3.1.8. *Просторно планирање и проектирање на објекти* ---------------------53

3.1.9. *Олеснувања и ослободувања на лицата со хендикеп*-------------------56

3.1.10. *Кривично - процесно право*-------------------------------------------------57

3.2. **Преглед на правата на лицата со хендикеп во Р. Словенија** ---------59
3.2.1 Социјална сигурност во Република Словенија -------------------------59
3.2.2 Здравствена заштита и здравствено осигурување во Р. Словенија ---------------------------------------------------------------71
3.2.3 Права од областа на пензиското и инвалидското осигурување-----76
3.2.4 Воспитание и образование во Република Словенија-------------------84
3.2.5 Вработување и оспособување на лицата со инвалидност во Република Словенија -----------------------------------------------95
3.2.6. Олеснувања и ослободувања на лицата со хендикеп во Република Словенија-----------------------------------------------------102

4. **Графички приказ на резултатите (емпириски дел)**-------113
5. **Дискусија** ---------------------------------------------------------151
6. **Заклучоци** ---------------------------------------------------------
7. **Предлог мерки**-----------------------------------------------------
8. **Литература** --------------------------------------------------------
9. **Прилози** -----------------------------------------------------------

## ВОВЕД ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

Потребата да се согледаат и анализираат определени состојби во однос на општествената грижа за хендикепираните лица гледано од повеке аспекти е императив на секое општество.Во услови на општествена и економска транзиција, економски, социјален, научен и технолошки развој , проблемите на хендикепираните лица остануваат постојан придружник и окупираност на човештвото.

Тргнувајки од споменатото, ООН, УНЕСКО, УНИЦЕФ, Светската здравствена организација, Меѓународната организација на трудот и други организации особено во втората половина на минатиот век, донесоа мошне значајни резолуции, декларации, ставови, препораки, извештаи и други документи што се однесуваат на положбата и грижата на лицата со хендикеп гледано како од аспект на здравствената и социјалната заштита, воспитанието и образованието, така и од аспект на правната заштита како една од основните компоненти во посоодветното креирање на политиката на заштита и рехабилитација на хендикепираните лица во општеството.

Имајки предвид дека нема синтетизиран и компаративен преглед како за квантитетот така и за квалитетот на имплементираноста на определбите во меѓународните документи во законската регулатива на Република Македонија во здравството, социјалната и детската заштита, образованието, оспособувањето и вработувањето, пензиското и инвалидското осигурување, оценивме дека оваа проблематика заслужува научно истражувачка обработка а резултатите би се употребиле првенствено за унапредувањето на целокупната заштита и рехабилитација на хендикепираните лица во Македонија.

Како земја потписничка на повеќе меѓународни документи Република Македонија е обврзана за овие лица да обезбеди посебна заштита, прилики и можности за здрав и нормален развој, бенифиции во социјалното и здравственото осигурување, лечење и посебна медицинска нега, да ги заштити од било каков облик на дискриминација и сл.

Според член 35 од Уставот, Република Македонија е должна да обезбеди посебни услови и права за оваа категорија на луге заради нивно вклучување во општествениот живот.

Ако е веќе констатирано дека хендикепираноста не е само личен, семеен и научен туку и општествен проблем, неопходно е да се откријат и отстранат сите пречки и околности кои го попречуваат и оневозможуваат создавањето на посебните услови на заштита, едукација, работно и професионално оспособување како и вработување на поголем дел од хендикепираните, бидејки тоа е единствениот начин овие лица да се интегрираат во заедницата.

Денес во услови на транзиција не треба да биде нем набљудувач на општествените промени туку активно да учествуваме во истите бидејки ние дефектолозите и останатите стручњаци кои директно или индиректно работиме на оваа проблематика најдобро ги чувствуваме потребите на лицата со хендикеп.

Специјалните потреби на лицата со хендикеп треба да се земаат во предвид во сите фази на економското и општественото планирање.

Најзначајно и најголемо политичко и морално влијание врз релевантните фактори во повекето земји па и кај нас изврши меѓународниот документ Стандардни правила за изедначување на можностите на лицата со хендикеп со што значително се подобри квалитетот на живеење на овие лица.

Ако се земат предвид податоците за застапеност (преваленција) на лицата со хендикеп според Светската здравствена организација дека 10 % од вкупното население имаат посебни здравствени, социјални и образовни потреби исражувањето е повеке од оправдано.

За потребата од ваков вид на истражување зборуваат и многуте написи и видео прикази, во печатените и електронските медиуми, иницирани од самите хендикепирани лица или членови на нивни семејства. Исто така разните семинари и работилници организирани од здруженија на родители, инвалидски организации и многу невладини организации чии активности се насочени кон изедначувањето на можностите на лицата со хендикеп укажуваат на проблемите во интеграцијата на овие лица кои произлегуваат од законската регулатива.

Мора да напоменеме дека освен потребите на практиката за таков вид на истражување потреба има и дефектолошката наука бидејки една од задачите на дефектологијата е да делува и придонесува во осовременувањето на законската регулатива со цел да се овозможи подобра економска и социјална сигурност и пристоен животен стандард.

Со ова истражување ќе се направи анализа и ќе се согледаат проблемите кои ја оневозможуваат социјалната интеграција на лицата со хендикеп, мерките и активностите што треба да ги превземе државата заради поуспешно вклучување на оваа категорија на лица во сите свери на општествениот живот.

Добиените резултати би биле значајни за надлежните институции кои ги третираат прашањата за лицата со посебни образовни, социјални и здравствени потреби, како што се: Министерството за здравство; Министерството за труд и социјална политика како и Министерството за образование и наука.

# 1. ТЕОРИСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1.1. Дефинирање на основните поими на предметот на истражувањето

До денес во светот и кај нас и во теоријата и во практиката не е постигнат консензус околу дефинирањето на поимите кои се употребуваат за означување на различни категории на лица со хендикеп, како и за тоа кои сé лица овде се вбројуваат.Употребата на различни термини и поими за оваа популација е проблем и основно прашање на кое треба да се даде приоритет во решавањето.

Имајки предвид дека нашето истражување е фокусирано на имплементацијата на препораките и ставовите во меѓународните декларации, резолуции, конвенции, извештаи и други документи ќе се служиме со оние термини и поими со кои хендикепираните лица се споменуваат како во постојната стручна и научна литература така и во важечката правна регулатива.

Во овој труд ќе ги наведеме оние хендикепирани лица кои се на одреден начин именувани во законската регулатива на Република Македонија со осврт на компатибилноста со терминологијата во меѓународните документи.

Постојат повеќе термини кои се користат за означување на состојбата на хендикепираните лица односно лицата кои имаат тешкотии во социјалната интеграција. Во оваа прилика ќе ги споменеме само оние за кои сметаме дека се темелни а тоа се се следните:

### *1.1.1. Хендикепирани лица*

Според Енциклопедијата на Лексикографскиот завод како што наведуваат долу споменатите автори под хендикеп во поширока смисла на зборот се подразбира тешкотија или пречка која оневозможува некоја активност.

Во потесна смисла на зборот за ***хендикепирани*** се сметаат оние лица кои поради некоја болест, оштетување, инвалидитет или пречки во развојот имаат тешкотии во вклучувањето во општествената средина. *(Kovacevic V.Stancic V. Mejovsek M., 1986. str.19)*

Сепак треба да споменеме дека извор на хендикеп можат да бидат не само недостатоците и оштетувањата на личноста (нејзините особини и карактеристики) туку и социјалната средина која не е помалку важна а често и единствен извор.

Под хендикеп уште се подразбира и негативни состојби кај личноста што вклучуваат:

- пречки што произлегуваат од некои особини и оштетувања на личноста;

- Ограничувања утврдени од општествената заедница; негативните ставови на социјалната средина и како се доживува самиот себе.

Хендикеп може да се јави и во оние случаеви кога овие лица се отфрлени и неприфатени од средината која ги опкружува и тоа посебно кога истото е сторено на многу осетлив и недискретен начин.

Според Д.Крстиќ под овој термин се подразбираат намалени телесни и ментални можности поради што таквата индивидуа се наоѓа во нерамноправна положба во однос на лицата кои немаат пречки во развојот. Овој термин се употребува за означување како на децата така и на возрасните кои што имаат пречки во развојот и учењето, односно во преквалификацијата што трба да им овозможи социјална егзистенција *(Д. Крсѿиќ, 1996).*

Како и да се нарекуваат лицата кои имаат тешкотии во социјалната интеграција тие неможат да се третираат исклучиво како социјален, здравствен, или образовен проблем туку комплетно бидејки оштетувањето кај овие лица ги има зафатено биолошката, психичката и социјалната компонента на структурата на личноста, со други зборови овие лица имаат истовремено посебни здравствени, психосоцијални и образовни потреби *(В. Сѿефановска, К.Едровска, Б.Божиновска и М.Сѿефановска, сѿр. 27).*

## 1.1.2. *Социјална зашѿиѿа*

Е исто така еден од термините кој се употребува во овој труд за кој постојат повеќе дефиниции и објаснувања но во оваа прилика ќе ги споменеме следните:

Под социјална заштита се подразбира збир на одредени активности кои се усмерени кон овозможување на поединците, семејствата, групите и заедниците успешно да ги совладаат социјалните проблеми кои настанале во изменети околности *(Д. Лакичевиќ сѿр. 24).*

Социјалната заштита преставува специфична државна односно општествена дејност која непосредно се бави со задоволувањето на основните животни потреби на поединците и општествените групи кои се погодени од социјални незгоди, ризици или случаеви како што се: болест, мајчинство, инвалидност, старост, незапосленост исл *(Д.. Лакичевиќ сѿр. 25).*

Социјалната заштита како вид на социјалната политика преставува посебен облик на социјално обезбедување со кое граѓаните во сите општествени структури врз основа на начелата на хуманизам, солидарност, взаемност и самопомош поради постоењето на животни тешкотии и проблеми ја остваруваат својата економска и социјална сигурност *(Д. Лакичевиќ сѿр. 27).*

Според Михаило Ступар "***социјална зашѿиѿа***" како предмет на социјалната политика се состои во создавање на услови за живот и унапредување на животот на оние членови во општествената заедница кои без своја кривица, стално или повремено, потполно или делумно, не се во можност самите да создадат такви услови за себе, поради тоа што се неспособни за работа, или поради тоа што им се зголемени потребите поради болести оштетувања и слично *(Milosavljevic, 1988, st r.211).*

Од споменатите дефиниции и толкувања можеме да констатираме дека социјалната заштита има за цел остварување на економска и социјална сигурност на граѓаните кои се нашле во положба од социјални потреби.

## *1.1.3. Здравсшвена зашшиша*

Здравствената заштита претставува организирана општествена дејност чија цел е обезбедување на превентивна заштита, зачувување и унапредување на здравјето на луѓето во различни општествено економски и политички системи *(Milosavljevic, 1988, st r.107)*.

Современите тенденции на здравствената заштита ги пречекорува рамките на клсичното здравствено осигурување со опваќањето на целокупната популација па според тоа основ за користење повеќе не е само работата и уплатата на доприноси туку здравствените потреби на луѓето.

Современата здравствена заштита не се однесува само на ризиците на заболувања и загрозувањето на материјалната положба на осигурените лица во случај на спреченост за работа, туку и на организираните општествени активности за создавање на поволни услови за зачувување и унапредување на здравјето на човекот во интерес на општествената заедница и нејзините членови *(Milosavljevic, 1988, st r.107)*.

Од аспект на поединците и нивните семејства здравствната заштита покрај зачувувањето и унапредувањето на човековото здравје исто така има за цел и зачувување и унапредување на работната и животната средина како значаен услов за нивната социјална сигурност, развој на биопсихичките идруги способности и чуство на среќа и задоволство.

Од општествен аспект здравствената заштита има за цел да обезбеди репродукција на здраво население и на тој начин да ја зголеми продуктивноста што доведува до пораст на општествениот производ. *(Milosavljevic, 1988, st r.108)*.

## *1.1.4. Рехабилишација*

*Рехабилишацијаша* преставува комплексен процес на мерки, активности и методи со кои се третира хендикепираната личност од раѓањето до нејзината социјализација и интеграција *( Ајдински Љ., Ајдински Г., Михаилов З.,1999, сшр.63)*.

Рехабилитацијата како научен пристап има за цел вклучување на лицата со тешкотии во социјалната интеграција во сите сфери на општествен живот со помош на одредени методи и средства *(Kovačević, V. Stančić, V Mejovšek,M. 1986)*.

Рехабилитацијата подразбира превземање на координирани мерки и активности со цел да се стимулираат психичките, телесните, социјалните и професионалните способности за максимално користење на преостанатите способности. *(С.Јакулиќ,1980)*

Според експертите на Светската здравствена организација рехабилитацијата е мултидисциплинарен пристап кон лицето со хендикеп

која има за цел да ги задоволи неговите физички, психички, образовни и стручни потреби за да му овозможи да води што посамостоен живот во границите на оштетувањето а при тоа да се користат колку што е можно повеќе неговите преостанати потенцијали.

Според тоа рехабилитацијата претставува една единствена комлексна дејност која има за цел, личноста што е попречена, неспособна, инвалидизирана, со недостатоци, пречки, и слично да ја доведе во состојба на задоволство и среќа, способна да воспоставува контакт со околината и самостојно да остварува егзистенција за себе па и за своето семејство.

## *1.1.5 Едукација*

Синоними на овој поим се ***воспитанието и образованието***
Во поширока смисла на зборот под едукација или образование се подразбира стекнување на знаења, умеења и навики воопшто.

Воспитанието е збир на сите оние активности што планирано ги превземаат возрасните со цел да ги развијат децата и младите во согласност со очекуваните општествени цели, барања и потреби.

Во зависност од тоа каде воспитанието се остварува имаме: семејно, предучилишно, училишно, вонучилишно ( во воспитните установи надвор од училиштето), интернатско (во воспитните институции од интернатски тип) и ***специјално*** ( во институциите за грижа и заштита на ***децата кои имаат посебни образовни потреби).***

Во зависност од тоа што развива, воспитанието може да биде: физичко, интелектуално, морално, естетско и работно техничко воспитание и образование.

Покрај општото образование кое се однесува на знењата, способностите и навиките кои се потребни за секого независно од професијата постои и професионално образование кое претставува завршна фаза од рехабилитацискиот третман. Професионалното образование се изведува после завршеното ***специјално*** основно образование а има за цел да ги припреми учениците со посебни образовни потреби за оние занимања и професии кои одговараат на нивните психофизички способности и можности.

Стекнувањето на децата и младите со знаења, умеења и навики ја сочинуваат содржината на поимот образование што значи образованието е само дел од воспитанието. Развивањето пак на психофизичките способности и формирањето на поглед на свет ја сочинуваат содржината на воспитанието во потесна смисла.

Овие две компоненти се меѓусебно тесно поврзани и неразделни, што значи само теоретски можат да се одвојат. Со други зборови не е можно некој да се образува а истовремено да не се воспитува *(Педагошки речник, Завод за издавање уџбеника СРС, Београд,1967. стр. 98-99).*

## 1.2. Класификација на лицата со хендикеп

Постојат повеќе ***класификации*** на лицата со хендикеп во зависност од тоа дали се вршени од аспект на медицината, педагогијата, дефектологијата, социологијата или од повеке аспекти истовремено.

Во оваа прилика ќе ги спомeнеме класификациите на овие лица кои произлегуваат од законите и подзаконските акти бидејки истражувањето се однесува на правните прописи за хендикепираните лица.

Една од класификациите на лицата со хендикеп е според Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој која е изготвена од повеќе аспекти а донесена врз основа на член 102 од Законот за социјална заштита а во согласност на министерот за здравство и министерот за образование.

Според овој правилник за лица со пречки во физичкиот или психичкиот развој (лица со хендикеп )се сметаат:

- Лица со оштетен вид ( слабовидни и слепи)
- Лица со оштетен слух (глуви и наглуви)
- Лица со пречки во гласот, говорот и јазикот
- Телесно инвалидни лица
- Ментално ретардирани лица (лесно, умерено, тешко и длабоко)
- Аутистични лица
- Хронично болници лица
- Лица со повеќе видови на пречки ( лица со комбинирани пречки во развојот)

Правата кои произлегуваат од Законот за заштита на децата, *( Сл. весник на РМ, бр. 98/2000)* се предвидени за децата со:

- тешка, потешка или најтешка инвалидност;
- умерен, тежок или длабок ментален хендикеп;
- најтешки облици на хронични заболувања;
- најтежок степен на оштетување на видот, слухот или говорот и
- со повеќе видови на пречки (комбинирани) во развојот.

## 1.3. МЕЃУНАРОДНА ЛЕГИСЛАТИВА ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП

Во последните 20 години во Европа па и во светот се одржани многубројни состаноци на ООН и нејзините специјализирани агенции, на Европската Унија и Советот на Европа на кои биле решавани значајни прашања за лицата со хендикеп (инвалидитет) и на кои биле донесени повеќе декларации, резолуции, препораки и правци со цел да се подобри квалитетот на живеење на оваа категорија на луѓе и нивно вклучување во сите сфери на општествениот живот.

Имајки во предвид дека бројот на овие меѓународни документи е доста голем истите можеме да ѓи групираме во три групи: првата група ја сочинуваат општите декларации за лицата со хендикеп; втората група ја сочинуваат декларациите за образование на хендикепираните и трета група на декларации и препораки кои се однесуваат на поедини видови на хендикепирани лица.

### 1.3.1. ОПШТИ ДЕКЛАРАЦИИ

#### 1.3.1.1. ОПШТА ДЕКЛАРАЦИЈА НА ООН ЗА ПРАВАТА НА ЧОВЕКОТ
*(ГС на ООН 10.12. 1948 година)*

По донесувањето на оваа декларација Генералното Собрание ги повика сите држави членки да го објават текстот од истата да се прикажува, чита и објаснува и тоа посебно во училиштата и другите воспитно-образовните установи.

Според член 1 од оваа декларација сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви во достојанството и правата.

Според член 7 на оваа декларација сите се пред законот исти и имаат право законот еднакво да ги штити. Сите имаат право на еднаква заштита од било каква дискриминација со која се крши оваа декларација.

Член 25 од овој доцумент вели дека секој има право на животен стандард кој обезбедува здравје и благосостојба, на поединецот и неговото семејство, вклучувајки храна, облека,стан, лекарска нега и потребни социјални служби, како и право на осигурување во случај на незапосленост, болест, *онеспособеност*, старост и други случаеви во кои се губат средствата за егзистенција во околности независно од нивната волја.

Според ова декларација (член 26) секој има право на образование. Основното образование треба да биде бесплатно.

### 1.3.1.2. ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ DEKLARATION ON THE RIGHTS OF DISABLED PERSONS

*(Резолуција 3447 на Генерално собрание на ООН од 09.12. 1975)*

Терминот лица со инвалидитет подразбира секое лице кое не е во состојба да ги обезбеди за себе, целосно или делумно, потребите за нормален или социјален живот, како резултат на отсуство, вродено или не на неговите физички или ментални способности.

Според оваа декларација лицата со инвалидност треба да ѓи уживаат сите права содржани во оваа декларација без разлика на пол, раса, боја, јазик, религија, политички или други определби, национално или социјално потекло, состојба на добра, раѓање или друга состојба која се однесува на лицето со инвалидитет или неговото потесно семејство.

Лицата со инвалидитет имат природно право за почитување на нивното достоинство.

Лицата со инвалидитет ги имаат истите граѓански и политички права како и останатите луѓе.

Лицата со инвалидитет имаат право на инструментите наменети за нивно оспособување за да станат колку што е можно посамостални.

Лицата со инвалидитет имаат право на лекарска, психолошка и функционална грижа, вклучувајки протетитички и ортопедски помагала, на здравствена и социјална рехабилитација, образование, професионално оспособување,помош, советување и услуги во врска со вработување и слично што ќе им овозможат да ги развијат своите способности и вештини до максимум и ќе ги забрза процесите за нивна социјална интеграција.

Лицата со инвалидитет имаат право на социјална и економска сигурност и пристоен животен стандард. Тие го имаат правото на вработување спема своите способности односно да се занимаваат со корисно, продукртивно и исплатливо занимање како и да се вклучат во синдикатот.

Лицата со инвалидитет имаат право на нивните посебни потреби во сите фази на економското и општествено планирање.

Лицата со инвалидитет имаат право да живеат со нивните семејства или старатели и да учествуваат во сите социјални, креативни и рекреативни активности. Ако престојот на инвалидното лице во специјализирана институција е неопходен, средината и условите за живот во неа мора да бидат слични до оние потебни за нормален живот на лице од негова возраст.

Лицата со инвалидитет ќе бидат заштитени од сите форми на експлоатација, дискриминација, злоупотреба или деградирање.

Лицата со инвалидитет мора да бидат во можност да користат квалификувана правна помош, кога истата е неопходна за заштита на нивната личност и сопственост.

Во колку се против нив поведе правосудна постапка, законската постапка целосно ќе води сметка за нивната физичка и ментална состојба.

Инвалидските организации може да бидат корисно консултирани за сите права на лицата со хендикеп.

### 1.3.1.3. ЕВРОПСКА СОЦИЈАЛНА ПОВЕЛБА (ревидирана), *(Сшразбур, 03.05.1996)*

Според 15-от принцип на оваа повелба секое инвалидизирано лице има право ***на ӣрофесионална ӣреквалификација како и на ӣрофесионално и социјално ӣрилаӣодување*** без разлика на причината и природата на неговата инвалидност.

**Право на професионална ориентација (член 9)**

За да се реализира ова право Страните - договорнички се обврзуваат да формираат посебни служби кои ќе им помагаат на лугето вклучувајки ги и лицата со хендикеп (инвалидитет).

**Право на професионално усовршување (член 10)**

На сите лица вклучувајки ги и хендикепираните треба да им се обезбедат средства за техничко и професионално усовршување односно пристап до високо техничко и универзитетско образование но во консултации и согласност со професионалните организации на работодавците а врз основа на единствен критериум за личната способност.

**Право а на професионално усовршување и социјална реадаптација на лицата со физички и ментален хендикеп (член 15)**

За да се реализира ова право Страните -договорнички се обврзуваат да превземат соодветни мерки за да им стават на располагање средства за професионално усовршување како и специјални установи од јавен или приватен сектор.

За таа намена исто така треба да се охрабрат работодавците да ги прифатат или задржат на работа лицата со недостатоци и да ги усогласат работните услови согласно на нивните способности но во колку тоа не е можно заради природата на недостатоците за истите се организира или обезбеди соодветна работа која ќе одговара на нивниот хендикеп. Ваквите мерки може да се реализираат со помош на специјализирани служби за вработување.

Страните -договорнички се обврзани да ја промовираат социјалната интеграција и учество на оваа категорија на луге во сите свери на општествениот живот со помош на различни мерки и техничка помош за да се надминат сите пречки кои ја оневозможуваат комуникацијата, движењето како и приодот до транспортот, нивниот стан, културните и слободните активности.

### 1.3.1.4. ДЕКЛАРАЦИЈА НА ООН ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО
*(Генерално Собрание на ООН, 20.11.1959 г.)*

Во начелото 2 од оваа декларација стои дека секое дете треба да ужива посебна заштита и со закон или други средства да му се овозможи да се развива физички, ментално, морално и општествено на здрав и морален начин и во услови на слобода и достоинство.

Според начелото 4 секое дете треба да има право да расте и да се развива во здрави услови, за таа цел на детето и на неговата мајка треба да им се пружи специјална грижа и заштита особено пред и после раѓањето. Секое дете треба да има право на адекватна исхрана, стан, разонода и лекарски услуги.

Според начелото 5 детето кое заостанува физички, ментално или социјално има посебни потреби поради што треба да ужива специјален третман, воспитание и грижа.

Според начелото 10 на оваа декларација детето треба да биде заштитено од било кој облик на дискриминација.

### 1.3.1.5. КОНВЕНЦИЈА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО
*(Резолуција бр. 44/25 на ГС на ООН од 20.11. 1989)*

Според член 2 од оваа конвенција државите членки ги признаваат правата на секое дете без разлика на расата, полот, јазикот, вероисповед, политичко или друго уверување, етничко или општествено потекло, имотната состојба, ***инвалидност***, потеклото или некоја друга состојба на детето, неговите родители или законски старатели.

Според став два од истиот член државите потписнички со прифаќање на сите потребни прописи на заштита, треба да обезбедат заштита на децата од сите присутни облици на дискриминација или казнувања.

Според член 3 сите активности во врска со децата кои се водени од страна на државните или специјални (посебни) установи за социјална заштита, судови, управни органи или законодавните тела треба да бидат во интерес на децата.

Државите потписнички според член 5 треба да обезбедат адекватно усмерување и совети на детето за почитување на неговите права на таков начин кој ќе одговара на неговите развојни можности.

Правото на живот е неотуѓиво според член 6 на оваа конвенција.

Според член 23 од оваа конвенција детето со ментален или физички хендикеп треба да ужива целосен и достоен живот, да живее во такви услови во чии рамки се гарантира неговото достоинство, се поттикнува самосвеста и се олеснува неговото активно учество во социјалната средина.

Земјите потписнички го признаваат правото на посебна грижа за децата со хендикеп, ќе ја поттикнуваат и обезбедуваат помошта за детето (кое ги исполнува условите односно има потреба од посебна нега) и за неговите родители согласно со срдствата кои се на располагање.

Уважувајки ги посебните потреби на хендикепираното дете и финансиските можности на родителите предмалку наведената помош се дава бесплатно секогаш кога тоа е можно. Покрај споменатото на детето со инвалидитет треба да му се обезбеди ефикасно образование, оспособување, ефикасна здравствена заштита и рехабилитација, припрема за работа и можности за рекреација сето тоа на начин кој ќе пружи најдобри услови за личен културен и духовен развој на детето и негово вклучување во општествената срединатa.

Државите потписнички се обврзани на меѓународна размена на информации во областа на превентивната заштита на здравјето, во медицинското, психолошкото и функционалното оздравување на хендикепираните деца, вклучувајки го ширењето и достапноста на сите информации за методите на рехабилитација, образование, оспособување и друго со цел да се помогне на земјите во развој да го збогатат нивното искуствoто од овие области, да ги развијат и подобрат способностите на овие деца, нивните вештини и слично.

Земјите потписнички на детето му го признаваат правото на највисоко ниво на здравствена заштита и медицинска рехабилитација. Државите потписнички ќе настојуваат да ни едно дете не биде лишено од правото на таква здравствена заштита.

### 1.3.1.6. СТАНДАРДНИ ПРАВИЛА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПОДЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП

*( Резолуција 48/49 усвоена од Г.С. на ООН на 20 декември 1993 )*

Политичката и морална основа на овие правила ја сочинуваат: Меѓународната повелба за човекови права; Општата декларација за човекови права; Меѓународниот договор за граѓански и политички права; Конвенција за правата на детето; Конвенцијата за елиминирање на сите облици на дискриминација спрема жените, и Светската програма на активности во корист на инвалидите.

*I. Предуслови за еднакво учество*

**Правило бр1. Подигнување на свеста**

Државите треба да превземаат активности за зголемување на свеста во општеството за лицата со хендикеп (инвалидитет), за нивните права, потреби, потенцијали и допринос.

**Правило бр2. Медицинска заштита**

Државите треба да обезбедат ефикасна здравствена заштита на лицата со инвалидитет.

**Правило бр.3. Рехабилитација**

Државите треба да обезбедат рехабилитациски услуги на лицата со инвалидитет за да го постигнат и одржат своето оптимално ниво на независност и функционирање.

**Правило бр.4. Помошни служби**

Државите треба да обезбедат развој на стручните служби за помош и услуги вклучувајки ги тука и техничките помагала за лицата со инвалидитет за да им помогне во зголемувањето на степенот на независност во нивниот секојдневен живот и остварувањето на своите права.

## *II. Области за остварување на рамноправност*

**Правило бр.5. Достапност**

Државите треба да ја прифатат универзалната важност на ***достапноста*** во процесот на изедначување на можностите во сите сфери на општеството.

За лицата со било кој вид на инвалидитет државата треба:

а) да воведе програми на активности за да ја направи достапна физичката околина

б) да преземе мерки за обезбедување пристап до информациите и комуникациите

**Правило бр. 6. Воспитание и образование**

Државата треба да го признае подеднаквото право и можност за основно, средно и факултетско образование на децата, младите и возрасните лица со инвалидитет. Државата треба да створи услови да образованието на лицата со инвалидитет биде интегрален дел од општиот образовен систем.

**Правило бр.7. Вработување**

Државите треба да го признаат правото на лицата со хендикеп на полето на вработување. Како во урбаните така и во руралните подрачја тие мораат да имаат еднакви можности за продуктивно и корисно вработување на берзата на трудот.

**Правило бр.8. Приходи и социјално осигурување**

Државата е одговорна за обезбедување на социјална сигурност и приходите на лицата со хендикеп.

**Правило бр.9. Семеен живот и личен интегритет**

Државата треба да го потикнува целосното учество на лицата со хендикеп во семејниот живот. Треба да се промовираат нивните права на личен интегритет И да обезбеди законот да не вршИ дискриминација на лицата со инвалидитет во однос на сексуалните односи, бракот и имањето на деца.

**Правило бр.10. Култура**

Државата треба да им обезбеди на лицата со хендикеп да се вклучи и да учествува во сите културни активности на рамноправно ниво.

**Правило бр.11. Рекреација и спорт**

Државата треба да преземе мерки за да обезбеди подеднаква можност на хендикепираните лица да учествуваат во спортот и рекреацијата.

**Правило бр.12. Религија**
Државата треба да ги промовира и охрабрува мерките за рамноправно учество на лицата со хендикеп во религиозниот живот на нивната заедница.

III. *Мерки за примена*

**Правило бр.13. Информации и истражувања**
Државата треба да ја има крајната одговорност за прибирање и ширење на информации за животниот стандард на лицата со хендикеп, како и за реализирање на сеобфатно истражување за сите аспекти вклучувајки ги тука и проблемите кои влијаат врз животните услови на лицата со хендикеп.
**Правило бр.14. Креирање на политиката и планирање**
Државата треба да ги вклучи лицата со хендикеп и инвалидските организации во креирањето и планирањето на политиката која се однесува на нив или влијаат на нивната економска и социјална положба.
**Правило бр.15. Законодавство**
Држават е одговорна за креирање на законските основи со кои се остваруваат целите за целосно учество и еднаквост на лицата со хендикеп.
**Правило бр.16. Економска политика**
Државите имаат финансиска одговорност за националните програми и мерки со кои се создаваат подеднакви услови за лицата со хендикеп.
**Правило бр.17. Координација на работата**
Државата е одговорна за формирање на координативни тела (комисии) како централно место каде ќе се третираат прашањата кои се однесуваат на лицата со хендикеп.
**Правило бр.18. Организации на лицата со инвалидитет**
Државата треба да го признае правото на организацијата на лицата со хендикеп да ги преставува нивните интереси на национално, регионално и локално ниво. Државата треба да ја признае советодавната улога на овие организации при донесување на акти, решенија И одлуки кои се однесуваат на лицата со хендикеп.
**Правило бр.19. Обука на персонал**
Државата е одговорна за обезбедување на соодветна обука на персонал на сите можни нивоа кој се занимава со планирањето и создавањето на програми и услуги кои се однесуваат на лицата со хендикеп.
**Правило бр.20. Надзор и проценување на програмите за лицата со хендикеп и примена на правилата на национално ниво**
Државата е одговорна за континуирана контрола и проценување на примената на националните програми И услуги кои се однесуваат на изедначувањето на можностите на лицата со хендикеп.
**Правило бр. 21. Техничка и економска соработка**
Сите држави и индустриски развиените и оние во развој се обврзани да соработуваат и да преземаат мерки за подобрување на животните услови на лицата со хендикеп во земјите во развој.
**Правило бр. 22. Меѓународна соработка**
Државите треба активно да учествуваат на меѓународно ниво во соработка за овозможување на еднакви можности за лицата со хендикеп

## 1.3.2. ПОСЕБНИ ДЕКЛАРАЦИИ ЗА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП

### 1.3.2.1. РЕЗОЛУЦИЈА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИТЕ ДЕЦА И МЛАДИНЦИ ВО РЕДОВНИТЕ ОБРАЗОВНИ СИСТЕМИ

*(Совеш на министри за образование на ЕУ, 1990 год.)*

Ова декларација е донесена со цел да се задоволат потребите на инвалидните деца и младинци за вклучување во редовните училишта. Резолуцијата ги содржи следните моменти и препораки:

1. Државите членки се сложуваат да во рамките на својата образовна политика ги зголемат напорите за вклучување на инвалидните деца и младинци кои тоа го можат во редовниот образовен систем, водејки сметка за карактерот на постоечките образовни програми.
2. Сите воспитно образовни институции мораат да бидат способни да одговорат на потребите на учениците и студентите со инвалидитет. Во таа смисла потребно е да се развива и поттикнува поврзување на семејствата, училиштата и социјалната средина со активности кои можат да се одвиваат во слободното време.
3. Работата на специјалните центри и училишта за хендикепирани деца, треба да биде дополнување на воспитно образовниот систем. Секогаш треба да се води сметка за индивидуалните потреби на децата, младите и нивните родители па затоа стручното образование мора да се заснива на дополнителните сознанија.
4. Научно стручните методи кои се применуваат во специјалните училишта за развивање на способностите на учениците со посебни образовни потреби, морат да бидат достапни и во рамките на редовните училишта.
5. За поттикнување на вклучувањето на инвалидните деца и младинци во различни насоки во редовното образование со цел да стекнат способност и самостојност, потребна е соработка на сите фактори во училиштето, припрема за работа, активности во слободното време, пружање на психолошка и медицинска помош реализација на социјални програми идр.
6. потребно е да се зголеми можноста за користење на нова технологија во комуникацијата и развојот на говорот и компјутеризација во наставата.
7. Советот на министри за образование констатирал дека за ефикасна и успешна инклузија на децата и младите со инвалидитет бара вложување на посебни напори.

## 1.3.2.2. СВЕТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ДОСТАПНОСТА И КВАЛИТЕТОТ НА ВОСПИТАНИЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

*(Саламанка, Шпанија,7-10 јуни 1994 год. УНЕСКО )*

Оваа конференција го усвои Рамковниот план за ***акција за воспитание и образование на лицата со посебни образовни потреби.*** Рамковниот план својата содржина во голема мера ја црпи од искуствата на поедини земји учеснички на самата конференција како и од повеќето резолуции, декларации, препораки и публикации на ООН и некои невладини организации а посебно од Стандардните правила за изедначување на можностите на лицата со инвалидитет.

Секое лице со инвалидитет има право на образование а неговите родители имаат неотуѓиво право да бидат прашани за мислење за обликот на образование кој во постоечките услови најдобро ќе ги задоволи потребите и желбите на нивното дете.

Основно правило на Рамковниот план е да училиштата ги прифатат сите деца без ралика на нивните физички, интелектуални, емоционални, социјални, јазички и други карактеристики.

Рамковниот план укажува на тоа дека учењето треба да се прилагодува на потребите на детето а не тоа да се прилагодува на одредени претпоставки во поглед на брзината и природата на процесот на учење.

***Рамковниот план ги повикува и поттикнува сите влади да:***

- дадат највисок политички и економски приоритет за да се подобрат образовните служби за да можат да ги опфатат сите еца без разлика на нивните разлики или потешкотии.
- Да ја креират политиката врз начелото (правилото) на инклузија односно вклучување на децата во редовните училишта освен кога за тоа постојат оправдани причини кои бараат специјално образование.
- Да развиваат демонстрациони проекти и да вршат размена со земјите кои имаат практично искуство со инклузивното образование.
- Да воспостават децентрализирани и партиципативни механизми на планирање, контрола и евалуација на образовните мерки за децата и возрасните со посебни потреби во образованието.
- Да го потикнуваат и олеснуваат учеството на родителите, локалните заедници и инвалидските организации во процесите на донесување на одлуки во врска со мерките и постапките за задоволување на посебните образовни потреби.
- Да вложат поголеми напори во постапката за рано откривање и интервенција како и за аспектите за професионалното образование во училиштата кои ги прифаќаат сите деца.

- Да системските промени, програмите во образованието и усовршувањето на службите биде усмерено кон задоволувањето на посебните образовни потреби во училиштата кои ги вклучуваат сите деца.

Со Рамковниот план се повикува мегународната заедница а посебно Унеско, УНИЦЕФ, Програмот за развој на Обединетите нации ОНДП, и Светската банка да го помогнат пристапот за заедничко образование, да го помогнат развојот на образованието на лицата со посебни образовни потреби како интегрален дел од општите образовни програми.

Се повикуваат ООН и нејзините специјализирани агенции, посебно мегународната организација на трудот (**ILO**), Светската здравствена организација **(WHO), UNESKO I UNICEF** да го зголемат својот допринос во стручната и техничка соработка, во давањето на ефикасна подршка за инклузивно образование.

Од **UNESKO** како специјализирана агенција за образование наука и култура при ООН се бара:

- Да се ангажира и да обезбеди образованието за лицата со посебни образовни потреби стане предмет на сите дискусии на тема образование за сите
- Да ја стимулира заедницата на просветни работници во правец на усовршување на наставниците за работа со лицата кои имаат посебни образовни потреби.
- Да ја стимулира заедницата на просветни работници за научно-истражувачка работа и мегусебна поврзаност на сите регионални центри за информирање и документација и да делува како центар во пропагирањето и спроведувањето на специфичните резултати.
- Да ги употребува своите фондови за реализирање на петогодишниот план 1996-2001 за да се направи проширена флексибилна програма за интегрирани училишта како и за подршка на пилот проекти во образованито на децата со посебни образовни потреби.

### 1.3.2..3. МАДРИДСКА ДЕКЛАРАЦИЈА
(*Европска Унија, март 2002 година*)

Во преамбулата на оваа декларација се истакнува дека:

- инвалидите бараат еднакви можности а не милост.
- бариерите во општеството водат кон дискриминација и општествена изолација.
- игнорирањето и заборавањето на инвалидите имаат за последица создавање и јакнење на бариерите кои ги поставува околината и ставовите што ги оневозможува инвалидите да партиципираат во општеството.
- Инвалидите ги сочинуваат различни групи на луѓе па затоа политиката која ја почитува оваа разноврсност важи за исправна. Посебно внимание општеството треба да обрне на лицата кои се изложени на двострука или повеќекратна дискриминација како што е случај со жените инвалиди; инвалидите кои припагаат на разни етнички малцинства; лицата со сложени и комбинирани пречки.
- Во колку се сака, постигнување на еднаквост за инвалидите, правото на недискриминација треба да се дополни со правото на уживање на бенифиции на мерки кои се преземаат со цел да се обезбеди нивна самосталност, интеграција и партиципација во општествениот живот.

***Визијата на Мадридската декларација се состои во следново*:**

- Од инвалиди, како предмет на сожалување, кон инвалиди како носители на правата;
- Од инвалиди со оштетување, кон инвалиди како самостојни граѓани и потрошувачи;
- Од стручњаци кои донесуваат одлуки во име на инвалидите, кон самостојно донесување на одлуки и превземање одговорности од страна на самите инвалиди за они прашања кои се однесуваат на самите нив;
- Од фокусирање на поедини хендикепи, кон елиминирање на бариерите и ревидирање на општествените норми;
- Од етикетирање на луѓе како зависни и некорисни за работа, кон нагласување на нивните способности и превземање на мерки за поттикнување на нивните активности;
- Од дизајнирање на економски и општествени процеси за малцинства, кон создавање на флексибилен свет за мнозинството;
- Од непотребната сегрегација во образованието, вработувањето и другите свери на општествениот живот кон интеграција на инвалидите во редовните текови;
- Од политика за инвалидите како проблем на поедини министерства, кон вклучување на таквата политика во вкупната одговорност на владите.

*Програма за постигнување на визијата од Мадридската декларација*

1 . Донесување на законски мерки за да се елиминираат постоечките бариери и избегнување на нови со кои можат да се суочат инвалидите со што се оневозможуваат да го постигнат нивниот потенцијал за општествена партиципација и самосталност.

2. Промената на ставовите не се остварува само со антидискриминационите закони туку и со активното залагање на целото општество вклучувајки го тука и активното учество на лицата со инвалидите во обезбедувањето на своите права.

3. На многу инвалиди им се потребни посебни услуги и помош во секојдневниот живот за да партиципираат во општествениот живот

4. Државата мора да пружи адекватна помош на семејствата со инвалидни деца или лица со сложени потреби за да ја потпомогне нивната социјална инклузија.

5. Кога станува збор за двострука дискриминација државата во превземањето на посебни мерки треба да ги вклучи и жените инвалиди кои се изложени на истата.

6. Инвалидите треба да имаат пристап до редовните здравствени, образовни, професионални и социјални служби каки и останатите граѓани.

7. Еден од основните предуслови за успешна социјална инклузија е вработувањето.Со самостојното остварување на егзистенција инвалидите ќе се спротистават на општествената изолација и ќе го промовираат своето достоинство и способност за самостоен живот.

8. Сите чекори што ги превзема државата за постигнување на еднаквост и социјална инклузија треба да бидат во соработка и согласност со релевантните инвалидски организации. Високиот степен на поврзаност на владата и инвалидските организации е основното средство за успешен напредок на еднаквите можности и социјалната партиципација на инвалидите.

## 1.3.3. ДЕКЛАРАЦИИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПОЕДИНИ ВИДОВИ НА ИНВАЛИДНОСТ

### 1.3.3.1.ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ПРАВАТА НА МЕНТАЛНО РЕТАРДИРАНИТЕ ЛИЦА

*( Резолуција 2856 од 20.12. 1971 год. на Г.С. на ООН)*

Оваа декларација објавува и повикува на национална и меѓународна акција за заштита на следните права:

1. Ментално ретардираното лице има исти права како и останатите човекови суштества
2. Ментално ретардираното лице има право на медицинска нега и физикална терапија, право на едукација, тренинг, рехабилитација и совети кои ќе му овозможат да ги развива неговите можности и способности.
3. Ментално ретардираното лице има право на економска сигурност и пристоен живот.
4.Секогаш кога е можно ментално ретардираното лице треба да живее со своето семејство. Ако институционалното згрижување е неопходно тогаш тоа треба да подсеќа на средината од која доага.
5. Ментално ретардираното лице има право на професионална помош кога тоа е потребно за да се заштити неговото здравје и интереси.
6. Ментално ретардираното лице има право на заштита од експлоатација, злоупотреба и понижување. Во колку таквото лице е обвинето за кривично дело ќе има право да учествува во постапката, согласно со степенот на утврдената деловна способност.
7. Кога ментално ретардираните лица не се во можност поради природата на нивното оштетување , да ги остварат сите нивни права консеквентно или кога мора да се ограничи некое или сите права, процедурата што ќе се применува за ограничување на правата мора да содржи децидни одредби за да се спречи било каква злоупотреба. Таквата постапка мора да се темели на социјалните можности на ментално ретардираното лице и да овозможува право на жалба до повисоките органи.

### 1.3.3.2 ДОКУМЕНТ ЗА ЛИЦАТА СО АУТИЗАМ

*( Европскиот Парламент во мај 1996 год)*

Според овој документ земјите членки на Советот на Европа во националните законодавства треба да ги имплементираат следните права за лицата со аутизам:

1. Право на лицата со аутизам да живеат независно во рамките на нивните можности;
2. Право на лицата со аутизам на една достапна, непристрасна и точна клиничка дијагноза и процена;
3. Право на лицата со аутизам на достапно и соодветно образование;

4. Право на лицата со аутизам (и нивните застапници ) да бидат вклучени во сите одлуки што влијаат на нивната иднина; желбите на поединците мора да бидат колку што е можно утврдени и почитувани;
5. Право на лицата со аутизам на достапно и прикладно сместување (населување);
6. Право на лицата со аутизам на опрема, помош и служба за подршка, потребни за да живеат целосно продуктивен живот со достоинство и независност;
7. Право на лицата со аутизам на доход или плата доволна да обезбеди адекватно храна, облека, сместување и други потреби во животот;
8. Право на лицата со аутизам да учествуваат, колку што е можно, во развојот и управувањето со службите што ја обезбедуваат нивната благосостојба;
9. Право на лицата со аутизам на соодветно сместување и грижа за нивното физичко, ментално и духовно здравје; ова вклучува обезбедување на определен триман и и давање на лекови за добро на поединецот со земање на сите заштитни мерки;
10. Право на лицата со аутизам на значајно вработување и тренинг без дискриминација или стереотипност. Тренингот и вработувањето треба да ги имаат во предвид можностите и изборот на поединецот;
11. Право на лицата со аутизам на достапност на превозот и слобода на движење;
12. Право на лицата со аутизам да учествуваат и да имаат корист од културата, забавата, рекреацијата и спортот;
13. Право на лицата со аутизам на еднаков пристап и употреба на сите средства, услуги и активности во општеството;
14. Право на лицата со аутизам на сексуални и други односи, вклучувајќи брак, без експлоатација и принуда;
15. Право на лицата со аутизам (и нивните застапници) на правно застапување и помош и целосна заштита на сите законски права;
16. Право на лицата со аутизам на ослободеност од стравот од закана за неосновано затворање во психијатриски болници или некоја друга ограничувачка институција;
17. Право на лицата со аутизам да бидат ослободени од навредлив физички третман или запоставување;
18. Право на лицата со аутизам од фармаколошка злоупотреба или погрешна употреба;
19. Право на лицата со аутизам на пристап до сите информации, содржани во нивните лични, медицински, психолошки, психијатриски и образовни досијеа.

Во документот се инсистира споменатите права да бидат регулирани и заштитени со националните законодавства на земјите потписнички а државните институции треба да вложат што повеќе напор за нивно остварување во пракса*(Трајковски В, Ајдински Љ и Спироски М., 2002.)*

### 1.3.3.3. ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ПРАВАТА НА ГРАЃАНИТЕ СО ОШТЕТЕН СЛУХ

*(Генерално собрание и VI конгрес на Светската федерација на глувите, Париз, 5. август 1971 год.)*

Меѓу другото оваа декларација укажува на тоа дека глувите лица треба да ги користат истите општи права како и останатите граѓани, врз основа на Декларацијата за човекови права, правата на децата,како и врз основа на сите документи донесени од страна на Генералното собрание на СЗО, УНЕСКО и МОТ

Правата кои произлегуваат од оваа декларација земјите треба со закон да ги заштитат како би им обезбедиле комплетна рехабилитација на лицата со оштетен слух и нивно вклучување во општествената средина.
Оваа декларација укажува на тоа дека младите луѓе со оштетен слух тереба да го искористат социјалното осигурување според специјални критериуми; за повекекратна специјалистичка рана дијагноза; бесплатни слушни апарати; слободен избор на професионално, стручно образование и високо образование.

За оваа популација треба да се обезбеди и организара образование под исти услови и квалитет како и за останатите членови на општествената заедница.

Во работата со глувите лица треба да се обезбеди и гарантира можноста за слободно испитување на сите видови на наставни методи и системи вклучувајки го правото на комуницирање и користењето на методот на тотална комуникација.

Во остварувањето на целите и потребите на глувите лица државните институции треба во соработка и помош на националните организации за глуви, да ги преземат потребните чекори за да им се помогне на овие луге да бидат самостални и независни во остварувањето на своите права и обврски како и останатите граѓани.

Според оваа декларација многу е значајно на глувите луѓе да им се даде можност да изберат соодветно занимање кое ќе им биде извор на лично задоволство и егзистенција, а такви занимања и занаети ѓи има околу 1260 кај кои сетилото за слух не е потребно.

Исто така од големо значење е на глувите лица да им се овозможи да комуницираат со останатите членови на заедницата. Одстранувањето на непосредните бариери се врши со помош на перманентно образование со слушни, графички и визуелни помагала како и со титлување на живи слики на ТВ програми и секако со отврлање на аверзијата према знаковниот јазик.

Од голема важност според оваа декларација е заедницата да ѓи признае националните организации на глувите кои со своето искуство за професионално оспособување, семејствата, општествениот и заедничкиот живот, перманентното образование и користењето на слободното време преставуваат инструменти за заштита и остварување на правата на лицата со оштетен слух.

Државите треба на овие организации да им ѓи одобрат сите законски права, инструменти и средства за да можат да им дадат морална, советодавна и материјална помош на заедниците во кои работат и живеат

глувите лица. Само на таков начин лицата со оштетен слух ќе можат да ги исполнат своите очекувања и да ја обавуваат својата работа во оптимални услови кои ќе му овозможат да го покажат својот талент стекнато искуство.

Од посебно значење е државата да обезбедува адекватни инструменти во врска со отварање на специјални институти и школи, да се негува и развива научно-стручната работа и да се врши оспособување на научностручниот кадар кој работи со оваа популација.

Исто така од посебно значење е соработката помеѓу државите и меѓународните организации во размената на искуството, информациите и иновациите во областа на сурдоаудиологијата и сурдопедагогијата.

### 1.3.3.4. ЗАКЛУЧОЦИ ОД СОВЕТУВАЊЕТО ЗА АЛТЕРНАТИВНИ ПРИСТАПИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ГЛУВИТЕ

*(УНЕСКО, Париз од 18-22.ВИ. 1984.)*

За образование и оспособување на лицата со оштетен слух посебно значење има овој меѓународен документ.

На ова советување се донесени повеќе заклучоци во врска со:
- раното откривање и интервенција, во соработка со родителите;
- јазикот и методите на работа со слушно оштетените лица
- образованието и усовршувањето на наставниците
- техничка опрема за учење на говорот и отстранување на комуникациските бариери
- препораки за меѓународна соработка

### 1.3.3.5. ПРВА РЕЗОЛУЦИЈА НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ ЗА ЗНАКОВНИОТ ЈАЗИК НА ГЛУВИТЕ ЛИЦА

*(17.јуни, 1988, OJ-C 187/236/88)*

Европскиот парламент укажува на:
- потрбата од званичното признавање на знаковниот јазик и правата на негова употреба.
- признавање на професијата преведувач на знаковен јазик
- потребата од преведување на информативните ТВ програми на знаковен јазик
- обука за знаковен јазик на лицата кои слушаат
- Да се поттикнува и промовира издавањето на речник на знаковниот јазик
- промена и усогласување на знаковниот јазик во рамките на ЕУ
- вклучување на глувите лица во одлучувањето финансиска помош за развој на глувите лица.

### 1.3.3.6. ВТОРА РЕЗОЛУЦИЈА НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ ЗА ЗНАКОВНИОТ ЈАЗИК НА ГЛУВИТЕ ЛИЦА

*(Сӣразбурī, 18 ноември, 1998)*

Парламенот на Европа ја повикува Комисијата да изготви програми кои ќе ѓи финансира ЕУ на подрачјето на образование и вработување на преведувачи на знаковен јазик.

Сите програми на ЕУ да бидат достапни за глувите лица како и да ја признае потребата од преведувач на знаковен јазик.

Го повикува Секретаријатот на ЕУ задолжително да ги запознае сите службеници со потребата и значењето на јазикот на знаците кои што директно се вклучени во работата со глувите лица.

Се повикува Секретаријатот на ЕУ, и државите членки, да на сите јавни собири организирани од ЕУ, а на кои присуствуваат и глуви лица да бидат обезбедени услуги од преведувач на знаковен јазик.

Се повикува Секретаријатот да ја разгледа можноста за донесување на прописи кои ќе овозможат преведување на знаковен јазик или титлување на вестите и програмите оп општ и културен интерес.

Се повикува Секретаријатот на ЕУ да донесе предлог на закон за да се добие согласност да текстовите бидат прилагодени според можностите за разбирање на глувите лица.

Се повикува Секретаријатот на ЕУ да воведе мерки за да се обезбеди единствена конструкција на мултимедиска апликација со што глувите лица нема да бидат исклучени од новите примени.

Да се покрене иницијатива за студии за аудио-визуелни услуги на глувите лица.

Да се проследи ова резолуција до Собранието на ЕУ, до владите и парламентите на државите членки, како и до сите органи одговорни кои ѓи застапуваат лицата со оштетен слух.

# 2. ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

## 2.1. Цели на истражувањето:

*Општа цел:*

Да се прикаже номенклатурата на меѓународните документи со соодветните соодржини за обезбедување на општествена грижа за лицата со хендикеп и нивно имплементирње во националното законодавство.

*Посебни цели:*

а) Да се утврди степенот на усогласеност на националната заштита и рехабилитација на лицата со хендикеп со меѓународните документи
б) Да се даде преглед на правата на лицата со хендикеп кои произлегуваат од националното законодавство
ц) Да се утврдат пречките кои ја отежнуваат интеграцијата на лицата со хендикеп.
d) Да се утврди потребата за менување и дополнување на законската регулатива.

## 2.2. Задачи на истражувањето:

а) Да се изврши анализа на содржината на меѓународна легислатива која се однесува на лицата со хендикеп
б) Да се изврши анализа на содржината на националните закони и подзаконските акти кои се однесуваат на лицата со хендикеп
в) Да се направи анализа на правните прописи во Република Словенија кои се однесуваат на лицата со хендикеп
г) Да се испита мислењето и ставовите на релевантните фактори ( пратениците; советниците во Кабинетот на Претседателот; стручните служби во Министерствата за образование и наука; Министерството за здравство; Министерството за труд и социјална политика и др ) во однос на Националната стратегија за изедначување на можностите на лицата со хендикеп
д) Да се испита мислењето на дефектолозите и другите стручни лица за проблемите во интеграцијата на лицата со хендикеп.

## 2.3. Хипотези на истражувањето

1. Меѓународни документи не се целосно имплементирани во националното законодавство.

2. Постои мислење дека правните одредби кои се однесуваат на лицата со хендикеп не целосно се имплементираат во практиката.

3. Постоечката законска регулатива не овозможува ефикасна социјална интеграција

4. Кај испитаниците преовладува мислењето дека Националната стратегија за изедначување на можностите на лицата со хендикеп не се реализира во пракса.

5. Постојат разлики во правата на лицата со хендикеп во Република Македонија и Република Словенија.

6. Кај сите три групи на испитаници постои мислење дека јавните објекти (пошти, банки, училишта, аптеки, самопослуги и др.) не се достапни за хендикипираните лица.

7. Се претпоставува дека државата не превзема доволно мерки и активности за даночни ослободувања и олеснувања.

8. Се претпоставува дека во РМ недостига координација помеѓу надлежните институции и невладиниот сектор во изготвувањето на законската регулатива која се однесува на лицата со хендикеп.

9. Постои мислење дека електронските медиуми треба законски да се обврзат да ги титлуваат или преведуваат на знаковен јазик дневните вести кои се однесуваат на животниот стандард, здравјето, вработувањето и сл.

10. Постои мислење дека државата треба да одвојува повеќе средства за културно-забавен и спортски живот на хендикепираните.

## 2.4. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 2.4.1. Примерок

Во истражувањето се користени три примероци и тоа:

1. Релевантните фактори кои ја креираат политиката на заштита и рехабилитација на лицата со хендикеп ( пратениците во Собранието на РМ, стручните служби од Министерството за образование и наука; Министерството за труд и социјална политика; Министерството за здравство.
2. Дефектолози и други стручни лица кои директно или индиректно работат со лицата со хендикеп
3. Хендикепирани лица или членови на нивните семејства .

### 2.4.2. Методи, техники и инструменти на истражувањето

#### *2.4.2.1.Методи:*

Во истражувањето ќе се користи дескриптивниот метод како и методот на теоретска анализа и компарација, со цел опишување на правата на лицата со хендикеп кои произлегуваат од Уставот и националното законадавство на Република Македонија како и на Р.Словенија

#### *2.4.2.2.. Техники на истражување:*

*а) Анализа на содржина на готови документи*

Оваа техника е основна постапка во собирањето на податоците од истражувањето. Со анализа на содржината на повеке документи и национални законски прописи ќе се добијат податоци за правата на лицата со хендикеп предвидени во меѓународните документи, во националната легислатива кај нас и во Република Словенија.

*б) Анкетирање*

*Анкетирањето како постапка за собирање на податоци* ќе биде анонимно, направено со помош на три вида анкетни листови наменети за:

- релевантните фактори кои ја креираат политиката на заштита и рехабилитација на лицата со хендикеп
- за дефектолози и други стручњаци кои директно или индиректно работат со хендикепирани лица
- за лицата со хендикеп и членовите на нивните семејства.

Анкетните листови се составени од прашања од затворен тип со можност испитаникот на крајот од анкетниот прашалник да даде свој предлог кој е од интерес за хенсикепираните.

*в) Интервју*

Оваа постапка на собирање на податоци во истражувањето ќе ја примениме кај оние лица кои не се во состојба сами да го пополнат анкетниот лист. Интервјуто ќе биде директно од затворен тип со однапред прецизно формулирани прашања односно ќе има карактер на устен облик на анкетирање.

### 2.4.2.3. Инструменти на истражување:

- Евидентни листови за анализа на готова документација
- Анкетни листови
- Протокол на интервју

### 2.4.2.4. Обработка на податоците

Во истражувањето е применета квантитативна и квалитативна обработка на податоците. Квалитативната анализа е користена за да се дојде до општата и основна смисла на пораката односно информациите што ни ги пренесуваат документите, додека квантитативната анализа ја применивме при обработка на мерливите пдатоци со стандарден статистички програм **SPSS 7.5 verzion for Windows.**

Од статистичката анализа на податоците користени се следните методи:
- мерки на централна тенденција и варијабилитет;
- анализа на варијанса
- коефициент на корелација
- непараметриски Колмогоров-Смирнов тест кај асиметрична статистичка дистрибуција

Резултатите од ова истражување се презентирани на текстуален, графички и табеларен начин.

# 3. ИНТЕРПЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Во дескриптивниот дел од трудот ќе направиме преглед на правата и правните прописи кои се однесуваат на лицта со хендикеп во Република Македонија и Република Словенија.

## 3.1. ПРЕГЛЕД НА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Правата на лицата со хендикеп од областа на здравствената, социјалната и детската заштита, образованието, оспособувањето и вработувањето произлегуваат и се темелат врз основа на меѓународните резолуции, конвенции и декларации што се прифатени од Република Македонија како членка на ООН но пред се од Уставот на РМ.

### 3.1.1. Устав на Република Македонија

Според член 35 од Уставот Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност. Републиката им го гарантира правото на помош на немоќните и неспособните за работа граѓани.

Републиката обезбедува посебна заштита за инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

### 3.1.2. ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

(*Собрание на РМ, 23.07.2003 г.*)

Собранието на Република Македонија:

1. Ѓи подржува сите иницијативи и активности насочени кон подигање на свеста на граѓаните за правата, потребите, потенцијалите и предностите на лицата со посебни потреби (лица со инвалидитет)

2. Оценува дека е неопходно надлежните државни органи, следејки ѓи меѓународните стандарди, да преземат мерки и активности заради создавање услови за достапна физичка околина и обезбедување на пристап кон комуникации и информации, за ефективна и достапна здравствена и социјална заштита, за унапредување на процесот на образование, како и за продуктивно вработување на лицата со посебни потреби, со цел за нивно вклучување во сите сегмети на општествениот живот.

3. Особено ќе се залага при донесувањето на законите и другите акти да вгради одредби со кои ќе се уредат прашањата кои се однесуваат на специфичните потреби на лицата со хендикеп, посебно преку донесување на закони кои ќе се однесуваат само на овие лица.

Исто така, Собранието ќе настојува да го забрза процесот на хармонизирање на законодавството на Република Македонија со меѓународните акти и стандарди во областа на правата на лицата со посебни потреби (хендикеп ).

4. Ја истакнува потребата од вклучување на организациите на лицата со хендикеп при донесувањето на законите и другите акти, што е од особено значење за унапредување и заштита на лицата со посебни потреби.

## 3.1.3. ПРАВА НА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

**Права од Законот за социјална заштита**
*(Сл. весник на РМ бр. 50/97 и 16/2000)*

Законот за социјална заштита како корисници на примарна социјална заштита ѓи определува меѓу другото, и лицата со хендикеп односно инвалидност.

Сите права кои произлегуваат од овој закон целосно или во определени свои сегменти се однесуваат и на лицата со хендикеп (инвалидитет). Меѓу другото со овој закон се предвидени некои права исклучиво за лицата со хендикеп односно со инвалидитет.

Социјалната заштита е организирана дејност од страна на државата за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот, семејството и групи на население во текот на животот.

Овој закон под социјален ризик подразбира:

- Ризици по здравјето ( болест, повреда и инвалидност);
- Ризици на стареење (старост и преживување);
- Ризици на мајчинство и семејство;
- Ризици од невработеност и неадаптираност и
- Ризици од неадаптираност кон социјалната средина.

Според овој закон лицата со инвалидитет можат да користат права како во рамките на вонинституционалната така и во рамките на институционалната заштита.

*1.)Облици на вонинституционалната заштита се:*

- Прва социјална услуга на корисниците на социјална заштита
- Помош на поединец;
- Помош на семејство;
- Домашна нега и помош на поединец и на семејство;
- Дневно згрижување како помош на поединец и семејство и
- Сместување во друго семејство

***Правото на прва социјална услуга** (чл.11)* на корисниците на социјалната заштита се состои во давањето на совет, информирање и оспособување за самостојно одлучување, зачувување и развој на социјалните потенцијали.

Правото на помош на поединец и семејство *(чл. 12 и 13)* подразбира примена на адекватни форми на стручна, советодавна и работа во советувалиште со цел да се активираат постоечките потенцијали и да се овозможи семејството нормално да функционира. Членовите на семејството што имаат хендикепирано дете, треба да се обратат во советувалиштето за брак и семејство каде што ќе бидат информирани за посебните образовни и социјални потреби на детето и за нивна соработка се со цел полесно совладување на тешкотиите што ја оневозможуваат неговата социјалната интеграција.

***Право на домашна нега и помош*** има секое лице со инвалидитет што не е во состојба да ги задоволува своите основни биолошки и социјални потреби.

***Право на дневно згрижување*** како вонинституционална форма на заштита имаат: старите изнемоштени лица, инвалидните лица кои не се во состојба да се грижат за себе како и лицата со умерени и тешки пречки во психичкиот развој.

Право на дневно згрижување имаат и деца инвалиди заради полесно вклучување во општествената средина.
Ова право се состои во обезбедување на храна, дневен престој, културно забавен живот, одржување на хигиена и слично (дневните центри за ова намена се од огромно значење но во државата ги има недоволно).

***Правото на сместување во друго семејство*** меѓу другите корисници можат да го користат и лицата со умерени и тешки пречки во психичкиот развој упатени на оспособување за работно производна активност. Таквото право важи и за телесно инвалидните лица на кои им е потребно трајно згрижување и нега. Старите лица, возрасните инвалидни лица и лицата со пречки во психичкиот развој кои не се способни сами да ги задоволуваат своите животни потреби исто така можат да го користат ова право. *Оваа форма на вонинституционална заштита се актуелизира со проектот за деинституционализација на лицата со пречки во развојот.* Денес повеке од 40 деца со инвалидност се сместени во дом семејство откако претходно биле опфатени со рехабилитациски третман од стручниот тим на проектот *(Р. Петров, 2002).*

*2) Права на институционална заштита*

За лицата со хендикеп се предвидени следните институционални права на социјална заштита:

- Право на оспособување за работна производна активност
- Право на сместување во установа за социјална заштита

Според член 18 право на оспособување за работна производна активност имаат лицата со умерени и тешки пречки во психичкиот развој.

Ова право подразбира упатување во социјално заштитна установа, надоместок на трошоци за сместување и исхрана, надоместок на трошоци за оспособување на работнопроизводствена активност каки и надоместок на трошоците за превоз.

Во работно оспособување можат да се вклучат само оние лица што имаат наод и мислење од органот надлежен за оцена на специфичните потреби на децата и младите со пречки во развојот.

Правото на сместување во социјално заштитна установа имаат лицата кои немаат соодветни услови на живеење во своето семејство или од други причини им е потребно сместување во установа за социјална заштита.

Право на сместување во таква установа имаат:

- деца без родители и родителска грижа (додека не се оспособат за самостоен живот, односно до завршување на средно образование);
- дете со социјално воспитни проблеми;
- дете со нарушено општествено поведение;
- бремена жена еден месец пред породување и самохран родител кој има дете до три месечна возраст;
- *старо изнемоштено лице, возрасно инвалидно лице и лица со пречки во психичкиот развој кои не се способни сами да ги задоволуваат своите животни потреби а поради семејно материјалните прилики не може да се примени друг облик на заштита;*
- *лица со умерени и тешки пречки во психичкиот развој упатени на оспособување за работна- производна активност;*
- *лицата со длабока ментална ретардација и*
- *телесно инвалидните лица неспособни за самостоен живот.*

Право на ***Социјална помош*** опфаќа:

- постојана парична помош за ***лицата кои се неспособни за работа*** и социјално необезбедените лица;
- социјална парична помош за лица способни за работа и за лица кои се социјално необезбедени;
- ***паричен надоместок за помош и нега;***
- право на здравствена заштита;

- ***надоместок на плата за скратено работно време поради нега на хендикепирано дете;***
- еднократна парична помош или помош во натура и
- право на домување.

***Право на постојана парична помош*** според овој закон има лице *кое е неспособно за работа* и социјално е необезбедено а неможе да обезбеди егзистенција врз основа на други прописи.

Неспособни за работа според член 22 од овој закон се лицата со:

- умерени,тешки и најтешки пречки во психичкиот развој и лица со други пречки во развот, кои поради степенот на оштетувањето не может да се стекнат со образование,
- лицата кои по развојниот период се стекнале со инвалидитет, поради што се неспособни за работа.

Неспособноста за работа ја утврдува стручен орган кој врши оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во психичкиот или физичкиот развој кај лицата до 26 годишна возраст. Кога се работи за лице постаро од 26 години работната способност ја утврдува стручен орган на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Право на ***паричен надоместок за помош и нега од друго лице*** имаат лицата кои не можат да ги задоволат своите основни биолошки и социјални потреби, односно лицата кои се неподвижни, потполно слепи, болни од нервномускулни заболувања, церебрална или детска парализа, параплегија како и дете со тешки и најтешки пречки во психичкиот развој над 26 годишна возраст. Висината на паричниот надомест изнесува 30% од просечната плата во нестопанството во последните три месеци.

***Право на здравствена заштита*** имаат лицата кои се корисници на постојана парична помош, лицата сместени во друго семејство и во установите за социјална заштита како и корисниците на паричен надомест за помош и нега ако не можат да се осигурат по друга основа.

***Правото на надомест на плата за скратено работно време поради нега на потешко хендикепирано дете*** утврдено со Закон за работни односи се остварува во Центарот за социјална работа. Висината на надоместокот изнесува 30% од просечната плата во нестопанството во последните три месеци.

Законот за социјална заштита овозможува ***правото на домување за социјално загрозените лица.***

Под социјално загрозени или стамбено необезбедени лица се сметаат корисниците на постојана парична помош кои предмалку ги споменавме како и лицата без родители и родителска грижа.

За лицето кое ќе смести три или повеќе деца без родители и родителска грижа, две или повеќе деца со социо-воспитни проблеми или со ***пречки во развојот (инвалидитет),*** законот овозможува врз основа на договор да заснова работен однос на определено време со Центарот за социјална работа.

За лицата со умерени и тешки пречки во психичкиот развој законот обезбедува дневно згрижување во дневни центри во кои е организирана работна терапија како и оспособување за работна и производна активност.

Институционалната социјална заштита ја остваруваат:

- установите за сместување на деца и младинци со пречки во психичкиот развој;
- установи за сместување на деца и младинци со телесна инвалидност
- установи за сместување на стари и возрасни инвалидни лица.

Установите за сместување на деца и младинци со умерени и тешки пречки во психичкиот развој обезбедуваат опсервација, тртман, воспитание и образование, работно оспособување, сместување и здравствена заштита. Покрај споменатото установата е обврзана да организира културно забавни и спортски активности во зависност од потребите и можностите на оваа категорија на хендикепирани лица.

За деца, младинци и возрасни со најтешки пречки во психичкиот развој постојат установи кои обезбедуваат сместување, згрижување, рехабилитација и здравствена заштита.

За деца и младинци со телесна инвалидност во Р.Македонија се обезбедува сместување, исхрана, нега и грижа во посебни установи се до нивно оспособување за самостоен живот и работа. Овие установи се должни на овие деца и младинци да им организираат основно и средно образование, стручна помош за совладување на образовните содржини, различни облици на работни активности како и примарна здравствена заштита. Во колку државата има потреба а установата располага со соодветни услови тогаш може да се организира одделение и за возрасни инвалидни лица во истите установи.

За возрасни инвалидни лица како и за лицата кои се трајно и целосно неспособни за работа поради инвалидноста се обезбедува сместување, здравствена заштита, културно-забавни и рекреативни активности во согласност со нивните способности.

Исто така и за возрасните лица со умерени и тешки пречки во психичкиот развој се обезбедува сместување, здравствена заштита, работна и окупациона терапија во согласност со нивните способности.

Остварувањето на овие права се реализира врз основа на наод и мислење за видот и степенот на попреченоста (оштетувањето) како и оцената за специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој од страна на стручен орган кој прави листа на специфични потреби (која се уште не е изготвена) во согласност со

Законот за социјална заштита, Законот за здравствена заштита, Законот за детска заштита, закон за вработување и осигурување во случај на невработеност како и со законите од областа на образованието. Овие мерки се регулирани со Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој *(Сл. весник на РМ, бр. 39/2000)*

**Одредби од Законот за заштита на децата**
*(Сл. весник на РМ, бр. 98/2000)*

За дете според овој закон се смета секое лице до наполнети 18 години живот, како и лице со пречки во физичкиот и психичкиот развој до наполнети 26 години.

Со овој закон се забранува психичко или физичко малтретирање, казнување или друго нечовечко постапување или злоупотреба на деца.

За децата со специфични потреби кои имаат физички или или психички пречки или комбинирани пречки во развојот до 26 годишна возраст државата обезбедува посебен додаток во форма на паричен надоместок. Наод и мислење за остварување на овој додаток дава стручен орган за оцена на специфичните потреби.

Корисници на ова право се наведени на страна бр. 8

Право на *посебен додаток* има еден од родителите на детето со постојано место на живеење во РМ, ако е детето државјанин на РМ со постојано место на живеење во РМ до наполнети 26 години живот, доколку не е институционално згрижено на терет на државата.

Во зависност од видот и степенот на оштетувањето Законот за детска заштита овозможува детските градинки да организираат згрижување и воспитание на *децата со пречки во физичкиот или психичкиот развој.*

За оваа категорија на деца може да се организира згрижување и воспитание и во посебни групи според посебни програми.

Заради полесно релизирање на грижата и воспитниот процес бројот на децата со пречки во развојот во групата изнесува од 5-8 деца.

За децата со специфични потреби кои имаат физички или психички пречки во развојот се организираат забавишни групи во основните училишта.

Исто така за децата со специфични потреби се организира одмор и рекреација според посебни програми.

### 3.1.4. ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА ВОСПИТАНИЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО

Овие права на лицата со хендикеп се регулирани со Законот за основно образование - пречистен текст *( Сл. весник на РМ бр. 52/2002)*, Законот за средно образование *(Сл.весник на РМ, бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97 и 82/99)* и Законот за високо образование *(сл. весник на РМ бр. 64/2000)*

Во Р.Македонија се организира и остварува воспитно образовна дејност и за учениците со посебни образовни потреби со помош на посебни наставни планови и програми.

Ученикот со посебни образовни потреби има право на бесплатен превоз. Доколку не може да се обезбеди превоз, ученикот има право на бесплатно сместување и исхрана во ученички дом или во друго семејство (за учениците со посебни образовни потреби сместување и исхрана е обезбедено во ПОУ " Св. Климент Охридски" во Ново Село - Струмица и "Маца Овчарова" во Велес).

Според Правилникот за критериумите и начинот на остварување на основното образование на учениците со печки во развојот (*Сл. весник на РМ, бр.27/1996 ) децата со посебни образовни потреби можат да се вклучат и во редовните училишта* но не повеќе од два ученика во паралелка. Бројот на учениците во паралелката се намалува за три ученика на едно вклучено дете со посебни образовни потреби.

**Средното образование** за лицата со хендикеп се остварува со посебни наставни планови и програми.

Р.Македонија за учениците со посебни образовни потреби организира и остварува средно стручно образование во посебните средни училишта каде што овие ученици се едуцираат за соодветни занимања или за работно оспособување.

Во средното образование за хендикепирани ученици се вклучуваат ученици кои се категоризирани и евидентирани според видот и степенот на (оштетувањето) пречките во развојот од страна на надлежен стручен орган.

**Законот за високото образование**, на студентите, докторантите и специјализантите без родители, ***слепи, глуви, инвалиди од прва и втора категорија***, мајки со деца до шест години возраст и хоспитализираните им дава посебни погодности утврдени со статутот на високообразовната институција.

## 3.1.5. ВРАБОТУВАЊЕ И ОСИГУРУВАЊЕ

**Одредби од Заонот за вработување на нвалидни лица**
(*Сл. весник на РМ, бр. 44/2000*);

Република Македонија со цел да обезбеди подобри услови за вклучување на инвалидните лица во општествениот живот односно вработување и самостојно остварување на егзистенција го донесе Законот за вработување на нвалидни лица.

За инвалидно лице според овој закон се смета лице чија инвалидност е утврдена од надлежен стручен орган.

За вработување и работење на инвалидните лица постојат посебни услови и погодности:

- Создавање услови за работење и прилагодување на работното место;
- Ослободување од даноци и обезбедување на средства и придонеси и
- Финансиска подршка во работењето

При вработувањето на инвалидното лице работодавецот е должен да создаде соодветни услови за работење и адптација на работното место во зависност од видот и степенот на стручната подготовка и видот и степенот на оштетувањето на хендикепираното лице.

Трошоците во врска со создавањето на условите за работа и адаптацијата на работното место пагаат на товар на посебен Фонд за обезбедување услови за вработување и работење на инвалидни лица.

Хендикепираното лице кое самостојно врши професија или дејност има исто така право на надоместок за таквите трошоци.

Вработеното инвалидно лице со оштетен вид, слух, телесно инвалидните лица, лицата со пречки во психичкиот развој, лицата со комбинирани пречки и лицата со психози на кои заради видот и степенот на оштетувањето им е утврдена специфична потреба при работњењето се ослободуваат од плаќање на персонален данок од доход.

Работодавците кои имаат вработено инвалидни лица се ослободени од плаќање на: придонес за здравствено осигурување, придонес за пензиско и инвалидско осигурување како и придонес за вработување. Средствата за оваа намена се обезбедуваат од Буџетот на РМ.

Заштитните друштва се ослободени од плаќање на данок од добивка и сите давачки од добивката.

Вработените во заштитните друштва кои немаат инвалидност се ослободени од персонален данок на доход како и од придонесот за пензиско и инвалидско осигурување. Овие средства ги покрива исто така буџетот на РМ.

Кога инвалидното лице не е оспособено да ги врши соодветни работи работодавецот го упатува на работно оспособување.

Невработеното инвалидно лице на работно оспособување го упатува Заводот за вработување.

Средствата потребни за ова оспособување ги покрива Посебниот фонд.

**Одредби од Законот за работни односи**
*(Сл. весник на РМ, бр. 80/93, 3/94, 14/95, 53/97, 21/98, 25/2000)*

Инвалидното лице заснова работен однос на начин и под услови утврдени со овој закон, ако со друг закон не е поинаку регулирано.

Со колективен договор работодавецот е должен да ги обезбеди потребните услови за безбедна работа, да ги утврди работните места на кои постои зголемена опасност од повреди и заболувања, условите што треба да ги исполнуваат работниците кои ги обавуваат работите на тие работни места, како и да изврши осигурување што произлегува од закон.

Самохран родител кој има ***тешко хендикепирано дете*** само врз основа на негова писмена согласност може да работи подолго време од полното работно време.

Еден од родителите на ***потешко хендикепирано дете*** има право да работи со половина од полното работно време, ако двајцата родители се во работен однос или ако родителот е самохран, врз основа на наод и мислење од лекарска комисија но под услов детето да не е институционално згрижено.

Родителот има право на ***надомест на плата за скратено работно време*** што се добива според прописите за социјална заштита.

Инвалидите на трудот според овој закон ги имаат следните права:

- право на скратено работно време;
- распоредување на друга содветна работа;
- преквалификација или доквалификација и
- право на соодветен паричен надоместок во врска со користење на споменатите права.

Во согласнот со прописите за работник со изменета работна способност и работник кој изведува работи на кои постои опасност од настапување на инвалидитет работникот има право на распоредување на соодветно работно место.

**Одредби од Законот за вработување и осигурување во случај на невработесност** *(службен весник на Р.М., број 37/97 и 25/2000)*

Според овој закон државата треба да обезбеди посебни услови за вработување на невработени инвалидни лица.

Советувањето на работодавците за вработување на невработени лица опфаќа:

- услуга на работодавецот за можностите, условите и начинот на обезбедување на поволности за вработување на инвалидни лица,
- услуга на работодавецот во обезбедување на потребите од вработување со пребарување во евиденцијата на невработени инвалидни лица.

**Одредби од Законот за заштита при работа**
*(Службен весник на Р.М. бр. 13/98)*

Со овој закон се уредуваат мерки средства и методи за создавање на безбедносни услови за работа.

Со примена на современи техничко-технолошки, правни, социјални, здравствени и други мерки и средства се обезбедува:

- уредување и опремување на работните простории заради елиминирање на потенцијалните опасности од заболување и телесни повреди на работниците при работа;
- ограничување на употребата на штетни и опасни материи кои можат да предизвикаат професионални заболувања или повреди при работа.

Работниците кои работат под посебни услови на работа подлежат на предходни периодични здравствени прегледи.

За работни места со посебни услови на работа во смисла на овој закон се сметаат: работните места на кои постои зголемен ризик и опасност од повреди, професионални заболувања и оштетување на здравјето на работниците и тн.

**Одредби од Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност**
*(Службен весник на Р.М. бр. 39/94 и 16/96)*

Според овој договор работодавецот не може да распореди од едно на друго место, надвор од седиштето на работодавецот...... инвалид односно родител на потешко хендикепирано дете кој поради тоа работи со скратено работно време, спротивно на договорот за работа.

Работодавецот има обврска на инвалидот на трудот, на работникот со изменета работна способност и на работник кој работи на работно место на кое постои опасност од настанување на инвалидитет, да му обезбеди работно место со остварување на правата од работен однос кои ги имал на работнот место пред да настане случајот.

Работникот со намалена работна способност (инвалид на трудот) кој е распореден на друго работно место по тој основ не може да добива плата пониска од платата што ја имал пред распоредувањето.

Во случај на економски, технолошки, структурални и слични промени предност да го задржат работното место имаат: ***инвалидите на трудот и работници со професионално заболување.***

**Одредби од Општиот колективен договор за стопанството на Р.М.**
*(Службен весник на Р.М. бр. 29/94, 16/96 и 45/2000)*

Работникот со изменета работна способност и работникот кој работи на работно место на кое постои опасност од настанување на инвалидитет имаат право на распоредување на соодветно работно место под условите утврдени со колективниот договор.

Работодавецот е обврзан инвалидите на трудот односно работниците со изменета работна способност да ги распореди на соодветно работно место во рок од 15 дена по утврдувањето на состојбата.

Според овој колективен договор работодавецот не може лице со инвалидност и родител на потешко хендикепирано дете кој поради тоа работи со скратено работно време да ѓи распореди од едно на друго место, надвор од седиштето на работодавецот.

**Одредби од Законот за пензиско и инвалидско осигурување**
*(службен весник на Р.М. број 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 24/97, 25/97,32/97, 49/97, 24/2000)*

Со задолжително пензиско и инвалидско осигурување по основа на работа, а врз начелата на социјална праведност се остваруваат права во случај на старост, **намалување или губење на работната способност**, смрт и **телесно оштетување.**

Права од пензиско и инвалидско осигурување се:
1. право на инвалидска пензија и
2. право на паричен надоместок за телесно оштетување.

Меѓу осигурениците со задолжително пензиско и инвалидско осигурување се вбројуваат и ***инвалидите*** на трудот за време на чекање, упатување, за време на преквалификација или доквалификација како и за време на чекање на распоредување на друго соодветно работно место.

Преостаната работна способност во смисла на овој закон постои кај осигуреникот кај кого е утврдено намалување на работната способност и може да работи најмалку половина од полното работно време на работнот место на кое работел пред настанувањето на инвалидноста или може да работи полно работно време на друго работно место, со или без преквалификација или доквалификација.

Загубена работна способност постои кога осигуреникот е потполно и трајно неспособен за вршење на својата работа и друга соодветна работа и кој не може со преквалификација или доквалификација да се оспособи за друга соодветна работа со полно работно време.

Повреда при работа според овој закон имаме кога повредата на осигуреникот е причинета со непосредно и краткотрајно механичко, физичко или хемиско дејство, како и повредата причинета со нагли промени на положбата на телото, ненадејно оптоварување на телото или

со други промени на физиолошката промена на организмот, ако таквата повреда причински е врзана со вршењето на работите на работното место.

За инвалид на трудот во смисла на овој закон се смета осигуреникот кој врз основа на инвалидитет ги остварува правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Осигуреникот кај кого постои преостаната работна способност има право на:

- работа со скратено работно време;
- распоредување односно вработување на друга соодветна работа и
- преквалификација или доквалификација.

Осигуреникот со преостаната работна способност за кого е утврдено дека не е способен за работа со полно работно време на својата работа или на друга соодветна работа со или без преквалификација или доквалификација, има право да работи на својата работа или на друга соодветна работа со работно време кое одговара на неговата преостаната работна способност, но не помалку од половината од полното работно време.

Осигуреникот со преостаната работна способност за кого е утврдено дека не е способен да ја врши својата работа со полно ниту со помалку од полното работно време, а е способен да врши друга соодветна работа со полно работно време има право на распоредување на друго соодветно работно место. Распоредувањето може да се направи и на работно место за кое се бара пониска стручна подготовка од онаа што ја има осигуреникот.

Осигуреникот со преостаната работна способност за кого е утврдено дека не е способен за работа со полно работно време на својата работа или на друга соодветна работа има право на преквалификација или доквалификација, ако без тоа не може да се распореди на други работни места со полно работно време и ако според состојбата на инвалидноста може да се оспособи за друга соодветна работа.

Овој закон на осигуреникот со преостаната работна способност му обезбедува право на надоместок:

1. на плата од денот на настанувањето на инвалидитетот до денот на распоредувањето или вработувањето на друга соодветна работа, односно до упатување на преквалификација или доквалификација;
2. на плата за време на преквалификацијата или доквалификацијата;
3. на плата од денот на завршената преквалификација или доквалификација до денот на распоредувањето, односно вработувањето на друго соодветно работно место;
4. на плата поради работа со скратено работно време и
5. поради помалата плата на друго работно место.

Осигуреникот кај кого е утврдено губењето на работната способност, како и осигуреникот со преостаната работна способност кој поради хронолошката возраст не може со преквалификација или

доквалификација да се оспособи за вршење на друга соодветна работа стекнува право на инвалидска пензија.

На корисникот на инвалидна пензија на кого пензијата изнесува помалку од 80% од пензиската основа му припаѓа и додаток на инвалидност.

Меѓу корисниците на правото на семејна пензија е и *детето кое е неспособно за работа*, а таквата неспособност настанала пред смртта на осигуреникот или една година по смртта на корисникот на пензијата. Ако во текот на користењето на правото на семејна пензија детето стане трајно неспособно за работа го задржува правото на семејна пензија.

Детето со инвалидитет има право на семејна пензија по престанокот на работниот однос.

Како неспособност за работа врз основа на која се остварува право на семејна пензија кај децата се смета неспособноста за самостоен живот и работа, а кај другите лица постоење на загубена работна способност.

Телесно оштетување во смисла на овој закон постои кога кај осигуреникот ќе настане губење, оштетување или значителна онеспособеност на одделни органи или делови од телото што ја отежнува нормалната активност на организмот и бара поголеми напори во осварувањето на животните потреби, без разлика на тоа дали причинува или не причинува инвалидитет.

Во колку телесното оштетување настане за време на траењето на осигурувањето осигуреникот се здобива со право на паричен надоместок за телесно оштетување.

Надоместокот за телесно оштетување осигуреникот го стекнува независно од тоа дали користи и некое друго право од пензиското и инвалидското осигурување.

Во стаж на осигурување се пресметува и времето што осигуреникот го поминал на професионална рехабилитација, односно на преквалификација или доквалификација на која бил упатен како инвалид на трудот, како воен инвалид, како слеп, лице заболено од дистрофија и други невромускулни заболувања, од параплегија, церебрална и детска парализа и мултиплекс склероза или како цивилен инвалид од војната, без оглед на тоа дали пред тоа бил осигуран.

Во стаж на осигурување се смета и времето поминато во чекање или вршење на професионална рехабилитација, преквалификација или доквалификација како и чекање на соодветно вработување.

Организациите за професионална рехабилитација и вработување на инвалиди за вработените инвалиди не плаќаат придонес за пензиско и инвалидско осигурување.

До утврдувањето на правото на надоместок на трошоците за сместување и исхрана на децата со пречки во развојот, детето на корисникот на семејната пензија има право на надоместок на трошоците за сместување и исхрана за време на стручно, односно работно оспособување.

## 3.1.6. ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА И ОСИГУРУВАЊЕ

**Одредби од Законот за здравствено осигурување**
*(Службен весник на Р.М. бр. 25/2000 и 96/2000, 50/2001, 11/2002 и 31/2003)*

Децата на осигуреникот се здравствено осигурани во случаевите: ако се или станат неспособни за самостоен живот и работа според прописите на пензиското и инвалидското осигурување, односно според прописите за социјална заштита, ако осигуреникот ги издржува за сето време додека трае таквата неспособност.

Основни здравствени услуги кои се однесуваат на лицата со хендикеп според овој закон се: протези, ортопедски и други помагала, помошни и санитетски справи и материјали итн.

Осигурените лица партиципираат до 50% од утврдената цена на протезите, ортопедските и другите помагала, санитетските средства итн.

Од таквата партиципација се ослободени: душевно болните лица сместени во психијатриски болници и ***менталнo ретардираните лица*** без родителска грижа.

Од партиципација се ослободуваат и осигурените лица кои имаат потреба од протези за долни и горни екстремитети, инвалидска количка, слушни протези и ортоптички помагала.

Средства за учеството на осигурените лица во цената на здравствените услуги и лековите за лицата кои се душевно болни, параплегичари и други се обезбедуваат од посебни програми утврдени со Одлука за висината на учеството на осигурените лица во цените на здравствените услуги објавена во Сл. весник на РМ бр.1/2001година.

Според Законот за здравствена заштита ако во текот на лекувањето настанат трајни последици, односно инвалидност , корисникот или неговото семејство има право да изврши проверка на стручната работа во поглед на здравствената услуга што му е укажана.

**Одрдби од Правилникот за индикации за остварување на право на ортопедски и други помагала**
*(Сл. Весник на РМ бр. 111/2000).*

Со овој правилник се регулира правото на протези, ортопедски и други помагала, помошни и санитетски справи, материјали и заботехнички средства, начинот на остварување како и висината на учеството на осигурените лица во цената на тие помагала.

**Ортопедски помагала**

Осигуреното лице остварува право на протеза за рака или за нога, во случај кога му недостасува дел или цела рака или нога, со сите составни делови кои овозможуваат целосна функција на протезата, според списокот на ортопедски и други помагала.

Со протезата осигуреното лице остварува право на естетска ракавица за рака, односно на навлаки (чорапи) за цунката за ногата, како составен дел на протезата.

Осигуреното лице на кое му недостасуваат двете раце и кое според индикациите неможе да користи протези може да оствари право на миоелектронска протеза.

Правото на миоелектронска протеза осигуреникот може да го коисти и во случаеви кога му недостасува само една рака, а другата рака му е потполно одземена или деформирана и заради тоа не е во функција.

Миоелектронската протеза, може да се одобри на осигуреното лице по навршени шест години возраст.

Правото на миоелектронската протеза се остварува врз основа на оценка и наод на Лекарската комисија на Фондот по претходно набавено конзилијарно мислење за можноста од нејзината примена и функција.

Осигуреникот кој прв пат добива протеза, остварува право на поставување на протезата во текот на амбулантска односно болничка рехабилитација.

Рокот на траењето на протезите од овој правилник е регулиран во членот 7 од споменатиот правилник.

Право на инвалидска количка на рачен погон од собен тип, осигуреното лице може да оствари кога:

1) се ампутирани двете нозе над колената;
2) се ампутирани двете нозе под колената кога протезата е медицински контраиндицирана;
3) ампутирана е едната нога каде што поради прогресивното заболување и предвидувањето дека може да дојде до влошување на другата нога и неможе да се овозможи одење и со употребата на протезата;
4) поради одземеност на долните екстремитети, ако и покрај потребата на друго помагало поголемиот дел од времето го поминува во количка;
5) поради дегенеративни и воспалителни процеси на големите зглобови на долните екстремитети, движењето е намалено односно оневозможено;
6) целосно му се одземени раката и ногата од едната страна, а оспособувањето да може да стои е контраиндицирано од други медицински причини (болно срце и др.);
7) е ампутирана една нога, ако поради општата слабост на организмот не е во состојба да се движи.

На осигуреното лице кое заради споменатите индикации , поголемиот дел од времето го минува во кревет, може да му се одобри инвалидска количка со тоалетен додаток.

На осигуреното лице му се одобрува инвалидска количка која е наведена во списокот на ортопедски и други помагала со потребните додатоци, во зависност од функционалниот статус.

Според анатомските и физиолошките особини на осигуреното лице, на кое не му одговара стандардна количка од собен тип, има право на инвалидска количка по специјална нарачка.

Осигуреното лице има право само на една собна инвалидска количка на рачен погон.

Осигуреното лице кое е во работен однос, или врши дејност врз основа на која е осигурено, како и на децата кои се на редовно школување до 18, односно 26 годишна возраст, покрај собна инвалидска количка имаат право и на теренска инвалидска количка на рачен погон.

На осигуреното лице од став 2 наместо теренска инвалидска количка на рачен погон може да му се одобри инвалидска количка на електромоторен погон ако поради функционалниот статус на рацете и нозете неможе активно да покренува количка на рачен погон, ако лекарската комисија на Фондот оцени дека е способно сигурно и самостојно да ја управува.

Осигуреното лице на кое му е одобрена инвалидска количка од било кој вид има право и на едно антидекубитално перниче.

Рокот на траењето на инвалидските колички изнесува најмалку 60 месеци, а на антидекубиталното перниче најмалку 36 месеци.

По престанокот на употребата од користењето на инвалидската количка, осигуреното лице односно член на неговото семејство се должни количката да ја вратат на Фондот.

**Слушни помагала**

Осигуреното лице може да оствари право на слушен апарат (амплификатор) кај кое постои обострана трајна загуба на слухот над 40 децибели во говорната фрекфенција од 500, 1000 и 2000 Хз, а со помош на слушното помагало може да се постигне задоволителна говорна и слушна комуникација.

Слушен апарат може да се одобри и на осигуреното лице кое има обострана загуба на слухот под 40 децибели во следните случаи:

- деца од предучилишна возраст над 1 година ако со оглед на менталната состојба и степенот на оштетување на слухот, може да се очекува развој на говорот при спроведување на стручна рехабилитациона постапка со слушно помагало;
- деца на школување ако со слушниот апарат им се овозможува следење на настава;
- тешко наглуви деца во случаите кога може да се олесни следењето на наставата во специјални одделенија за наглуви деца или во заводи - домови за такви деца.

Слушен апарат не се доделува на наполно глуви лица.

Висината на учеството на осигурените лица во цената на ортопедските и други помагала се утврдува на 40% од цената на ортопедските и други помагала.

Од учеството се ослободени осигурените лица до 18 годишна возраст, лицата кои имаат потреба од протези за долни и горни екстремитети, слушни протези, ортоптички помагала и инвалидска количка како и потреба од медицински помагала за функција на физиолошките празнења.

# 3.1.7. СЕМЕЈСТВОТО, ОБЛИГАЦИИ, ВОНПРОЦЕСНА ПОСТАПКА И НОТАРСКИ РАБОТИ

**Одредби од Законот за семејство**
*(Сл. весник на РМ, бр. 80/92, 9/96)*

Според овој Закон лицата кои не се во состојба да го сватат значењето на бракот и обврските кои произлегуваат од него и не се способни да расудуваат не можат да склучат брак. Во оваа категорија на грѓани спаѓаат лицата со манифестна форма на душевно заболување со присуство на психотични симптоми или резидуални знаци од болеста како и ***лицата со тешка и длабока ментална ретардација кои имаат IQ испод 36.***

За разлика од нив лицата ***со лесна и умерена ментална ретардација*** како и лицата кои имаат наследни фамилијарни заболувања можат да склучат брак по претходно прибавено мислење за генетска конструкција од надлежна институција која се бави со генетски истражувања.

Лицето на кое му е *одземена деловната способност* може да го признае татковството доколку е способно да ја свати содржината и значењето на изјавата за признавање на татковството.

На предлог на родителите или Центарот за социјална работа судот може во вонпроцесна постапка да одлучи родителите да го вршат родителското право и после навршените 18 години ако детето има ***пречки во психичкиот развој*** и не е способно да се грижи за себе, за своите права и интереси.

Спред овој закон посвоител не може да биде лице на кое му е *одземена или ограничена деловната способност, лице кое е душевно болно, лице со ментален недостаток* како и лице кое боледува од болест што може да го загрози здравјето и животот на посвоеникот.

За децата без родителска грижа и за полнолетните лица на кои им е *одземена или ограничена деловната способност* државата обезбедува посебна заштита.

Во колку постои судска одлука за *делумно или целосно одземање на деловната способност*, Центарот за социјална работа таквото лице го ***става под старателство.***

Ако по навршените 18 години (полнолетство) лицето поради ***менталниот недостаток*** не е во состојба да се грижи за себе, своите права и интереси, старателот или Центарот за социјална работа може да поведе постапка тоа лице по друг основ да биде ставено под старателство.

Старателот на лицето на кое му е одземена или ограничена деловната способност е должен да се грижи за неговото здравје, сместај, права и интереси, водејки сметка при тоа за причините кои го довеле лицето до таква состојба како и да настојува да ги отстрани истите и да го оспособи таквото лице за самостоен живот и работа.

Ако полнолетното лице поради ***физички или ментален хендикеп*** нема доволно средства за живот или неможе да обезбеди сопствена егзистенција родителите се должни да го издржуваат додека трае неспособноста.

Центарот за социјална работа води евиденција на лицата кои се делумно или целосно лишени од деловната способност ставени под старателство.

**Одредби од Законот за вонпроцесна постапка**
*(Сл. евесник на СРМ, бр. 19/79)*

За лицето кое не е во состојба да се грижи за себе, за своите права и интереси судот донесува одлука за делумно или наполно лишување од деловната способност.

Во случаеви кога лицето поради психички или физички недостатоци не е во состојба да се грижи за себе, да ги штити своите права и интереси судот одлучува за продолжување на родителските права и должности и после полнолетство.

Судот е должен да утврди дали постојат физички или психички недостатоци поради кои лицето и по навршените 18 години не ќе биде способно да се грижи за себе, за своите права и интереси.

**Одредби од Законот за вршење на нотарски работи**
*(Сл. евесник наРМ, бр. 59/96 и 25/98)*

Според овој закон *глувото лице* кое знае да чита, мора сам да го прочита актот и изречно да изјави дека го прочитал истиот и дека тој одговара на неговата волја.

*Глуво-немото лице* кое знае да чита и пишува мора на нотарскиот акт да се потпише дека го прочитал и дека го одобрува.

Во случаеви кога *глувото лице* незнае да чита или пак г*лувонемото лице* незнае да чита и пишува се повикува лице кое го знае *јазикот на знаци* и во кое хендикепираното лице има доверба.

## 3.1.8. ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ И ПРОЕКТИРАЊЕ НА ОБЈЕКТИ

Заради поефикасно и поуспешно вклучување на лицата со инвалидитет во социјалната средина надлежните институции на Република Македонија имаат донесено подзаконски акти со кои се уредуваат стандардите и нормативите за планирање на просторот и создавање на услови за движење на инвалидизираните лица.

Ова подрачје е регулирано со :

- Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот
- Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти

**Одредби од Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот** *(Сл. весник на РМ, бр.69/99 и 102/2000)*

Според споменатиот правилник јавните пешачки површини, улиците, пристапот до јавните објекти, стамбените згради, претпријатијата во кои работат лица со инвалидитет и слично мора да бидат планирани и изведени на начин кој ќе им овозможи на лицата кои користат инвалидски колички, автомобил за инвалидно лице и други помагала ( звучни или светлосни сигнали за слепите и глувите лица) да непречено ги извршуваат секојдневните животни активности.

За совладување на помали висински разлики со инвалидска количка се изведуваат рампи (цврста, израмнета и рапава површина која поврзува две нивоа) чија минимална широчина треба да изнесува 1,30 метри и странична ограда во колку има слободни страни од 0,90 метри.

Минималниот наклон на рампите треба да изнесува 5 %, додека максималниот 8,3 %.

Јавните паркиралишта и паркиралиштата пред јавните објекти треба да имат минимум 3 % паркиралишни места за лицата со инвалидитет.Паркиралиштата кои имаат помалку од 20 места треба да имаат најмалку три обележани места за лица со инвалидитет.

Местото кое е наменето за паркирање за лицата со инвалидитет мора да биде со големина од 3,50/5,00 метри и видливо означено.

За паркирно место за овие лица се избира она место кое е најблиску до јавната пешачка површина или влезната врата на објектите.

Ресторамите, мотелите и бензинските станици на автопат и магистралните патишта треба да имаат минимум едно паркиралиште кое е поврзано со рампа со јавните простории.

Пешачките површини, плоштадите, тротоарите и другите пешачки патеки треба да бидат мегусебно поврзани и изведени со хоризонтален наклон од 5 % а во исклучителни случаеви со наклон од 8,3 %. Ширината на патеките не смее да биде помала од 1,20 метри.

Надвозниците и подвозниците мора да бидат поврзани со рампи или соодветни механички уреди.

**Одредби од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти** *( Сл. весник на РМ, бр. 69/99 и 102/2000)*

За да се овозможи непречено движење и извршување на секојдневните активности за лицата со инвалидитет при проектирањето на објектите треба да се применуваат одредени стандарди и нормативи.

За лицата кои користат различни видови на помагала за да можат да ги совладаат висинските разлики се проектираат односно изведуваат скали со мала висина.Поопширно за карактеристиките на скалите може да се види во член 116 од овој правилник.

Покрај скалите и рампите треба да се постави ракофат во височина од 0,90 метри кој не е лизгав, како и ракофат за деца на висина од 0,60 метри.

За совладување на поголеми висински разлики за хендикепираните кои се движат со количка како и за старите болни лица се користи универзален лифт. За карактеристиките на универзалниот лифт може поопширно да се види во член 119 од овој правилник.

За инвалидите кои неможат да ги задоволат своите физиоплошки потреби во стандардните клозети се проектираат и изведуваат и јавни инвалидски клозети. За карактеристиките на јавните инвалидски клозети поопширно може да се види во член120 од споменатиот правилник.

При проектирање и изведување на јавни телефонски говорници треба да се предвиди една телефонска говорница за потребите на инвалидните лица. За карактеристиките на таквата говорница поопширно може да се види во член 121 од овој правилник.

Уредите за електична инсталација и сигнализација треба да бидат изведени на начин кој ќе овозможи непречено користење на инвалидните лица.

- домофонот треба да е поставен на висина од 1,20 метри
- прекинувач за светла и ѕвонче на висина од 0,90 метри
- утикачите треба да се поставени на висина од 40 см со исклучок на утикачот во кујна кој е на 1. метар и утикачот над креветот на 80 см.

На спортските објекти исто така треба да се обезбеди место за инвалидните лица и тоа на 500 седишта едно место за лице со инвалидна количка со димензии 1,40 / 1,10 метри.

Широчината на ходниците во јавните објекти не смее да биде помала од 1,80 метри

Во кино салите театрите, концертните сали и на нив слични објекти на секои 200 седишта треба да има минимум едно за лице со инвалидска количка со димензии 1,40 / 1,10 метри.

За лицата кои користат инвалидска количка мора да има најмалку еден универзален клозет во составот на:
јавните клозети; хотели; ресторани и кафеани со повеќе од 200 седишта; здравствени домови; училишта; факултети; железнички и автобуски станици.

При проектирање на стамбени објекти треба да се предвиди можност за изведување на станови со врати чија широчина изнесува минимум 0,90 метри со бањи и клозети кои ќе ги задоволат потребите на инвалидните лица за кои се нменети. Механизмите за отворање на прозорите во овие станови не треба да се повисоки од 1,20 метри.

## 3.1.9. ОЛЕСНУВАЊА И ОСЛОБОДУВАЊА ЗА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП

За да се овозможи поспешна социјална интеграција на лицата со хендикеп законодавецот предвидел извесни ослободувања и олеснувања кои произлегуваат од повеќе закони и подзаконски акти.

**Одредби од Царински закон**
*(Сл. весник на РМ, бр. 21/98, 26/98, 63/98, 86/99 и 25/2000)*

Од плаќање царина според овој закон се ослободуваат:
Инвалидите за специјална опрема и технички помагала што ги користат за задоволување на секојдневните животни потреби, како и резервните делови за користење на таквата опрема и помагала (не важи за патничките автомобили).

Од плаќање царина се ослободени правните субјекти кои набавиле опрема и средства за вршење на социјална и образовна дејност.

**Одредби од Законот за персонален данок**
*(Сл. весник на РМ, бр.80/93, 3/94, 70/94, 71/96 и 28/97)*

Персонален данок ( данок од доход) не се плаќа за примањата по основ на:

- плата на лица со инвалидитет кои се вработени во претпријатијата или работилниците за професионална рехабилитација на инвалиди;
- надоместок за помош и нега од друго лице
- надоместок за телесно оштетување

**Одредби од Законот за ДДВ**
(*Сл. весник на РМ, б.44/99, 59/99, 86/99, 11/2000*

За лековите, замените за делови од телото, ортопедски справи и апарати, справи за отстранувања на функционални оштетувања, како и инвалидски колички за телесно хендикепираните лица се плаќа повластена даночна стапка од 5 % .

**Одредби од Законот за јавни патишта**
(*Сл. весник на РМ, бр. 26/96 и 40/99)*

Патничките возила на лицата заболени од дистрофија, дијализа и мултиплекс склероза се ослободени од плаќање надоместок за регистрација на моторни возила.

**Одредби од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата**
(*Сл. весник на РМ, бр.14/98)*

Според овој закон оспособување на инвалидно лице за возач може да се врши само на возило кое покрај општите услови е приспособено на недостатоците на неговите екстремитети.

## 3.1.10. КРИВИЧНО -ПРОЦЕСНО ПРАВО

**Одредби од Кривичниот законик**
(*Сл. весник на РМ, бр. 37/96, 80/99)*

Лицето кое за време на извршувањето на кривичното дело не можело да го сфати значењето на своето дело или не можело да управува со своите постапки поради трајна или привремена душевна болест, привремена душевна растроеност или заостанат душевен развој се смета за непресметливо.

Лицето кое поради намалената способност да го свати значењето на делото или способноста да управува со своите постапки било значајно намалена поради некоја од горе наведените сотојби ќе се казни поблаго.

На лицето кое е непресметливо или е со битно намалена пресметливост судот ќе му изрече задолжително психијатриско лечење и чување во здравствена установа, ако утврди дека поради таа состојба повторно може да стори кривично дело и дека за отстранување на таа опасност е потребно негово лекување и чување во здравствена установа.

Секој што свесно не се придржува на законот или други прописи кои се однесуваат на засновање ли престанок на работниот однос или обезбедување на заштита при работа на инвалидно лице ќе биде казнето спорд овој закон.

Според Кривичниот закон секој што ќе изврш обљуба, злоупотребувајки го душевното заболување, душевната растроеност, немоќноста, заостанатиот душевен развој или слична состојба поради кое тоа лице не е во состојба да пружи отпор, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

Во колку поради таквото дело настапила тешка телесна повреда, смрт или друга тешка последица, или пак делото е сторено од страна на повеќе лица, на суров или понижувачки начин, сторителот ќе се казни со затвор најмалку три години.

Полов напад врз дете:

За силување на дете или друго полово дејство врз дете со злоупотреба на неговото душевно заболување, душевната растроеност, немоќ, заостанат душевен развој или слична состојба поради која детето не е во состојба да даде отпор, сторителот ќе се казни со затвор најмалку три години.

Во колку делото е извршено од страна на наставник, воспитувач, посвоител, старател, очув, лекар или друго лице со злоупотреба на својата положба, ќе се казни со затвор најмалку 5 години.

До колку пак поради таквото дело настапила тешка телесна повреда, смрт или друга тешка последица, или пак делото е сторено од страна на повеќе лица, на суров или понижувачки начин, сторителот ќе се казни со затвор најмалку 5 години.

Напуштање на немоќно дете:
Родител, посвоител, старател или друго лице на кое му е доверено немоќно дете кое ќе го напушти, со намера трајно да се ослободи од него, ќе се казни со затвор од три години. ( чл. 200 од КЗ)

**Одредби од Законот за кривичната постапка**
*(Сл. весник на РМ, бр. 15/97)*

За малолетните лица како и за лицата кои се лишени од деловната способност, предлог за кривично гонење или приватна тужба поднесува нивниот законски застапник.

Ако Оштетениот е малолетник или лице кое е лишено од деловната способност, неговиот законски застапник е овластен да ги дава сите изјави и да ги презевма сите дејствија за кои според овој закон е овластен оштетениот.

Доколку обвинетиот е глув или нем по законот мора да има бранител уште при првото испитување.

Доколку обвинетиот е глув прашањата ќе му се поставуваат писмено, а во колку е нем ќе одговара писмено. Во случаеви кога не постои можност да се изврши испитувањето на вообичаениот начин тогаш се повикува преведувач или толкувач кој може да се разбере со обвинетиот .

Во колку постои сомневање дека е исклучена или намалена пресметливоста на обвинетиот поради трајна или привремена душевна болест, привремена душевна растроеност или заостанат душевен развој, ќе се определи вештачење со психијатриски преглед на обвинетиот.

# 4. ПРЕГЛЕД НА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП ВО РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА

Институтот за социолошки и политичко правни истражувања на Универзитетот во Aarhus (Данска) со овластување од Советот на инвалидските организации во Данска изгради индекс со кој се набљудува имплементацијата на стандардните правила. Споменатиот индекс содржи 25 прашања за 22- те стандардни правила.

Истражувачите од споменатиот институт индексот го примениле во 46 земји од различни региони со цел да утврдат колку владите во тие земји имаат сторено на плето на имплементацијата на стандардните правила И колку лицата со инвалидност ги осетиле тие промени.

Резултатите од истражувањата биле евалуирани од страна на академски истражувачи кои оцениле дека прашалникот бил правилно и добро изготвен и дека со истиот се добиваат реални резултати.

Република Словенија после Германија, нордиските земји, Словачка и Хонг Конг е осма по ред од земјите кои најмногу имаат сторено на имплементацијата на стандардните правила. (Disability, 99)

## 4.1.СОЦИАЛНА СИГУРНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА

Системот на социално осигурување во Р.Словенија обезбедува заштита на вработените и членовите на нивните семејства во случај на: болест, мајчинство, ***инвалидносш***, старост, смрт и економски причини односно невработеност.

Република Словенија по уставот е правна и социална држава. Тоа начело го остварува со системот на социјалната заштита , социјалното осигурување и обезбедување на посебните права на поединците, семејствата и групните живеалишта како и со заштита на социалните права.

Подрачјето на социалната заштита го уредуваат следните закони:

- Закон за социална заштита,
- Закон за старателство и семејни примања
- Закон за општествена заштита на лица со ментален и телесен недостаток.

**Одредби од Законот за социјална заштита**
*(Сл. весник на РС, бр. 54/1992, 1-/1999, 41-/1999 и 26-1583/2001)*

Законот за социална заштита е основен закон на подрачјето на социалната заштита. Со него се уредедува социално заштитната дејност како и спречувањето и решавањето на социалните проблеми на поединците, семејствата и групните живеалишта. Правата од социалната заштита се уредени во форма на услуги, мерки и давачки.

Правата на услугите и давачките се стекнуваат по начелата на еднаква достапност и прост избор за сите корисници.

Корисниците се државјани на Р. Словенија , кои имаат стално место на живеење во државата, или странци, кои имаат дозвола за сталеn престој во Словенија.

**УСЛУГИ**

За решавање на социалните проблеми и потешкотии се предвидени следните услуги:

1. прва социална помош
2. лична помош
3. помош на семејството за успешно функционирање, помош дома и социален сервис,
4. институционална заштита и
5. упатување (водење), заштита и вработување под посебни услови.

***1.Прва социална помош***

Стручњакот помага при препознавање на социалните проблеми или потешкотии, предлага можни решавања, ја запознава странката со можни социјално заштитни услуги и давачки како и со обврските, кои го следат изборот на услугата или давачките.

***2. Лична помош*** опфаќа: советување, уредување и водење.
*Советување* е стручна помош на поединец, кој своите социални проблеми и потешкотии не знае или не може сам да ги реши.

*Уредување* ***е*** форма на стручна помош на поединец, кој западнал во социјална криза поради лични проблеми или поради нивното посебно однесување и затоа при решавање на потешкотиите нужно е да му се обезбеди учество во пошироката околина.

*Водењето* е подршка и помош на поединецот***, кој поради психичкиот недостаток, менталната болест или*** други лични потешкотии времено или трајно е неспособен за самостојно живеење.

### *3. Помош на семејството за успешно функционирање, и помош на семејството дома*

- *Помош на семејството за успешно функционирање* е помош при уредување на односите помеѓу членовите во семејството, помош при грижа за деца и оспособување на семејството за извршување на секојдневните обврски.
- *Помош на семејството дома* значи социална грижа во случај на ***инвалидност***, ако со неа може да се надомести институционална заштита. Помошта дома опфаќа *социална грижа* и *мобилна помош.*

Социалната грижа се состои во:
- *помош во домаќинството* - спремање на хрна, одржување на станбениот простор, чистење, пеглање, перење, постилање, пазарење, ложење (загревање) и друга работа;
- *помош при одржување на лична хигиена* - помош при облекување, хранење и помош при извршување на основни животни потреби;
- *помош за одржување на социалните контакти* - дружење, спречување на осаменост, оутѓеност, страв предрасуди, помош за самопослужување, воспоставување на социална мрежа со околината и родниниte, спремање при извршување на нужни обврски, известување на установи и припрема на корисникот и неговото семејство за институционална заштита.

Право на социална грижа имаат лицата постари од 65 год кои имаат проблем поради ***инвалидност*** или слаба здраствена состојба; ***инвалиди*** кои имаат признат статус по законот за општествена заштита на лица со ментален и телесен недостаток; ***инвалиди на трудот од I. категорија*** кои се неспособни за самостојно живеење а употребата на услугите им ја надоместува заштитата во институции; ***хронично болни деца и деца со пречки во физичкиот и психичкиот развој*** . Помошта ја изведуваат стручни лица и општи работници**.**

Мобилна помош е облик на стручна помош, со која на ***лицата со пречки во физичкиот и психичкиот развој*** им се обезбедува стручен тртман во нивниот дом. Третманот ги опфаќа и останатите членови на семејството. Таквиот тртман има социјално педагошки и психолошки карактер како и и вработување под посебни услови.
Право на мобилна помош имаат ***децата, младите и возрасните со умерени, тешки инајтешки пречки во физичкиот и психичкиот развој.***

### *4. Институционална заштита*

Овој облик на социјална заштита на човекот му надоместува дом или сопствено семејство а се реализира во завод (установа) во друго семејство или друга организирана форма на групно станбено живеење.

За децата и младите со ***тешки и најтешки пречки во физичкиот и психичкиот развој*** покрај грижата за водење и оспособување се обезбедува и институционална заштита како посебен облик на социјална заштита.

Право на институционална заштита имаат лицата постари од 65 години, возрасните душевно болни лица ***, лица со пречки во развојот, со растројства во однесувањето, возрасни инвалидни лица*** кои се способни деловно да учествуваат во програмата на запослувањето под посебни услови***, и лица со посебни потреби поради повреди при движење, слаб вид, слепило и други телесни повреди.***

Ако домот за стари ја врши институционалната заштита и за *помлади инвлиди*, тоа мора да го обезбеди во посебен оддел.

За возрасни ***ментално и телесно оштетени лица*** се спроведуваат посебни облици на заштита во посебни социјално заштитни заводи или заштитно работни центри.

### *5. Водење (насочување), заштита и вработување под посебни услови*

Оваа форма на социјална услуга е наменета за сочувување на придобиеното знаење и работни вештини, развој на нови способности, стекнување на социјални и работни навики, развивање на индивидуалноста и вклучување во општествената средина. Право на ова социјална услуга имаат ***возрасните со полесна или умерена пречка во психичкиот развој*** како и оние лица кои покрај наведените пречки имаат и додатни пречки во ***движењето.***

## ПАРИЧНИ ДОДАТОЦИ

Од 1. септември 2002 во Словенија е воведена целосна парична помош, во висина на минималниот личен доход , кој е пресметан врз основа на истражувањето за минималните животни трошоци.

Правото на парична социјална помош се остварува согласно прописите одредени со Законот за социјална заштита. Корисници на ова право се лицата кои неможат сами да обезбедат егзистенција со работа , со правата од работниот однос или осигурувањето, со доходите од имотот и од други извори односно со надоместување или примања по други прописи или со помош на оние кои се должни да го издржуваат.

Право на парична социјална помош има и ***лицето кое се грижи за дете или возрасно лице, кое не е способно да се грижи за себе***, кое се брои во семејството а не е институционално згрижено.

Центарот за социјална работа може да одлучи паричната социјална помош да не се додели или да се додели во помал износ на лице самец односно на семејство, кое налмајку 30 дена е во болница или друга установа , во која му е загарантирана целодневна грижа, а не е обврзан да плати или е обврзан делумно да ги плати трошоците или пак живее со други лица кои не се членови од семејството, а нивното преживување е обезбедено на друг начин.

За корисниикот на парична социјална помош, кој поради старост, болест или ***инвалидност*** е неспособен за работа и при задоволување на основните животни потреби неминовно му е потребна помош од друго лице а не прима додаток за туѓа нега и помош по други прописи, паричната помош му се зголемува за додаток за помош и нега. Потребата за нужна помош од друго лице ја утврдува инвалидска комисија по прописите за пензиско и инвалидско осигурување.

Паричната социјална помош се доделува за одредено време во зависност на околностите, кои се основа за доделување и одредување на оваа помош.

Јаванта служба ја организираат и ја обезбедуваат државата и локалната заедница. Во рамките на јавните социјално заштитни заводи, кои обезбедуваат социјално заштитни услги спаѓаат: центрите за социјална работа; ***домови за стари, возрасни физичко и ментално оштетени лица; заштитно работни центри за возрасни физичко и ментално оштетени лица***, домови за деца на кои им е скратено нормалното семејно живеење; и ***социјалнозаштитни заводи за оспособување и заштита на деца и младинци со умерен, тежок и најтежок недостаток во психичкиот развој.***

Корисниците на парична помош како и ***корисниците на надоместок за инвалидност*** според Законот за општествена заштита на ментално и телесно оштетени лица ***се ослободени од плаќање на сите услуги.*** Ова право ***не важи за*** институционално грижените лица.

Стандардите и нормите (односно описот на услугата, нејзиниот обем, корисниците, постапката, траењето, методите на работа, изведувачите на услуга, супервизијата, документацијата и нормите на услугите) за сите наведени социјално заштитни услги се одредени со Правилникот за стандардите и нормативите на социјално заштитните услги *(СЛ.весник на РС, бр. 52/1995, 2/1998, 19/1999)*

## ПРАВА ОД ОСИГУРУВАЊЕТО ЗА РОДИТЕЛСКА ЗАШТИТА

### *Одмор за нега и заштита на дете*

Ова право произлегува од осигурувањето за родителска заштита а се остварува со плаќањето на допринос за родителска заштита.

Ова право е наменето за понатамошна нега и заштита на детето по истекот на породилното отсаство.

Таквото право може да го стекне еден од родителите на детето, двајцата родители, под одредени услови и постарите родители (баба дедо) односно друго лице.

Во случај, да право на одмор за нега и заштита на дете (за истото дете) го стекнат двајцата родители, мора да се склучи писмен договор, во кој детално се одредува периодот и начинот како ќе го искористат одморот, и истиот треба 30 дена пред истекот на породилното отсаство да го најават.

Во случај кога родителите не можат да се договорат, одлучува центарот за социални работи.

Ако таквиот одмор го користи еден од родителите тогаш не се склучува договор.

Родителите немаат право на одмор за нега и заштита на дете, ако детето е доделено под заштита и воспитување на друго лице односно е упатено во завод.

Одмор за нега и заштита на дете по правило трае 260 дена.

Одморот може да се продолжи во следните примери:

- ако мајката роди близнаци, одморот се продолжува за 90 дена;
- ако мајката роди повеќе пати живородени деца,за секое понатаму родено дете се продолжува одморот за 90 дена;
- ако мајката роди недоносено дете (недоношче), одморот се продолжува за толку дена колку што била бременоста пократка од 260 дена;

- При раѓање на ***дете, кое има потреба од посебна нега и заштита***, одморот се продолжува за додатни 90 дена (по основ на лекарска комисија на Педијатриската клиника во Љубљана); тоа право може да се признае до 18 месеци старост на детето;
- ако родителите веќе дома чуваат најмалку две деца на возраст до 8 години, одморот се продолжува за 60 дена и за четири или повеќе деца за 90 дена.
- Ако има ***пречки во психичкиот и физичкиот развој***, односно е утврдена долготрајна и тешка болест откако родителите се вратиле на работа, по истекот на одморот за нега и заштита на дете, а детето сеуште не наполнило старост од осумнаесет месеци, еден од родителите има право на одмор за нега и заштита на дете 90 дена од денот кога е признато правото.

Горе набројаните права се собираат. Односно, ако мајката роди на пример близнаци и дома чува уште три деца , нејзиниот одмор може да се продолжи за 150 дена.

Дел од одморот (најмногу 75 дена) за нега и заштита на дете може родителите да го пренесат и искористат до 8. години старост на детето.

Правото на одмор за нега и заштита на детето може да го стекнат за исто дете двајцата родители, кои за тоа склучиле писмен договор. За содржината на договорот го известуваат секој својот работодавец и центарот за социална работа.

Тоа право може да го користат наизменично во случај на делумна отсуство од работа, што значи, да работат секој на пр. по четири часа. Можно е пола одмор за нега и заштита на дете да го користи мајката а другата половина таткото .

Исклучок е и двајцата родители истовремено да се дома со детето/ децата во случај на подолг одмор поради две или повеќе пати живо родени деца, поради деца, на кои им е потребно ***посебна нега и заштита*** и поради раѓање на дете во фамилија, во која родителите веќе при раѓање на детето чуваат и воспитуваат најмалку две деца на возраст до 8. години. Вкупното траење на одморот не може да биде поголемо од правата за продолжен одмор.

Право на одмор за нега и заштита на дете може во согласност со мајката да ја стекне и еден од постарите (баба, дедо), ако тоа право не го стекнува таткото и ако мајката на детето е помлада од 18 години и има статус на практикант, ученичка односно студентка. Во тој случај одморот е исто долг како за мајката и таткото односно се намалува за толку дена колку што мајката или таткото на детето искористиле.

Друго лице има право за нега и заштита на дете под еднакви услови, како што е одредено за породилно отсуство односно му се намалува за толку дена, колку што мајката или таткото тоа право веќе го искористиле.

***Родителски надоместок***

Е надоместок на плата односно лично примање, кое произлегува од осигурувањето за родителска заштита.

Видови на ***родителски надоместоци:***

1.Породилен надоместок,
2. Надоместок за татко,
3. ***Надоместок за нега и заштита на дете***
4. Надоместок при посвојување

***Право на семејни примања***

Семејни примања се парични примања, кои опфаќаат:

- Родителски додаток
- Помош при раѓање на детето
- Детски додаток
- Додаток за големо семејство
- ***Додаток за нега на дете***

***Додаток за нега на дете*** е паричен додаток за деца, кое има потреба од *посебна нега и заштита* и е наменет за покривање на зголемените животни трошоци, кој ги има семејството поради нега и заштита на такво дете.

***За деца со потежок недостаток во психичкиот развој кое има потреба од стална нега, заштита, помош и водење*** додатокот двојно се зголемува.

Правото на додаток за нега на дете не ги следува родителите чие дете е институционално згрижено поради лекување, оспособување, воспитување или школување во завод, во кој има целодневна бесплатна грижа.

Правото на додаток за нега на дете, ако се докаже, дека во тој момент родителите материјално се грижат за детето можат да го користат и покрај тоа што е институционално згрижено. Центарот во тој случај може да му го признае правото за период од 3 месеци до 6 месеци во годината . За колкав период ќе му биде признаено правото за нега на дете, зависи од тоа , колкав е бројот на денови, кои детето ќе ги живее во семејството.

Правото на додаток за нега на дете трае за период, кога на детето му се обезбедува посебна заштита поради здраствени причини,односно до 18 годишна возраст, по таа возраст , ако се школува , и до крајот на школувањето, сепак најмногу до наполнети 26. години.

**Делумно плаќање за изгубен доход (приход)**

Делумно плаќање за изгубен доход (приход) е лично примање , кој го прима еден од родителите, кога ќе го прекине работниот однос или ќе почне да работи со скратено работно време поради нега и заштита на ***дете кое има потреба за посебна нега и заштита.***

Правото на делумното плаќање поради губење на доходот нема да има еден од родителите, ако детето поради лекување, оспособување, воспитување или школување во завод има целодневна бесплатна грижа.

Правото на делумното плаќање поради губење на доходот нема да има еден од родителите, ако детето е сместено во дом семејство.

Кога лекарската комисија врз основ на мислењето на надлежниот центар констатира, дека примателот на делумното плаќање поради губење на доход на детето не му обезбедува соодветна нега и заштита во домот, правото на примање му престанува со првиот ден во наредниот месец по утврдувањето.

**Одредби од Законот за општествена заштита на лица со физички и психички недостаток**
*(Сл. весник на СРС, бр.41/83)*

Со Законот за општествена заштита на лица со психички и физички недостаток државата им овозможува стална институционална заштита на лица со тежок и потежок физички и психички недостаток односно на лицата кои не можат да се оспособат за самостојно живеење и работа. Инвалидноста на овие лица настанала најкасно до наполнети 18 години живот или до крај на школувањето но не повеќе од наполнети 26. години.

Споменатата категорија на лица по овој закон ги ужива следните права:

- Заштита во општи или посебни заводи (установи)
- Заштита во друго семејство,
- Надоместок за инвалидност,
- Додаток за туѓа нега и помош.

Постојат повеќе облици на *заштита во општи или посебни заводи* и тоа:

- ***дневна заштита*** наменета за инвалиди, кои живеат во свое или друго семејство;
- ***времена заштита со домашно сместување и грижа*** се обезбедува за инвалидното лице кога лицето кое се грижи за него е оправдано отсутно.

- ***стална заштита со сместување*** во завод како облик е предвидена за оние инвалидни лица чија природа и степен на инвалидитет имаат потреба од стална заштита во заводот. Оваа форма на заштита е предвидена и за инвалиди кои немаат свое семејство или пак со нив неможе да живеат, ниту пак може да им се обезбеди заштита во друго семејство.

*Заштита во друго семејство*

Се обезбедува на инвалиди, кои немаат свое семејство или пак со нив неможе да живеат а природата на инвалидноста не бара институционална заштита.

Родителите на инвалидите и нивни роднини, кои по Законот за брак и семејни односи се должни да го издржуваат инвалидот, допринесуваат кон трошковите за грижа во наведените облици на заштита.

*Надоместок за инвалидност*

Право на надоместок добиваат инвалиди со наполнети 18. години на старост односно од денот на утврдување на инвалидноста, ако тоа се утврдило подоцна.

Ако инвалидите имаат право на пензија по прописите за пензиско и инвалидско осигурување или право на инвалиднина по прописи за војни инвалиди односно по прописите за цивилни инвалиди од војна, имаат право на разлика меѓу износот на пензијата, која ја примаат, и износот на надоместокот од овој закон во колку износот на надоместок е повисок од износот на пензијата или инвалиднината. При стекнување на правото до опишаната разлика во примањата се пресметува исто така и заштитниот додаток по прописите од пензиско и инвалидско осигурување, инвалидскиот додаток по прописите за војни инвалиди и додатна парична помош по прописите за цивилни инвалиди од војна.

*Додаток за туѓа нега и помош*

Ова право може да го ужива инвалидно лице кое при задоволување на основните животни потреби има потреба од стална помош и опслужување од друго лице. Ако инвалидот има потреба од помош при задоволување на сите основни животни потреби, додатокот изнесува најмалку 20% а најмногу 30% од чист (нето )личен доход.

Ако има потреба од помош за вршење на повеќе основни животни потреби, додатокот се зголемува најмалку 10% а најмногу 20% повеќе од чистиот личен доход.

**Одредби од Законот за брачна заедница и семејни односи**
*(Сл.весник на СРС, бр. 15/1976, 1/1989, 14/1989, Сл. весник на РС, бр. 64/2001)*

Со овој закон се уредува брачната заедница, односот помеѓу родителите и децата и други роднини, посвојувањето, **сместување во дом семејство,** и заштита на малолетни деца и други лица, ***кои не се способни да се грижат за себе, за своите права и интереси.*** Семејното живеење и личната неприкосновеност се обезбедени на ***инвалидот*** на ист начин како и на сите други државјани.

- **Родителско право**

Родителите се должни да се грижат за здраво растење, складен личен развој и оспособување за самостоен живот и работа на своите деца.

Родителското право престанува со полнолетство на детето а поради одрдени причини, наведени во законот може и пред тоа. Исто така остварување на родителско право може да се продолжи и преку наполнето полнолетство на детето, ***ако детето поради телесен и душевен недостаок не е способен сам да се грижи за себе, за своите права и интереси.***

Родителското право го продолжува судот врз основ на барање на родителите или центарот за социјална работа.

Родителите се должни своите деца да ги издржуваат , ако редовно се школуваат, и по нивното полнолетство.

***Поради потежок облик на физичка и психичка неспособност*** за самостојно живеење и немање доволни лични средстава за преживување, родителите во рамките на своите можности се должни да го издржаваат и по полнолетството.

- **Дом семејство**

Е право со кое на детето му се обезбедува заштита, грижа и воспитување кај лица, кои не се негови родители. Ова право го уживаат и ***полнолетни лица, кои не се способни да се грижат за себе, за своите права и интереси.***

Во дом семејство се сместува детето, кое нема семејство или кое поради различни причини не може да живее кај родителите, или дете, на кое му е загрозено живеењето во физичкиот и психичкиот развој во средината во која живее. Во дом семејство може да се смести дете, ***кое поради пречки во физичкиот и психичкиот развој*** има потреба од оспособување согласно со посебните прописи (пр. поради одалеченост на местото на живеење од заводот, во кој се оспособува).

**Дом семејство** завршува најдоцна со полнолетство на детето односно пред тоа, кога ќе завршат причините поради кои било дадено детето во дом семејство на згрижување. Исклучок од ова правило имаме кога детето наполнило 18 год на старост но поради ***пречки во физичкиот и психичкиот развој не е способно за самостојно живеење.*** Во тој случај овој облик на заштита и грижа не завршува.

Друг посебен вид на заштита е ***старателство***, кое е наменето на **малолетни лица**, кои немаат родители или родителите не може да се грижат за нив (поради болест, смрт или слично), и **возрасни лица**, кои не се способни да се заштитат себеси, своите права и интереси а судот во посебна постапка делумно или во целина им ја одземал работната способност.

**Одредби од Законот за употреба на словенечкиот јазик на знаците**
*(Сл. весник на РС,бр.46 октомври, 2002 год.)*

Република Словенија од 25.октомври 2002 година на глувите лица им овозможи да го уживаат правото на употреба на јазикот на знаците во сите постапки пред државните органи, органите на локалната самоуправа, како и пред изведувачите на јавните служби.

Глувите лица имаат право да го користат јазикот на знаците и во сите други ситуации во кои глувоста им претставува пречка при задоволувањето на нивните потреби.

Според овој закон државните органи, органите на локалната самоуправа, како и изведувачите на јавните служби се должни на барање на глувото лице или по службена должност кога лицето ќе приложи документ со кој му се признава правото на употреба на јазикот на знаците да му обезбедат преведувач на спомнатиот јазик.

Трошоците за преведување на јазикот на знаците ги покриваат државните органи, органите на локалната самоуправа, како и изведувачите на јавните служби според годишните финансиски програми.

Глувите лица по сопствена волја имаат право на преведувач 30 часа годишно. Глувото лице кое има статус на ученик или студент поради дополнителни потреби во редовниот образовен процес има право на преведувач 100 часа годишно.

Министерството задолжено за инвалидска заштита води регистер на преведувачи на јазикот на знаците во кој се содржани сите генерали и потребни податоци кои се однесуваат на преведувачите.

Преведувач на овој јазик може да биде полнолетно лице кое поседува сертификат кој е во согласност со прописите според националната професионална класификација и е запишан во регистерот на преведувачите на јазикот на знаците.

---

**Vodnik po pravicah invalidov, Vlada Republike Slovenije, Urad za invalide, druga izdaja, 2001, страна 9-29**

## 4.2. ЗДРАСТВЕНА ЗАШТИТА И ЗДРАСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА

Секој има право на здраствена заштита и е должен, во склад со своите можности да допринесува кон неговото остварување.

Инвалидите стекнуваат право на здраствена заштита како осигурени лица или како членови на нивното семејството во системот на задолжително и доброволното здраствено осигурување.

Во задолжително здраствено осигурување се обезбедува здраствена услуга за откривање на болест, лекување и рехабилитација поради болест и повреди и со тоа се поврзани лековите и техничките помагала, здраствена услуга во врска со мајчинството и превентивни програми во склад со одредените програми.

Задолжително здраствено осигурување меѓу другото ги покрива и ***техничките помагала.***

На социално загрозените лица , меѓу кои покрај примателите (корисниците) на оппттествена помош се вбројуваат исто така и потешките инвалидизирани лица, постари од 75 години , законот одредува право на хитно (нужно) лекување без доплата.

Самоволното или доброволното здраствено осигурување опфаќа :

- *Осигурување за доплата*, кое на осигуреникот му ја покрива разликата до полна вреднос на извршената услуга.
- *Осигурување за поголем обем на права* како и повисок стандард на услуги кои всушност произлегуваат од обавезното осигурување:
- *Осигурување за дополнителни права* и сите други доброволни здраствени осигурувања, со кои покривањата на обавезното здраствено осигурување не се предвидуваат.

Задолжително здраствено осигурени лица се сите запослени лица и членовите на нивните семејни, државјани на Република Словенија и лица со стално место на живеење во Република Словенија , ако не се осигурени по други прописи.

### ПРАВА ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Правата се во надлежност на личниот лекар, кога осигуреникот поради својата здраствена состојба не може да дојде на лекар во амбуланта. Тие услуги се сврстени во група на правила, кои на осигурените лица во целост им се загарантирани во обавезното здраствено осигурување.

### *Права на превентивни прегледи*

Правото на превентивни услуги вклучува дополнителни патронажни посети на ***болни и инвалиди.*** Кога инвалидот има потреба од патронажна здраствена нега дома, патронажната сестра добива писмена наречка од матичниот (одбраниот) лекар, дека може да ја направи посетата.

### *Права за престој на еден од родителите во болница со болно дете*

Го стекнуваат родителите на дете со ***потешка повреда на мозокот или кичмата и дете хронично болно или со повреди***, кога се работи за оспособување на родителите за понатамошна (домашна) рехабилитација. Времетраењето на оспособувањето зависи од програмата, за деца со хронични болести или рани трае 14 дена но најмногу може да трае 30 дена. За времето поминато во болница заради детето ***родителите имаат право на отсаство од работа а надоместокот го исплатува ЗЗЗС*** (Заводот за здравствена заштита на Словенија). Трошоците за престој во висина од 70% ги покрива исто така ЗЗЗС.

1

### *Права на лекарства*

Ова право е регулирано со Договорот за разврстување на лековите на позитивна и средна листа. Нивните трошкови во целост или во одреден процент ги подмирува Заводот за здраствена заштита на Словенија.

### *Права на медицински и технички помагала*

Техничките помагала од задолжително здрасетвено осигурување се разврстени во 17 групи. За стекнување на правата за технички помагала лицето мора да биде обавезно здравствено осигурано најмалку 6 месеци во предходниот период. Техничките помагала на осигуреното лице ги препишува одбраниот личен лекар или лекар специјалист. Секое техничко помагало има свој стандард , со кој е одредена и неговата цена , материјал од кој е направен како и време на траење.

Ако помагалото е одредено како стандардно а за осигуреното лице поради неговата здраствена состојба не е функционално, важи начелото, дека осигуреното лице има ***право на поскапо помагало,*** односно најефтиното кое по функција ќе биде соодветно но да е достапно на словенечкиот пазар.

Правото на поскапо помагало го утврдува и препишува овластен лекар. При барање на помодерни помагала за осигуреното лице мислење

за оправданоста мора да даде лекарска комисија како орган за вештачење на Заводот.

Пропишаното помагало станува трајна сопственост на осигуреното лице односно го добива како позајмено од овластен добавувач или позајмувач кој има склучено договор со Заводот.

Трошковите на сите поправки на помагалата , кои настанале за време на гаранцијата и не се последица на несоодветна и нестручна употреба на осигуреното лице, добавувачот (позајмувачот) е должен да ги подмири. За време на поправката добавувачот (позајмувачот) е должен на осигуреното лице дам у обезбеди надоместување.

По истекот на време траењето осигуреното лице има право на ново помагало, ако лекарот утврди дека , предходното е веќе нефункционално несоодветно или неупотребливо. Осигуреното лице со исклучок има право на ново помагало при анатомски и функционални промени, поради кои помагалото станало несоодветно уште пред истекот на времетраењето.

***Права на превоз со возила на брза помош***

Кога од здраствени или други причини не е можно да се изврши превоз со јавни превозни сретства матичниот (одбраниот) лекар може да побара превоз, по правило однапред да го одреди и видот на превозот. Хитни возења со брза помош ги плаќа ЗЗЗС.

***Права на осигуреникот во областа на стоматологијата***

ЗЗЗС ги покрива трошоците за забни лекувања и болести на устата до 85% од полната вредност на услугата. При хитно лекување на осигурените лица, постари од 75 години, корисниците на социална помош, *инвалидите со најмалку 70% телесна повреда односно лицата на кои им е призната помош од друго лице за извршување на животни функции* како и за децата и младите трошоците ги покрива во целост ЗЗЗС.

***Право за испраќање и упатување на лекување во друго место***

Ова право му припаѓа на осигуреното лице, кое поради здраствената состојба или други причини не може да патува сам. Пратењето на лицето го одобрува, полномоштен лекар или лекарска комисија.

Деца до 15 годишна возраст, потешки и тешко болни деца до 18 години старост имаат право на пратење без посебно одобрување.

Осигуреното лице го прати здраствено лице ако за време на патувањето има потреба од здраствена помош. Пратење не може да се добие за време на болничко лекување или лекување во лекувалишта.

Постои исклучок од ова правило кое важи за лекувањето на ***слейиѿе лица*** на кои им се одобрува пратење. Во тој случај лицето кое прати има право на сместување и исхрана најмногу во висина на цена на хотелска услуга за еден ден.

***Право на лекување во лекувалишѿа***

Осигурените лица можат лекувањето во лечилишта да го стекнат, ако се очекува подобрување на здраствената состојба за подолго време, повраток на функционалните и работни способности, спречување на напредокот на болеста или слабеење на здраствената состојба за подолго време, смалување на почестите отсаства од работа поради болест или лекување во болници.

Лекување во лечилишта по правило трае 14 дена. Со исклучок лекарската комисија смее да предложи подолго лекување или пак на предлог во лечилиштето да се продолжи до 28 дена, ако се очекува дека со ***рехабилиѿацијаѿа*** ќе се добие подобар успех. Лекување во лечилишта за деца трае по правило 21 ден. Осигурената особа може да користи право на лекување во лечилишта поради иста болест односно иста состојба најмногу еднаш до двапати, децата најмногу еднаш во годината, ако лекарската комисија констатира , дека моменталаната здраствена состојба е таква, да тој вид на лекување е стручно основано.

***Право на йовѿорување (обновување) на рехабилиѿацииѿе на инвалиди, учесѿво во орīанизирани īруйи за осйособување и леѿување на деца и училишни деца***

Учесниците на рехабилитацијата имаат обезбедено кофинансирање физиотерапија и трошкови за престој, кои со договор го одредува ЗЗЗС кој е и организатор на групни рехабилитации.

Во тие рамки ЗЗЗС ги кофинансира потребните здраствени услуги, трошковите за терапеутски работни групи и трошкови за престој.

Исклучок е да при такво оспособување учествува еден од родителите на детето ако по завршувањето на оспособувањето се грижи дома. На него од ЗЗЗС му се кофинансира како на детето.

Кога осигуреното лице ги користи тие права , може заради истата болест или состојба да користи право на здраствено лекување дури по истек на две години.

За деца кои повеќе пати *биле хосйиѿализирани или йочесѿо болни*, ЗЗЗС кофинансира и стручно организира летување во групи. Предлогот за ова право го дава личниот (матичниот) лекар.

*Права на парична помош*

Личниот лекар е овластен за констатирање на неспособност за работа и други причини за времено отсаство од работа до 30 дена. Времена отсатност од работа над 30 дена ја утврдува лекарска комисија на ЗЗЗС.

Паричните надоместоци поради времено отсаство од работа се исплатува врз основа на "болничка листа"на работникот.

*Упатување на инвалидска комисија*

Осигурениците, кои се отсатни од работа поради времена неспособност, личниот лекар односно лекарската комисија ако процени дека не може да си ги поврати работните способности по една година непрекинато отсаство од работа со скратено работно време ги ***упатува на инвалидска комисија.***

---

**Vodnik po pravicah invalidov, Vlada Republike Slovenije, Urad za invalide, druga izdaja, 2001,страна 32-43**

## 4.3. ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Правата во случај на намалување или губење на работната способност, смрт, старост, *телесни повреди* и потреба од *стална помош и опслужување* (нега) во Република Словенија се регулирани со Закон за пензиско и инвалидско осигурување.

**ПРАВА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ВО Р.СЛОВЕНИЈА :**

- Право на пензија:

старосна, инвалидска, семејна, за вдовец(вдовица), и делумна пензија,

- Право на додаток за пензијата:

Заштитен додаток, додаток за помош и опслужување и додаток за рекреација и инвалиднина;

- Права по основ на инвалидност односно преостанати работни можности со паричен надомест:

*професионална рехабилитација, надоместок за инвалидитет, преместување на друга работа и скратено работно време.*

Покрај споменатите права со овој закон се регулирани и некои други права како што се:

- Исплата на патни трошоци и трошоци за селење, отпремнина и снабдување на вдовец или вдовица.

За добивање на повеќето права од пензиско-инвалидското осигурување услов е да настапи еден од случаевите на осигурувањето (старост, инвалидност, телесна повреда, непосредна опасност за настанување на инвалидност, потреба за помош и опслужување).

Основно начело за остварување на овие права според законот е обавезното осигурување на работниците и други осигуреници наброени во посебно поглавје од овој закон.

Како и во повекето држави и во Р.С. пензиското и инвалидското осигурување се воведува, кога поединецот ќе започне со работен однос или извршува самостојна или друга дејност (добива статус на осигурено лице) и трае без прекинување и без можност за откажување се додека трае вработувањето.

***Во осигурени лица се вбројуваат и децата и младите со недостаток во телесниот и менталниот развој.*** Лицата кои имаат статус на осигурено лице осигурени се во случаеви кога настанува инвалидитет, телесна повреда или смрт, кои се последица на повреда при работа или професионална болест, при практична настава во организации за приспособување или на обавезен практичен дел. Сето ова важи и за

инвалидните лица, кои се на професионална рехабилитација односно оспособување при практична работа и вежби.

Овој закон овозможува поединецот доброволно да се осигура поради добивање на додатни права од пензиско- инвалидското осигурување со склучување на дополнително доброволно осигурување.

Доброволно може да се осигураат лица кои се грижат за дете помладо од 7 години, односно ***за инвалидизирано лице, кое не е способно за самостоен живот, како и лица кои се вработени како инвалиди во заштитни работилници.***

**ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

Основна намена на инвалидското осигурување е покривање на осигурителниот ризик на професионалната инвалидност и во рамките на тоа намалена работна способност, со тоа да се овозможи понатамошно запослување на осигурениците и да им се загарантира во начело таква материална положба, каква имале пред да настане инвалидитетот. Право за инвалидското осигурување може да добијат само осигурениците.

Законот го определува работниот инвалид како осигуреник, кој по основ на инвалидност добил некое од правата од инвалидското осигурување.

Инвалидните лица кај кои инвалидноста постои од раѓање или од рана младост и поради тоа не можеле да остварат статус на осигуреник по овој закон, се стекнуваат со правата по основ на инвалидитет по други прописи.

Инвалидитетот според ЗПИО на Р.Словенија вклучува четири состојби односно потешки заболувања на осигуреникот и тоа:

- целосна неспособност за работа
- професионална неспособност за работа
- Намалена способност за работа
- Ограничена способност за работа

Осигурениците според овој закон се разврстени во три различни категории на инвалидност.

Во прва категорија на инвалиди се вбројуваат осигурениците со општ инвалидитет.

**За општ инвалидитет се смета неспособноста за извршување на организирана работа со која се остварува придобивка.**

Во втора категорија се вбројуваат осигурениците со професионална инвалидност.

**Професионална** инвалидност постои кога работната способност за извршување на професијата кај осигуреникот е намалена за 50 или повеќе проценти.

Во трета категорија на инвалидитет се вбројуваат осигурениците со намалена или пак ограничена способност за работа.

**Намалена работна способност** постои тогаш кога ќе се констатира дека осигуреникот и со професионална рехабилитација не е способен да извршува работа со полно работно време, но сеуште може да врши одредена работа со половина од полното работно време.

**Ограничена намалена работна способност** постои тогаш кога ќе се констатира дека способноста за работа на осигуреникот се намалила за 50% односно не е во можност да извршува работа на работното место на кое е распореден.

**Преостаната работна способност постои кога:**

- Осигуреникот може да работи со полно работно време на друго работно место кое одговара на неговата стручна подготовка
- Со помош на професионална рехабилитација осигуреникот може да се оспособи за друго работно место со полно работно време
- Осигуреникот може да врши одредена работа барем со половина работно време

Во постапката за признавање на овие права учествуваат инвалидски комисии и лекари поединци како органи за вештачење на заводот за пензиско и инвалидско осигурување.

Според законот за пензиско и инвалидско осигурување на Р.С. предвидени се ***превентивни мерки*** на инвалидската заштита кога е констатирана непосредна опасност за настанување на ***инвалидност***. Мерката е наменета за правовремено спречување да не настане инвалидност , тогаш кога работниот однос на работното место, на кое е распореден осигуреникот, и покрај хигиенско и техничкобезбедносните мерки во толкава мерка влијаат на неговото здравје и работна способност, да мора неминовно да го смени работното место бидејќи ќе стане *инвалид.*

Осигуреникот, кај кој постои непосредна опасност да стане инвалид, нема статус на работен инвалид, но има право на:

- распоредување на друга работа-преместување,
- професионална рехабилитација, ако е потребно за распоредување на друга работа ,и
- Право на надоместок на плата за време на чекање на професионална рехабилитација, на распоредување односно запослување на друга соодветна работа, за време на професионалната рехабилитација како и надомест на плата поради помала плата на друга работа,
- Право на работа со скратено работно време во однос на цело работно време

**ИНВАЛИДСКА ПЕНЗИЈА**

Законот за пензиско и инвалидско осигурување на осигуреникот му гарантира социјална заштита кога поради загуба на работната способност не е веќе способен да извршува организирана работа со придобивка односно дејност, врз основа на која бил осигуран.

***Криттериуми ( услови)*** кои треба да бидат исполнети за остварување и одредување на висината на инвалидска пензија.

Право на инвалидска пензија може да остварат инвалиди од I, II и III. категорија. Кај I. категорија на инвалидност на осигураникот не му е загарантирана професионална рехабилитација, бидејќи веќе наполнил 50 год старост, затоа добива право на инвалидска пензија.Осигураниците од II или III категорија на инвалидност можат да добијат инвалидска пензија, ако при настапување на инвалидноста имаат наполнето 61 односно 63 години на старост и соодветното вработување односно распоредување не му е веќе загарантирано.

За добивање на инвалидска пензија е важна причината за настанување на инвалидноста. Ако е инвалидноста последица од повреда при работа или професионална болест, осигураникот добива право на инвалидска пензија без оглед на пензискиот стаж.

**ПРАВА НА НАДОМЕСТОК ЗА ИНВАЛИДНОСТ**

Ова право може да го користи осигуреникот со преостаната работна способност кај кого била констатирана намалена способност за извршување на неговата професија за повеќе од 50% и спаѓа во II. категорија на инвалидност. Овој надоместок е предвиден и за осигураникот, кај кого настанала III. категорија на инвалидност, бидејќи неговата работна способност се намалила за најмалку 50% и сеуште може да работи во својата професија со полно работно време, но не повеќе на работното место, на кое е распореден.

**ПРАВА НА ИНВАЛИДИТЕ НА ТРУДОТ ОД II. И III КАТЕГОРИЈА**

- Правото на распоредување односно вработување на друго работно место соодветно на неговата стручна подготовка,
- Правото на работа со скратено работно време и право на делумна инвалидската пензија,
- Правото на соодветен паричен надоместок
- Правото на професионална рехабилитација.

Права по основ на преостаната работна способност му припаѓаат на осигураникот без оглед на неговиот пензиски стаж, во колку при здобивање на инвалидноста бил осигуран.

**ПРАВО НА РАСПОРЕДУВАЊЕ ОДНОСНО ВРАБОТУВАЊЕ НА ДРУГА СООДВЕТНА РАБОТА СО ПОЛНО РАБОТНО ВРЕМЕ**

Оваа право го имаат инвалидите од III категорија, ако се за тоа способни без или со професионална рехабилитација.Ова право може да го користи и осигуреникот , кај кој настанала II. категорија на инвалидитет но со наполнети 50 години старост, односно осигуреникот од III категорија на инвалидитет чија преостаната работна способност е намалена за помалку од 50 % и сеуште може да работи во својата професија со полно работно време, но сепак не повеќе на работното место, на кое е распореден. Преместувањето е должност на работодавецот, кое мора да го обезбеди.

**ПРАВО НА РАБОТА СО СКРАТЕНО РАБОТНО ВРЕМЕ НА СВОЕТО РАБОТНО МЕСТО**

Ова право по правило го имаат инвалидите од II. категорија кој можат таа работа да ја вршат најмалку пола од полното работно време. Споменатото право го има и осигуреникот од III категорија на инвалидитет, кој покрај можната професионална рехабилитација не е веќе способен за работа со цело работно време. Таквиот осигуреник воедно добива и право на на делумна инвалидската пензија.

**ДЕЛУМНА ИНВАЛИДСКА ПЕНЗИЈА**

Ова право го добива осигуреникот од III категорија на инвалидитет. Делумната инвалидска пензија се одредува процентуално, која одговара на намалувањето на полното работно време ,од инвалидската пензија, која би му припаднала на осигуреникот на денот на настанување на инвалидноста.

**ПРАВО НА РАБОТА СО СКРАТЕНО РАБОТНО ВРЕМЕ, НА ДРУГА СООДВЕТНА РАБОТА КОЈА ОДГОВАРА НА НЕГОВАТА ПРЕОСТАНАТА РАБОТНА СПОСОБНОСТ**

Ова право може да го користи осигуреникот од II. категорија на инвалидност, кога не може да ја извршува својата работа ниту половина од целото работно време, но може да се приспособи за друга работа со помош на професионална рехабилитација.

Со оглед на признаеното право споменатите осигурениците (инвалиди на трудот) имаат исто така:

- Право на соодветен паричен надомест:
- Надоместок на плата за време на чекање на распоредување на друга соодветна работа односно запослување, ако таа работа не му била **обезбедена**. Тоа право го имаат исто така и инвалидите од II. и III категорија, на кои независно од нивната волја им престанал работниот однос на друга соодветна работа, ако во рок од 30 дена по завршување на одлуката за признавање на правата од пензиско-инвалидско осигурување се пријават во Заводот за вработување,
- Надоместок на плата поради помала плата на друга соодветна работа,
- Надоместок на плата поради работа со скратено работно време.

**ПРАВО НА ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА**

Ова право е наменето за стручно, физички и психосоцијално оспособување на инвалидите за да се вклучат во работната средина. Право на професионална рехабилитација по правило добиваат инвалиди од III категорија на инвалидност, кои во зависност од староста, инвалидноста и преостанатата работна способност можат да се оспособат за друга соодветна работа , која ќе ја извршуваат со полно работно време.

Во одредени случаеви правото на професионална рехабилитација исто така можат да го остварат и инвалидите од I. и II категорија.

Право на професионална рехабилитација добива осигуреникот, кој на денот на настанување на инвалидноста не наполнил 50 години старост а со оглед на неговата преостната работна способност основано е да се очекува дека може да се оспособи за работа со полно работно време.Обликот и начинот на професионалната рехабилитација мора да биде одредена согласно со инвалидската комисија.

Оспособувањето може да се одвива и во специјализирани организации, може да се врши и по редовен пат во соодветни училишта и со курсеви во колку инвалидот се сложи, исто така оспособувањето може да биде и со самата работа..

Во врска со професионалната рехабилитација осигуреникот има право на два вида на надоместок а тоа се:

- ***надоместок на плата за време на чекање на професионалната рехабилитација и***
- ***паричен надоместок за време на траење на професионалната рехабилитација***

Покрај наведените права за лицата со инвалидност во Република Словенија постојат и други права :

## ПРАВО НА ДОДАТОК ЗА ПОМОШ И ОПСЛУЖУВАЊЕ (НЕГА)

Ова право се сосотои од парично месечно примање, кое му припаѓа на корисникот за плаќање на трошоците во врска со извршување на основните животни функции кои не може да ги обавува поради инвалидноста која настанала како последица на болест, повреда и слично.

Ова право го користат корисниците на старосна ,вдовечка, инвалидска и семејна пензија, кои имаат стално место на живеење во Република Словенија.

Право на додаток за помош и опслужување може да добие слепо лице или осигуреник кој слабо гледа, кои склучиле работен однос или станале слепи во периодот на вработувањето.

Споменатото право можат да го користат и осигурениците кај кои можноста за движење е намалена за 70% а вработени се според своите работни можности на пола од полното работно време.

Законот за пензиско и инвалиддско осигурување во Р.С. ***разликува два различни случаја (примера)***, кога на корисникот му е потрбна помош и опслужување (нега).

Помош и опслужување се нужно потребни за лицето т.е.корисникот кој ниту со помош на ортопедски помагала не може самостално да ги задоволи своите основни животни потреби како што се: самостојно движење во станот и надвор од него, да се храни, облекува, соблекува, да се грижи за личната хигиена како и да извршува други животни потреби важни за одржување на животот. Правото на додаток за помош и нега ѓи следува и корисниците на пензиите кои поради трајни промени во здраствената состојба не можат да го задоволат поголемиот број на основни животни потреби.

Позитивното законодавство на Р.Словенија овозможува исто така и ***посебен додаток за помош и нега (опслужување).*** Ова право можат да го користат најтешките категории на корисници, кои имаат најмалку 70% намалена способност за работа.

## ИНВАЛИДНИНА

Инвалиднината претставува право на користење на паричен надоместок поради телесен недостаток, настанат за време на осигурувањето. Телесната повреда според ЗПИО постои кога кај осигуреникот настане загуба, односно влошување или значително онеспособување на поедини органи или делови на телото кои ја отежнуваат активноста на организмот и бара поголем напор при задоволување на животните потреби. За остварување на ова право инвалидноста може но не мора да биде предизвикана од телесната повреда. Мислење за телесната повреда и степенот на инвалидноста го дава инвалидската комисија или лекар поединец.

**ЗАШТИТЕН ДОДАТОК**

Ова право е наменето за обезбедување на социална заштита. Право на на овој додаток имаат лицата кои ги исполнуваат следните услови:

- примателот на старосна , ***инвалидска***, вдовечка пензија со стално место на живеење во Р Словенија,
- ако таа пензија не го достигнува износот на најниската пензија за полниот пензиски период и
- ако со другите членови на семејството заедно немаат други примања, кои се доволни за живеење.

Додатокот за помош и нега не се зема во предвид кога се утврдува имотната состојба при остварувањето на правото на заштитен додаток.

Висината на додатокот зависи од годините на дополнетиот пензиски стаж а кај инвалидската пензија зависи уште и од причините за настанување на инвалидноста.

**СЕМЕЈНА ПЕНЗИЈА**

Меѓу другите право на семејна пензија (редовни месечни денарски примања) имаат и децата кои станале целосно и трајно неспособни за работа.

За потполна неспособност за работа како услов за стекнување на правото на семејна пензија се сметаат и ***децаша кои се несйособни за самосшојно живеење и рабоша, и лицаша со изīубена рабошна сйособносш.***

**Vodnik po pravicah invalidov, Vlada Republike Slovenije, Urad za invalide, druga izdaja, 2001, од 91- 107 страна**

## 4.4. ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА

Воспитанието и образованието на децата и младите со хендикеп во Република Словенија се уредува со следните прописи:

- **Законот за насочувањена деца со посебни потреби,**
- **Правилник за критериуми за определување на видот и степенот на недостаток (оштетување)**
- **Закон за градинки**
- **Закон за основни училишта**
- **Закон за занатско и стручно образование**
- **Закон за гимназии**
- **Закон за високо школство.**

Во категоријата деца и младинци со посебни потреби во Р.Словенија се сврстуваат:

- деца и младинци со недостаток во психичкиот развој;
- слепи и слабовидни деца;
- глуви и наглуви деца;
- деца со говорни недостатоци;
- деца со пречки во движењето;
- хронично болни деца;
- со проблеми во поедини подрачја на учењето и
- деца со пореметување (растројства ) во однесувањето и личноста.

Споменатите деца имаат потреба од прилагодено изведување на програмите за воспитание и образование односно посебни програми на воспитување и образование.

Воспино образовна дејност со оваа популација на деца може да се изведува и во посебни градинки и училишта без концесија согласно со одредбите од Законот за организација и финансирање на воспитанието и образованието.

Системот на воспитание и образование на споменатата група на деца и младинци овозможува образование во градинките, основните и средните училишта, високо школските заводи, факултетите како и во посебните установи.

Во Словенија постојат училишта за деца со пречки во психичкиот развој; заводи за слепи и слабовидни деца и младинци; заводи за глуви и наглуви деца и младинци; заводи за деца и младинци со пречки во движењето (телесно инвалидни деца и младинци) како и заводи за деца и младинци со пореметувања (растројства) во однесувањето и личноста.

Во заводите е организирано предучилишно, основно и занаетчиско и стручно образование.

Според важечките прописи децата и младите во зависност од видот и степенот на оштетувањето (недостатокот) насочени се во:

- **Програма за деца од предучилишна возраст со прилагодени изведуања и додатна стручна помош на ниво на основно и стручно односно општо средно образование,**
- **Прилагодена програма за деца од предучилишна возраст**
- **Прилагодена образовна програма и дополнителна (додатна) стручна помош** на ниво на основно и стручно односно општо средно образование,
- **Прилагодена образовна програма,** наменета за деца со недостаток, односно пречки во видот, слухот, говорот или движењето, која обезбедува иста вредност на образовен стандард како и образовниот програм на основното односно професионалното, стручното и општото средно образование,
- **Прилагодени образовни програми,** кои не гарантираат еднаква вредност на образовниот стандард кој е наменет за деца кој имаат таков вид и степен на оштетување или пречки што не можат да го достигнат образовното ниво или стандард на редовното основно образование,
- **Посебна програма на воспитување и образование и**
- **Воспитни програми**

Освен наведените програми за *децата со посебни потреби* во градинките, училиштата или заводите може да се обезбеди исто така и индивидуална здраствена и друга стручна помош (обработка) согласно со посебните прописи.

*Посебните и прилагодени образовни програми и додатната стручна помош мора на децата со посебни потреби да им обезбеди можност, да се здобијат со еднакво вреден образовен стандард.*

*За оние деца со посебни потреби што не се во можност да ја пратат прилагодената програма се организира образование* ***со посебна програма*** *со која не се постигнува нивото и стандардот од редовниот образовен систем.*

Учениците со посебни потреби, на кои не може да им се обезбеди образование во местото на живеење и не постојат услови за организиран превоз се вклучуваат во заводи за воспитување и образование на деца со посебни потреби или се сместуваат во дом семејство.

***Постапка при насочување***

Детето се насочува (категоризира) по барање на родителите но може да биде насочено и од градинка, училиште, здраствени, социјални и други заводи. Кога детето се упатува на разврстување од некоја установа родителите мора да бидат запознаени. Барањето за упатување се предава во центрите за социална работа.

Разврстувањето се врши од страна на комисии кои вршат насочување (разврстување) од прв и од втор степен. Комисијата е

составена од учител или воспитувач, лекар специјалист педијатар или лекар специјалист од школска медицина, психолог, социјален работник, лекар специјалист и дефектолог со надлежна специјализација. Кога треба да се насочат децата со пречки во однесувањето и личноста, во комисијата учествуваат и преставници од центарот за социална работа.

Комисијата го формира ***стручното мислење*** врз основ на сопствените мислења, разговорите со родителите на детето врз основа на педагошка, специјално-педагошка, социална, психолошка, медицинска и друга документација, која ја добива од надлежни институции.

Со ***одлуката за насочување*** врз основа на стручното мислење на комисијата се одредува програма за воспитување и образование, во кое детето се насочува како и обемот и начинот на изведување на додатната стручна помош. Со одлуката за разврстување исто така се одредува и која градинка или училиште детето ќе ги посетува, можното намалување на бројот на децата во оделот, кадровските, просторните, материјалните и другите прилики.

Надлежната училишна управа мора одлуката за усмерување (разврстување) да ја достави односно врачи на родителите, градинките, училиштата односно заводите, во кое детето се упатува. Градинката, училиштето или заводот мора најдоцна во рок од 30 дена по вклучување на детето да изготви *индивидуален програм.*

### *Додатна стручна помош*

Ја обезбедуваат стручни работници од градинки или заводи а може и надворешен стручен работник кој ги исполнува условите. За дете од предучилишна возраст се одредени најмногу ***3 часа додатна помош*** во неделата додека за дете од училишна возраст ***најмногу 5 часа неделно***.

### *Лице за придружба и обезбедување на физичка помош*

Комисијата за насочување може да предложи доделување на придружник на дете со пречки во движењето за обезбедување на физичка помош, ако детето е насочено во следните програми :

- во програмот на предучилишно образование со прилагодено изведување (реализирање)и додатна стручна помош,
- во образовната програма со прилагодено изведување (реализирање) и додатна стручна помош
- и во прилагодена програма, која не обезбедува еднакво вреден образовен стандард. (*посебна програма*)

*Права йо други йройиси*

Во стручното мислење на комисиите се наведени кои права можат да ги стекнат родителите одредени со прописи од други области како што се социјалната заштита, здраственото осигурување, данок , царина и др.

Директорот на градинката, училиштето односно заводот именува стручна група за припрема, прием и изведување на индивидуалниот програм .

Надлежната училишна управа мора во одреден рок да го провери соодветното насочување-разврстување. Промена на насочувањето (разврстувањето) може да го предложат и родителите, градинките, училиштата односно здраствените, социјалните и други заводи но по предходно запознавање на родителите.

**ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ**

Во Словенија во рамките на основната здраствена дејност е обезбедена здраствена превентива на бебиња во првата година и систематски прегледи за едногодишни, тригодишни и петогодишни деца. Уште од раѓање децата се насочени на соодветна проценка најчесто во одделите за ментално здравје и детските диспанзери, кои делуваат во здраствени домови.

Глувите и наглувите, слепите и слабовидите, со пречки во движењето, како и децата со растројства во однесувањето и личноста, се ***йроценуваат обрабоиуваат и рехабилитираат во заводи кои се сйецијализирани за восйитување и образование на деца и младинци сйоред видот и стейенот на оштетувањето.***

Заводите, кои ги посетуваат тие деца, освен воспитување и образование организираат уште и различни форми на работа со родители и семејните членови, кои се одвиваат во соработка со инвалидските организации..

Уште во предучилишниот период детето може да биде насочено во соодветен програм на воспитување и образование. Градинките изведуваат:

- програми со прилагодено изведување и додатна стручна помош и
- прилагодени програми во развојни одели на градинки и градинки во заводи.

***Предност йри йрием во градинка имаат деца со йосебни йотреби.*** Во колку таквите децата поради степенот на оштетувањето или недостатокот не можат да ги посетуваат редовните градинки, се насочуваат односно се упатуваат во развојни оддели, кои работат по посебни прилагодени програми за предучилишни деца.

**Права на родителите и децата од подрачјето на здраствената заштита**

По Законот за здраствена заштита и здраствено осигурување ***децата и младите со посебни потреби имаат обезбедено потполна безплатна здраствена заштита,*** која се изведува во рамките на општата и специјалистичката здраствена заштита за деца и млади.

*Здраствени услуги во рамките на лекувањето и здраствената рехабилитација целосно се признати за децата и младите со посебни потреби.* Услугите опфаќаат лекарски прегледи и истражувања и здраствена нега поради рано откривање и обработка на детето која треба да се превземе веднаш. ***За наведената група на деца се одобрува лекување и посети на лекарот во домашни услови.*** Таквата можност важи и за децата кои родителите не можат да ги донесат во установите поради нивната здраствена состојба) .

Родителите имаат право на ***надомест заради нега на дете завреме на отсаство од работа,*** кој може да важи за деца со умерена, тешка и потешка психичка и телесна маана до 15 работни дена. Во исклучителни случаеви ако детето е помало од седум години или постаро но со тешка или потешка психичка маана надлежната здраствена комисија може да му го продолжи правото на надоместок најмногу до 30 дена. *За време на боледувањето еден од родителите прима 80% просечна месечна плата во изминатата година.*

**Право на повраток на патни трошкови**

Ова право го стекнуваат родителите меѓудругото и кога *детето се упатува на комисија за проценка или разврстување* во друг град. Ако лекарот одлучи, ова право може да го стекне и ***придружникот на детето.*** За дете до 15 години старост и постари ***со тежок , потежок душевен недостаток се смета, дека му треба придружник.***

Ако детето со родителите остане повеќе време на преглед или лекување, родителите имаат право на примање на ***надоместок за направените трошкови за храна и сместување.***

Износот за повраток го одредува Заводот за здраствено осигурување. За дете од предучилишна возраст надоместокот за сместување и исхрана изнесува пола од износот.

Присуство во болница заедно со детето може да ја стекнат родителите ако се работи за *тешка повреда на мозокот и рбетот, кога е предвидена подоцнежна рехабилитација на детето дома.* Ова право трае најмногу 30 дена а трошоците за прехрана не се повратни. Оваа одредба важи и за родителите чии деца имаат хронични заболувања, само во тој случај може да трае престојот во болница без надомест за прехрана најмногу 14 дена. Престојот во двата примера го покрива Заводот за здраствена заштита на Словенија во висина од 70% од трошоците.

## Техничките помагала

Ова право се одредува со *Правила* од обавезното здраствено осигурување. ***Деца и младинци со посебни потреби*** со оглед на видот на посебните потреби и староста *имаат право на поврашок на трошоците за стандардни ортопедски помагала.* За цената на надстандардните помагала е потребно доплата од родителите. Соодветните помагала ги добива детето во период, кога најдобро ќе му влијае на неговиот севкупен развој.Техничките помагала ги препишува лекар специјалист. Правото на помагала во некои случаеви ги влучува исто така и трошоците на редовно сервисирање и одржување (пример: инвалидска количка) но неисправноста да не настанала поради неправилно ракување од страна на корисникот.

Временскиот период, во кој детето или младинецот имаат оправдана потреба за поединачно помагало е различен и зависи од возраста на детето видот и степенот на повредата.

За посовремено помагало мора да се добие согласност од Заводот за здраствена заштита на Словенија а за многу поскапи потребно е да се добие мислење од лекарска комисија.

## Лекување во детски лечилишта

Ова право опфаќа сместување и пропишани здраствени услуги а го уживаат децата со хронични заболувања на дишните патишта, најчесо алергии, деца со анемии и деца со тешки операции. Правото може да се користи еднаш во годината.

Ова право трае од 14 до 21 ден а на предлог на лекарот во лечилиштето може да се продолжи најмногу до 28 дена. Предлогот за лекување во детски лечилишта го одобрува лекарска комисија на Заводот за здраствено осигурување на Словенија.

## Рехабилитација за обновување

Произлегува од задолжителното здраствено осигурување а се изведува по посебни програми, прилагодени на посебни видови на инвалиди. ***Ова право е наменето за деца со посебни потреби и потешки хронични болни*** ( тешко коскени-мускулни оболувања, реуматски, шеќерна болест, фенилкетонурија, церебална парализа). Во *рехабилитацијата за обновување* може да учествува еден од родителите во случаеви ако детето не е институционално згрижено. Во тој случај сите трошоци ги покрива Заводот за здраствено осигурување на Словенија.

Предлогот за *рехабилитацијата за обновување* го дава матичниот лекар на детето врз основа на здравствената документација. Правото за *рехабилитацијата за обновување* може да се користи на секои две години а местото го одредува организаторот.

**Здраствено летување**

Постарото дете и младинец, кои се почесто болни или поголем дел од годината го поминат во болница на предлог на матичниот лекар можат да стекнат делумно покривање на трошоците за организиран облик на здраствената колонија (групни лекувања на деца).

Предлог за тој облик на летувања го дава матичниот лекар на детето или младинецот врз основа на здраствена документација . Правото се користи секои две години и може да трае 7 до 14 дена.

**ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Во училиштата може да се изведуваат:

- ***програм на основно училиште со прилагодени изведувања и додатна стручна помош***, што ја изготвуваат и реализираат редовните основни училишта;
- ***прилагодени образовни програми***, кои се изведуваат во редовни оддели на основните училишта , во оддели со прилагодени програми и во заводите за воспитување и образование на деца со посебни потреби и
- ***посебен програм на образование*** , кои ги изведуваат училиштата, кои се организирани за изведување на прилагодени програми и посебни програми на воспитување и образование.

**Упис во основно училиште**

Родителите на детето со посебни потреби имаат право детето да го запишат во основно училиште во најблиската околина каде што детето живее. Ако училиштето не ги исполнува условите, детето може да го запише во други училишта, кои се наведени во одлуката за усмерување издадена од надлежната училишна управа. ***Работата во основното училиште дозволува, во одделението (паралелката) во која се вклучени ученици со посебни потреби, покрај учителот да присуствува и работи и дефектолог.***

**Одложување на школувањето**

На детето може уписот во училиште да му се одложи за една година по желба на родителите, на предлог на здраствената служба или комисијата за усмерување на деца со посебни потреби, ***ако се констатира , дека детето сеуште не е спремно за во училиште***. На ученикот може да му се одложи школувањето и за време на школската година, во прво оделение, на предлог на училишната советодавна служба, здраствената служба или комисијата за усмерување односно разврстување. Со одлучувањето мора да бидат согласни родителите.

**Превоз на учениците**

Децата ***со посебни потреби*** имаат право на ***бесплатен превоз*** без оглед на одалеченоста на нивното стално место на живеење од основното училиште, ако така е одредено со одлуката за насочување.

**Проверување и оценување на знаењето**

За ученици, кои посетуваат прилагодени програми, може да се одреди друг начин на проверување и оценување. За нив успешно завршено оделение, е кога ќе го исполни барањето, одредено со овој програм. ***Ученикот, кој завршил по посебен програм на образование, добива потврда за завршено воспитание и образование со која се определува успешноста на заклучниот степен на воспитание и образование по подрачја.***

**Образование дома и во посебни заводи**

Овој вид на образование во светот веќе подолго време се применува за сите возрасти од предучилишно до високо образование, ***пред се за деца и младинци со посебни потреби.*** Во Словенија со воведување на деветгодишното образование и усвојувањето на Законот за насочување на деца со посебни потреби на оваа категорија на деца им се овозможува ***образование дома или во посебни заводи***, ако за тоа постојат соодветни услови.

Ако ученикот образованието го стекнува дома, ќе мора да добие еднаков стандард, коко што го обезбедува програмот на јавните училишта.

**Продолжен престој во основно училиште**

*За ученици со посебни потреби* училиштето организира продолжен престој, кој трае се до деветиот клас на основното училиште. Другите ученици имаат продолжен престој до шесто оделение во основно училиште.

Споменатите права децата со посебни потреби ѓи стекнуваат врз основа на стручно мислење на комисијата.

**ОСПОСОБУВАЊЕ, ЗАНАЕТЧИСКО, СТРУЧНО И ОПШТО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Учениците со посебни потреби по завршено основно училиште го продолжуваат образованието во општи средни и занаетчиски училишта. Поединците, кои се поуспешни завршуваат гимназија и го продолжуваат школувањето на факултет.

Деца, кои поради ***психички или телесен недостаток*** не се во можност да посетуваат образование во редовни занатски и средни училишта се оспособуваат за работа во заводите, во кои посетуваат одел за работно оспособување. Програмот на оспособување има повеќе степени на барања, ученикот го посетува оној, кој највеќе одговара на неговите потреби. На крај на оспособувањето ученикот добива сведителство со описна оцена.

Поедини заводи за оспособување изведуваат скратени две и тригодишни програми за оспособување на младинци со посебни потреби, во некои пак постепено воведуваме четири годишни програми. Таквите програми се реализираат со помош на прилагодени методии со додатна стручна помош.

За учениците со ***посебни потреби***, кои стекнуваат образование во средните занаетчиски училишта, ***се применуваат прилагодени програми, дополнителна опрема и технички помагала***. За овие ученици е организирана и дополнителна стручна помош за совладување на училишното градиво а во оделенијата во кои се вклучуваат имаат помал број на ученици.

Во програм со пониско занаетчиско образование може да се запише ученик кој завршил најмалку шесто оделение основно училиште или завршено основно училиште со *прилагодена програма.*

За средно професионално и стручно училиште важат истите услови како за сите други ученици. Во средно училиште може да се запишат сите ученици ***со посебни потреби***, кои завршиле основно училиште и ги исполнуваат условите од конкурсот.

Ученикот, кој успешно завршил основното училиште, посетувал и завршил прва година нижо занатско училиште, ***може занаетчиското образование да го стекне кај работодавецот***. Со работодавецот се склучува договор за пракса.

На сите ученици поради здраствени прилики, подолг престој во болница или на рехабилитација, може да им се продолжи статусот на ученик за две години.

## СТУДИИ

Поуспешните и успешните ученици со посебни потреби продолжуваат со студирање на факултети и високошколски заводи.

### Упис

***Студентите со посебни потреби*** кои сакаат да се запишат на некој од студијските програми треба да ги исполнат општите услови за упис (положена матура или завршен испит) што се наведени во конкурсите секоја година за упис во прва година за поедини виши училишта, високошколски заводи и факултети.

### Изборна постапка

Уписот се врши врз основа на постигнати бодови, кои ученикот ги постигнал на матура односно на испит и успехот во последните две години.
***Ученикот со посебни потреби може да се запише без разлика на постигнатите бодови, ако за упис ги исполнува општите услови*** (положена матура или завршен испит).

***Учениците со посебни потреби*** кои се пријавиле во вториот или третиот рок се третираат како да се пријавиле во првиот рок. Службата за пријавување и информации на високо-образовните заводи и факултети писмено ги известува учениците со посебни потреби за уписот и резултатите од изборната постапка.
Исто како и другите студенти, кандидатите со посебни потреби имаат можност и вонредно да студираат.

### Стипендии

Правото на републичка стипендија имаат ученици во средните училишта, студенти од виши стручни училишта и факултети. За стипендија може да конкурираат исто така и ученици и студенти со посебни потреби.
На стипендија немаат право учениците со посебни потреби ако се институционално згрижени за време на учењето или студирањето, ако се во работен однос, ако се пријавени во Завод за вработување и ако се сопственици или косопственици на претпријатие. За бесплатна грижа се смета, ако на ученикот или студентот му се обезбедат 80% трошкови за грижа.
***На стипендистот*** со посебни потреби кој има тешко функционално пореметување ***може да му се одреди повисока стипендија, најмногу до 20% од загарантирана плата.***

Стипендистот, кој го прекинал образованието или не го завршил во рок поради објективни причини (***меѓу кои се вбројува и инвалидноста***),

може врз основа на мислење на стручната комисија делумно или во целост да биде ослободен од враќањето на стипендијата.

**Престој во студенски домови:**

***Ученици и студенти со посебни потреби имаат преднос*** при прием во студенски домови. Комисиите за прием во дом врз основа на индивидуална обработка, посебни социјални и здраствени прилики на овие ученици и студенти кон вкупниот број на бодови може да им додаде уште 100 бода.

Таквото правило важи кога кај студентот се констатира ***80 процентна инвалидност***. Исто така студентите со посебни потреби имаат можност за ***стекнување на право за престој на нивниот придружник во студенскиот дом***. Во тој случај кандидатот со молбата за прием во студенскиот дом мора да приложи писмен доказ за оправданоста за правото на придружник.

**Студенска прехрана**

Студенската прехрана се субвенционира цело време, т.е. и за време на летниот одмор, јули и август. Студентите имаат право на купување на еден бон за прехрана за секој работен ден. ***Студенти со констатирана инвалидност од I категорија како и оние кои имаат деte, може да купат пет додатни бонови.***

---

**Vodnik po pravicah invalidov, Vlada Republike Slovenije, Urad za invalide, druga izdaja, 2001 од 49-64 страна**

## 4.5. ВРАБОТУВАЊЕ И ОСПОСОБУВАЊЕ НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА

Ова подрачје се регулира односно уредува со следните закони и подзаконски акти:

- Закон за оспособување и вработување на инвалидизирани лица
- Закон за работни односи
- Закон за основни права од работниот однос
- Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност
- Правилник за изведување на програм за активна политика на вработување
- Правилник за мерки за надомест на трошоците во инвалидските претпријатија

**Статус на инвалидно лице**

Постапката за стекнување на статус на инвалидно лице може да ја покрене самото лице, лекарот, центарот за социјална работа, или советодателот за вработување.

Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност овозможува вклучување во програма на активна политика за вработување (АПВ) на повеќе категории на лица меѓу кои и ***лицаша со инвалидносш***.

Лицата кои веќе се стекнале со статус на инвалид по други прописи не се вклучуваат во постапка за добивање на овој статус според Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност а правата ги остваруваат врз основ на други прописи.

Невработено лице со инвалидитет може да заснова работен однос без да се објави конкурс.

При склучување на работен однос предност имаат невработените ***инвалидни лица*** кои што ги исполнуваат општите и посебните услови што се потребни за одредено работно место.

Вработувањето на работно место телефонист се регулира со Закон за вработување на слепи инвалидни лица. Работните организации (претпријатијата) според овој закон се обврзани да на слободното работно место телефонист го вработат слепото инвалидно лице кое поседува способности за таквото работно место.

***Лицаша со инвалидносш*** според Правилникот за изведување на мерки на активна политика на вработување имаат предност при вработувањето.

Лица кои потешко можат да се вработат според наведениот правилник се однесува меѓу другите и за ***лицаша со инвалидносш.***

Програмот на активна политика за вработување **АПВ** опфаќа мерки кои се наменети за невработените лица како и мерки наменети за работодавецот.

**мерки наменети за невработени лица:**

Информирање и професионално советување наменето за невработените лица и ученици заради нивно усмерување и информирање за можностите за образование и вработување на пазарот на трудот.

Овој правилник предвидува парични давачки (додатоци) наменети за изведување на поедини мерки на активната политика на вработување за одредени групи на невработени лица или за оние кои прв пат бараат работа. Изведувачот покрива парични давачки (додатоци) за:

- ***Помош на друго лице***
- Лекарски преглед
- Менторство
- јавен превоз
- ***Престој***
- Надомест на животни трошоци
- Купување на задолжителни учебници и помагала за учење
- ***Купување на посебни помагала за учење***
- Помош при враборување ( патни трошоци, трошоци за ноќевање, доручек, работна опрема, и други трошоци одредени во програмата на активната политика на вработување)

*Паричните давачки за помош од друго лице* се добиваат врз оанова на лекарско мислење, се покриваат до 20 % од минималната месечна плата а наменета е за ***инвалидни лица*** со потешки функционални пореметувања.

*Трошоците за престој* се покриваат во целост ако ***инвалидното лице*** се школува или оспособува во посебни центри или заводи за оспособување, кои се одалечени од местото на живеење повеќе од 1,5 часа возење во еден правец со јавно превозно средство освен ако се работи за оспособување со склучен работен однос.

Ако се школуваат или оспособуваат ***инвалидни лица со потешки функционални пореметувања*** (врз основ на лекарско мислење) ***трошоците за посебните помагала*** за учење се покриваат комплетно но до пет минимални месечни плати за секоја школска година.

**Програми на школување, дополнување и оспособување**

Образовниот програм е наменет за стекнување на професионално односно стручно образование заради поуспешно вработување на пазарот на трудот по завршеното образование на невработените лица.

Дополнувањето и оспособувањето гарантираат додатно знаење, спретност, способност или професионална квалификација заради прилагодување или придобивање на знаења, спретност и способност на невработените лица на пазарот на трудот.

Вклучувањето во образовните програми трае најмногу 6 години додека дополнувањето и оспособувањето трае најмногу една година но во

колку се оспособува ***инвалидно лице*** време траењето на оспособувањето може да изнесува до 18 месеци.

Кога се оспособува ***инвалидно лице*** трошоците ги покрива во целост изведувачот но најмногу до две минимални месечни плати, односно четири ако е склучен работен однос за минимум две години по завршуваето на оваа мерка.

**Осигурување на повреди при работа и професионална болест**

Оваа мерка е наменета за покривање на трошоците за осигурување на повреди при работа и професионална болест како помош на невработените лица при вклучување во некоја од програмите на активната политика на вработување. Споменатата мерка има за цел да ја зголеми социалната и здраствената заштита на споменатите лица.Ова осигурување се уредува со прописите од подрачјето на пензиското инвалидското и здраственото осигурување.

**Надоместување на плата на одредени групи на невработени и други лица**

Надоместот на плата е наменет за изедначување на можноста за вработување, сочувување на работно место и спречување на исклучувањето на можноста за вработување. Мерката е наменета за невработени лица кои потешко можат да се вработат, ***за инвалидите*** и долготрајно невработените лица како и за оние кои прв пат бараат работа. ***Мерката се употребува меѓу другото и за вработување на инвалиди во инвалидските предпријатија***. Мерката трае најмногу три години и може да се продолжи, ако работодавецот со договор се обврзе, дека учесникот ќе се запосли за најмалку двојно повеќе од траењето на мерката .

**Кофинансирање на трошоците и потикнување на претпријатијата**

Мерката е наменета за унапредувања на претпријатијата и отварање на нови работни места во малото стопанство, за невработени лица, кои сами се вработиле и кои во последните пет години пред нивното стекнување сеуште не ја искористиле таа мерка од заводот.

Обемот на неповратни средства во еднократен износ е до пет минимални месечни плати или до седум минимални месечни плати, ако е самовработен ***инвалид*** и ако вработувањето треба да трае најмалку две години.

**мерки наменети за работодавецот**

***Кофинансирање на деловните простори и нивно прилагодување, на опрема и направи за инвалидите***

Мерката е наменета за отворање на работните места за ***инвалиди*** со прилагодување на просторот и техничката опрема на работното место. При вработување на ***инвалидите*** на неодредено време односно најмалку за две години може да се партиципираат трошоците за прилагодување на просторот, опремата и направите во висина до 10 минимални месечни плати.

***Престанок на работниот однос***

По Законот за работни односи на ***работникот инвалид***, кој не ги исполнува условите за инвалидска пензија, може да му престане работниот однос само со негова согласност или ако му се обезбеди работен однос на друго работно место на неодредено време.

**ПРАВА ОД ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ**

Во случај на невработеност се предвидени следните права:

- Паричен надоместок
- Парична помош
- Права на работниците, на кои работата ќе им биде непотребна,
- Здраствено осигурување,
- Пензиско и инвалидско осигурување,

За доходи при стекнување на права за парична помош не се сметаат:

- ***Додаток за помош и опслужување;***
- ***Примања за грижа во друго односно во дом семејство***
- ***Детски додаток и општествена помош на деца;***
- Родителски додаток;
- Стипендии,
- ***Доходи од времено работење на инвалидот, кои се вклучени во институционална заштита.***

**ЗАШТИТА И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**

Според Закон за заштита и здравје при работа, (*Службен весник на РС, бр. 56/1999*) работодавецот мора да превземе мерки, потребни за обезбедување на заштита на здравјето на работниците како и надминување на опасноста при работа. Работодавецот е должен да изведува превентивни мерки и да избира такви работни и прозводни методи, кои ќе гарантираат поголем степен на заштита на здравјето при работа.

Работникот има право на работа и работна околина која ќе му обезбеди заштита на здравјето при работа.

Спред Правилникот на барања за обезбедување на заштита на здравјето на работникот на работните места *(Сл. весник на РС, бр.89/1999)* работодавецот е должен да ги ***припреми и адаптира работните места и простории соред барањата на инвалидитетот***. Прилагодувањето и адаптацијата се однесува посебно на: вратите, премините, скалите, купатила, тоалетите и слично  кои ќе ѓи употребуваат работниците со инвалидитет.

**ИНВАЛИДСКИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

Инвалидските предпријатија се предпријатија, во кои се ***оспособуваат и вработуваат инвалиди, кои поради својата инвалидност и преостанатата работна способност како и поради својата здраствена состојба не можат да се оспособат и вработат под исти услови како останатите граѓани.***

Инвалидските предпријатија може да делуваат како друштво со ограничена одговорност, работно претпријатие кое вработува и оспособува најмалку 40% инвалидни лица од вкупниот број на вработени.

Бидејќи претпријатијта за инвалиди се фактори од посебното општествено значење, за нив важат посебни давачки и олеснувања што им овозможува, да при работењето бидат економски успешни.

Кај претпријтијата за вработување на инвалиди доприносите за пензиско-инвалидско осигурување и доприносите за здраствена заштита се пресметуваат и се одвојуваат на посебна сметка и како одстапени средства се употребуваат за материјален развој на тие претпријатија. На ист начин се пресметува и доприносот за породилна заштита. Инвалидските претпријатија се ослободени од плаќање на *персонален данок и данок на добивка.*

Инвалидските претпријатија споменатите доприноси не ги плаќаат, туку им ги наменуваат за:

- Проширување на дејноста за оспосбување и вработување на инвалиди,
- Набавка на машини и опрема, потребни за извршување на дејноста,
- Припрема (прилагодување) на машините и другите направи како и на деловните простори спрема телесните и менталните можности на

инвалидизираното лице за да може непречено и безбедно да извршува работа,

- Подобрување на технолошкиот процес и организацијата на работа,
- Подобрување на заштита при работа,
- Санација по одобрени санациски програми

Стручната работа, соработката, употребата на одстапените доприноси и доделените надоместоци во инвалидските предпријатија со закон ги надгледуваат Министерството за труд, семејство и социјални работи , Агенцијата за платен промет и Даночна управа на Република Словенија.

Заводот за вработување на РС секој месец им исплаќа на инвалидските предпријатија надомест за трошоците за работата на вработените инвалиди, на кои им била призната инвалидноста по Законот за оспособување и вработување на инвалидизираните лица, Закон за војни инвалиди, Закон за образование и оспособување на деца и младинци со пречки во телесниот и менталниот развој, Закон за насочување на деца со посебни потреби и Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Уделот за надомест на инвалиди се движи од 25% и 75% загарантирана плата, во зависност од степенот на инвалидноста и намената на потрошената добивка.

Надоместот не се исплаќа за тие инвалиди , кои се на професионална рехабилитација или приправништво.

**Одредби од Законот за безбедност и здравје при работа**

Според овој закон работодавецот е должен да обезбеди заштита и здравје на работниците при работа. За таа намена работодавецот е должен да ѓи превземе следните мерки:

- спречување на опасности при работа:
- обавестување и оспособување на работниците;
- соодветна организација и обезбедување на потребни материјални средства.

Работодавецот мора да изведува такви превентивни мерки и да избира такви деловни и производни методи, кои ќе обезбедуваат поголем степен на заштита и здравје при работа.

Работодавецот е должен да ги известува работниците за безбедноста и заштитата при работа со помош на извештаи и упатства. Работниците мора да бидат запознаени со видот на опасностите на работното место и заштитните мерки ,потребни за спречување на опасности и намалување на штетните последици. Работодавецот мора посебно да води сметка за безбедноста на трудните работнички, младите работници, постарите работници, и ***работниците со намалена работна способност***

Работникот има права и должности, да се запознае со безбедносните мерки и мерките на здраствената заштита и да се оспособува за нивно изведување.

Работникот има права да одбие работа:

- ако предходно не бил запознаен со сите опасности или штетности при работата или ако работодавецот не обезбедил пропишан здраствен преглед;
- ако му прети непосредна опасност по животот и здравјето, бидејќи не се превземени пропишаните заштитни мерки, а опасноста да се отклони;

да работи повеќе од полно работно време односно полноќ, со што би се влошила неговата здраствената состојба бидејки не е во согласност со наодот и мислењето на овластениот лекар.

---

**Vodnik po pravicah invalidov, Vlada Republike Slovenije, Urad za invalide, druga izdaja, 2001, od 67-88 strana**

## 4.6. ОЛЕСНУВАЊА И ОСЛОБОДУВАЊА ВО РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА

***Заради поуспешна и поефикасна социјална интеграција на инвалидизираните лица како и подобрување на квалитетот на нивното севкупно живеење Република Словенија за ова категорија на лица и нивните семејства предвидува одредени олеснувања и ослободувања кои се регулирани со повеќе законски и подзаконски акти.***

### . МОЖНОСТИ, КОИ ГИ ИМААТ ИНВАЛИДИТЕ ПРИ РАШАВАЊЕ НА СТАНБЕНИТЕ ПРАШАЊА

Станбеното прашање е без сомневање еден од основните услови за живеење на поединецот. Во Република Словенија ова подрачје е уредено со Станбениот закон и подзаконски акти.

Станбениот закон на инвалидите и на семејствата со инвалидизирано лице им овозможува користење на следните поволности:

- Наем на социјални станови
- Наем на непрофитен стан
- Поволна станбена позајмица

Наведените поволности никако не значат автоматски добиени права. Дали корисникот ќе добие или не под наем (кирија), социален стан зависи од тоа, дали општината, во која престојува, воопшто добива социални станови.

Дали корисникот ќе добие под наем или не непрофитен стан зависи од тоа, дали постојат и делуваат непрофитни станбени организации, кои таквите станови би ги добивале и давале под наем.

Дали корисникот ќе добие поволна станбена позајмица (заем) за купување на стан или не зависи од конкурсот на Стамбениот фонд на Република Словенија.

#### наем на социјални станови

Корисници на кои може да им се доделат социални станови се сите државјани на Република Словенија, кои ги исполнуваат пропишаните услови.

***Инвалидите и семејствата со инвалид*** при решавањето односно доделувањето на станови под наем имаат ***предност.***

Доделувањето на социални станови под наем е регулирано со посебен акт ***Правилник за мерките за доделување на социални станови под наем.*** При доделувањето на социјалните станови се земаат во предвид следните моменти односно критериуми:

**- Семејство со дете, кое има умерен, тежок и најтежок психички или физички недостаток** ( констатирано од надлежна комисија)

**- Инвлидност кај барателот или возрасен член на семејството, поради кои барателот или возрасниот член на неговото семејството е неспособен за самостојно живеење и работа** (утврдено со резултати и мнение на надлежната комисија)

***Кај йошешки инвалидносши или йошешки болесши, кои бараат шрајна неѓа,*** при доделување на социални станови под наем може да се отстапи од пропишаните површни нормативи а да се земат во предвид потребата за додатен дневен простор или простор за спиење.

***Ако сшаноѿ е наменеѿ на инвалид односно за семејсшво со инвалид, на коѓо му е ошежнаѿо движењеѿо, шреба во рамкиѿе на можносѿа да се ѿрѓнаѿ архиѿекѿонскиѿе ѿречки во сѿаноѿ, на влезоѿ и излезоѿ од зѓрадаѿа земајќи ја во ѿредвид ѿоѿребаѿа за доволна ѿовршина за движење со инвалидска количка.***

При утврдувањето на основаноста на барањето општинскиот управен орган надлежен за станбени работи се консултира со надлежниот центар за социјална работа, ***инвалидскиѿе орѓанизации***, здраствени заводи, заводот за заслувaње, а по потреба и со други значајни надлежни органи.

**непрофитен стан за под наем (кирија)**

Во склад со Станбениот закон државјаните на Република Словенија имаат можност да добијат непрофитен стан под наем (кирија). По правило наемот на таков стан не е временски ограничен.

Условите за остварување на правото за непрофитен стан под наем се прецизно одредени во ***Правилникоѿ за издавање на неѿрофиѿен сѿан ѿод наем.***

Одредбите на наведениот правилник влијаат врз распоредувањето на барателите на листата за предност при добивање на непрофитен стан под наем. При доделувањето на ова право треба да се земаат во предвид :

- ***Архиѿекѿонскиѿе ѿречки*** ( одредбите важат, ако барателот односно членот од неговото семејството при движењето трајно е врзан за употреба на количка),

- ***Инвалидносѿ*** (одредбите се темелат на Законот за општествена заштита на лицата со ментален и телесен недостаток и важат кога се работи за инвалидност, поради која корисникот или возрасниот член на семејството е неспособен за самостојно живеење и работа а тоа е констатирано и утврдено со резултати и мнение на надлежната комисија од Заводот за пензиско и инвалидско осигурување на Словенија односно комисија за разврстување. Одредбите важат исто така и кога се работи за ***семејсѿво со малолеѿно деѿе, кое има умерен , ѿежок или ѿоѿежок***

***ментален или тежок телесен недостаток*** по основ на надлежната комисија за раврстување).

***Инвалид кој е трајно врзан за употреба на инвалидска количка односно физичка помош***, без оглед на сталното место на живеење може да даде молба за добивање на непрофитен стан под наем и во друга општина , во која му се загарантирани помошта од друго лице и здраствените услуги.

Правото за употреба на непрофитните станови е трајна.

***Инвалидите*** може да бидат корисници на намалена непрофитна наемнина, ако се наемници (кирации) на социалните станови и ако нивните просечни примања во последните три месеци пред поднесувањето на писменото барање не го надминуваат пропишаниот ценсус за доделување на социалните станови под наем.

**станбена позајмица**

Како и претходните права и ова право можат да го користат и инвалидите кои се државјани на Република Словенија.

***Предност*** при добивање на правото на станбена позајмица имаат ***инвалиди***, ***семејства со инвалидизирано лице***, млади семејства , семејства со повеќе деца, семејства со помалку запослени, државјани со подолг работен период, кои се без стан или се подстанари.

**Одредби од Законот на данок од доход**

***Основицата на данок од доход на инвалидите со 100-постотната телесна повреда*** , ако им било признаено правото за нега и помош од друго лице врз основ на одлуката од Заводот за пензиско и инвалидско осигурување на Словенија , центарот за социална работа или општинскиот управен орган, надлежен за заштита на борци и војни инвалиди, се намалува просечната плата на запослените во државата, за која данокот од доход се одредува (одмерува).

Родителите кои имаат дете, кое има умерен, тежок или најтежок ментален или телесен недостаток во развојот можат да добијат олеснување во висина од 50%,од годишната просечна плата на вработените во Република Словенија.

*Ослободување од плаќање на данок*

Од данок на лични примања (персонален данок) ослободени се лицата кои примаат лични примања:

- По прописите за војни , цивилни инвалиди, инвалиди во војска
- Од фирми за време на рехабилитација
- Од фирми кои доделуваат надоместок за инвалидност, кои го примаат лица по прописите за општествена заштита на лицата со ментален и телесен недостаток, и додаток за телесна повреда по прописите за пензиско и инвалидско осигурување,
- Инавалидни лици кои примаат времена нега или помош од инвалидските организации.
- За време на работа кога се вклучени во институционална заштита според законот за социална заштита.

Законот за данок од доход во член 50. и 51. одредува олеснувања за работодавците кои вработуваат инвалиди.

**ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ**

***Законот за ДДВ предвидува повластена даночна стапка од 8% за:***

- Медицински односно ортопедските и рехабилитациски справи односно технички припомагала, кои на инвалидите ги надоместуваат или му помагаат при неговато секојдневно делување и се наменети исклучиво за лична употреба, вклучувајки ги поправките на тие справи и помагала .

- Градба, обнова и одржување на станбениот простор, стан односно станбена куќа и посебни објекти за живеење и престој на инвалидите.

***Од плаќање на ДДВ се ослободуваат*** :

- Социјално заштитните услуги за промет на материјали, непосредно поврзани со социјално заштитните услуги, ако се вршат во склад со прописите, кои ја уредуваат социјално заштитната дејност, и

- Промет на услуги и материјали кои се непосредно поврзани со таквите услуги а ги извршуваат синдикални, хуманитарни, добротворни, инвалидски и слични организации и установи.

Опростување на ДДВ важи и за увезениот материјал во слободен промет за предмети, кои се посебно изработени за потребите на образованието и вработувањето односно пружењето на помош на слепи, глуви и други лица со телесен и ментален недостаток, ако таквите предмети се добиени бесплатно или се увезени од установи односно

организации, чија основна дејност им е образованието односно помош на таквите лица.

Правилникот за спроведување на Законот за данок на додадена вредност во член 41. ги наведува медицинските помагала, за кои е предвидена повластена стапка односно понизок степен на ДДВ. Повластена стапка од 8% на ДДВ е предвидена и за социално заштитните услуги одредени со член 51. од наведениот правилник. Здраствените услуги со повластена стапка се наведени во член 50. од истиот правилник.

**ОДЕРДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ДАНОК НА МОТОРНИ ВОЗИЛА**

Некои групи на инвалиди се ослободени од плаќање на данок на патнички моторни возила. Ослободени од овој данок се возилата ***наменети за превоз на инвалиди и тоа:***

- За едно ново патничко возило со работна зафатнина на бензиски мотор до 1800 см3 и дизел мотор 1900 см3;
- За едно ново патничко возило со работна зафатнина на бензиски мотор до 2000 см3 и дизел мотор 2200 см3 за нови ; патнички возила со автоматски менувач;
- За комби возило, посебно направено за превоз на инвалиди со инвалидски колички, кои најмногу еднаш во пет години може да купат инвалидски организации и лица, кои имаат возачка дозвола или им е потребна помош од други лица, кои имаат возачка дозвола.

***Спомена тото право може да го стекнат:***

- Лица, кај кои поради загуба, повреда, или парализираност на долните екстремитети или на карлицата настанале најмалку 80 % на повреди;
- Лица, кои во целост изгубиле вид на двете очи;

- Лица со умерен, тежок или потежок телесен или душевен недостаток, на кои им е признаена инвалидност по законот за општествена заштита на телесно и ментално оштетени лица,
- Децата со недостаток во телесениот или психичкиот развој, кои се следени од здраствените заводи како ризични во развојот.

***Ослободување на лица се признава различно во зависност од видот на повредата:***

- Според прописите за пензиско и инвалидско осигурување по основ на одлуките на Заводот за пензиско и инвалидско осигурување на Словенија;
- Врз основа на одлуката за признат стаус на инвалид односно одлуките на надлежниот центар за социална работа , издадена по основ на мислењето на вештакот за разврстување на деца и младинци со недостаток во телесниот и психичкиот развој;
- Врз основа на потврдата од здраствениот дом односно здраствениот завод, кој извршува специјалистичка педијатриска дејност.

Ослободување на инвалидски организации се признава врз основ на потврдата од Бирото на Владата на Република Словенија за инвалиди.
Во сообраќајната дозвола на така купениот односно увезен автомобил се забележува, дека купеното возило стекнува право за враќање на данок.

За да се спречат и оневозможат манипулации од било каков вид Законот ѓи обврзува инвалидската организација, инвалидот односно неговите родители или оние кои се грижат за него во колку го продадат патничкото возило или бесплатно или на било каков начин го отуѓат пред да истече петгодишниот рок од денот на купување односно увезување , да го платат предвидениот данок од кој се ослободиле, да платат средства по основ на камата од денот кога е купено односно увезено возилото до денот кога е платен данокот.

Ако патничкото возило било оштетено во сообраќајна несреќа за повеќе од 70% од пазарната вредност на денот на плаќање, оштетеното возило може да се продаде но без да се плати данок.

Ако инвалидот умре пред да истече петгодишниот рок од денот на купување односно увезување на автомобилот, законските наследници можат да го продадат патничкиот автомобил , кој го наследиле, без да се плати данок.

Ако корисниците не се возачи, може во нивно име моторното возило да го управуваат родителите односно оние кои се грижат за нив или лица , кои кај себе имаат писмено полномоштво од корисникот, од родителите односно од оние кои се грижат за него, без обавезно присаство на инвалидот во моторното возило.

**ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБЕН ДАНОК НА ОДРЕДЕНИ ПРИМАЊА**

Со Законот за посебен данок на одредени примања воведува обавезно плаќање на данок за одредени примања, кои се исплатени на поединецот.
За извршени услуги не се сметаат:
- Исплата на награда и повраток на трошкови на физички лица, кои доброволно односно по основ на покана или повик учествуват во ***инвалидска дејност*** под услов да исплатата на наградата не надминува 150.000,00 толари годишно.

Законот исто така определува таквиот данок да не се плаќа за ***исплата на времена и повремена нега односно помош на инвалиди, кои на физичките лица им ги плаќа инвалидската организација.***

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЧНА ПОСТАПКА

Според овој закон од плаќање се ослободени:

- Примања од фирма за надомест за инвалидитет, што ги примаат лица по прописите за општествена заштита на лица со ментален и телесен недостаток; и додаток за телесна повреда по прописите за пензиско и инвалидско осигурување;
- Додатоци за помош и нега од друго лице,
- Примања за повремена работа на инвалиди, кои се вклучени во институционална заштита,
- Помагала кои се дадени на телесно инвалидни лица или лица со друг физички недостаток (инвалидитет) по основ на правните прописи или сами ги набавиле а се неопходни за извршување на неговите животни функции.

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНА

Според членовите 161 и 162 од Законот за царина на Р.Словенија ***од плаќање царина се ослободени***:

**Инвалидите** за специфична опрема и технички помагала како и за дополнителни делови за употреба на таквата опрема и помагала кои споменатите лица непосредно ѓи употребуваат во секојдневниот живот и работа. Споменатата опрема и дополнителните делови за употреба на истата може да бидат набавени од самите инвалиди или од добротворни-хуманитарни организации со намена бесплатно да се поделат на жртвите од природна или друга несреќа (катастрофа) и војна;

***Инвалиди од I и II категорија*** за опрема, со која ја обавуваат својата професија но под услов таквата опрема да не се произведува во Словенија;

***Инвалидските организации*** - за специфична опрема,справи и инструменти (технички помагала), дополнителни делови и потрошен материал за таквата опрема, справи и инструменти,

***Инвалидските претпријатија и заводи*** за опрема и технички помагала како и за резервни делови за таквата опрема кои не се произведуваат во Словенија.Техниката и опремата треба да се употребуваат за нивната основна дејност т.е. оспособување и запослување на инвалидите.

## ОД УРЕДБИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ ПРАВА ЗА ЦАРИНСКИ ОСЛОБОДУВАЊА

*Од плаќање царина при увоз на моторни возила ослободени се:*

- лица, кај кои поради загуба, повреда или парализираност на долните екстремитети или карлицата настанале 80-% телесни повреди;
- лица, кои во целост го изгубиле видот на двете очи;
- лица со умерен, тежок или потежок телесен или ментален недостаок (односно возрасно лице, кое добива статус на инвалид согласно со прописите за заштита на лица со ментален и телесен недостаток);
- деца и младинци со умерени,тешки и потешки пречки во развојот;
- деца и младинци со умерена,тешка и потешка пречка во моториката и
- деца и младинци со комбинирани ментални и телесни пречки во развојот, кои поради тоа имаат потреба од помош односно помош од друго лице
- Предшколските деца, кои имаат трајни ментални и телесни пречки во развојот а се прифаќаат од менталнохигиенските диспанзери, педиатриски те служби или соодветните специјалистички клиники.

Патничкото моторно возило не може да се отуѓува пред да навршат три години без да се плати царина. Исклучок од ова правило има во случај на смрт на инвалидното лице кога наследникот може да го оутќи возилото без платена царина.

Спред член 79. инвалиди од I и II категорија не плаќаат царина за опрема наменета за обавување на професионалната дејност за која имаат сертификат дека се оспособени.

## ПЛАЌАЊЕ НА РТВ - ПРЕТПЛАТА

**РТВ** - претплата не плаќаат следната група на претплатници:

- инвалиди со 100-одстотна повреда
- инвалиди со помалку од 100-постотен телесен недостаток, ако им е признато и правото на додаток за нега
- лица, кои трајно го загубиле слухот,
- заводите за заштита на деца, училишта, болници, домови за возрасни, инвалидски организации и инвалидски работилници.

**ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА УПРАВНИ ТАКСИ**

Од плаќање на управни такси за одредени работи ослободени се:

- инвалидски организации- за документи и работи во врска со изведување на своја регистрирана дејност односно намена , за кои се регистрирани;
- инвалиди -за кои е одредено во здраствените легитимации, дека смеат да возат преуредено возило;
- приматели на надоместок за инвалидитет по прописите, кои ја уредуваат заштитата на возрасните телесно и ментално оштетени лица.

Ослободување од плаќање на управни такси се користи во постапка за пријавување на возачки испит, при издавање на возачка дозвола и при продолжување на важноста на возачката и сообраќајната дозвола.

*Документи кои се ослободени од такси* :

- документи и работи за стекнување на права од пензиско и инвалидско и за здраствено осигурување;
- документи и работи за стекнување на социјално заштитни права,
- документи и работи во постапка за стекнување права, кои се со закон признати на инвалиди, војни ветерани и жртви на војните насилства.

**УРЕДБИ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ПАТАРИНА ЗА УПОТРЕБА НА ПАТИШТАТА**

*Годишниот поврашок за употреба на улици не се плаќа* за патнички возила со моторна зафатнина до 1800 см3 и за комбинирани возила, преуредени за превоз на инвалиди со инвалидска количка , кои се употребуваат за превоз на:

- работни инвалиди со најмалку 80- постотна повреда и инвалиди, кај кои поради загуба , повреда или парализираност на долните екстремитети или рбетот настанала најмалку 60-процентна телесна повреда на долните екстремитети;

- лица, кои потполно го изгубиле видот на двете очи ;
- лица со умерена , тешка или длабока ментална ретардација на кои им е призната инвалидност по прописите за општествена заштита на лицата со телесен и ментален недостаток и по прописите за образование и оспособување на деца со посебни потреби,
- и деца со потешкотии во телесниот и менталниот развој, кои се сметаат како ризични во развојот од страна на здраствените заводи.

Платнички автомобили и велосипеди со мотор кои не плаќаат патарина за употреба на улици имаат следните категории на инвалидни лица:

- воjни инвалиди
- цивилни инвалиди од војната
- инвалиди I и IV група, кои станале инвалиди поради повреда на долните екстремитети,
- работни инвалиди со 80 постотна или поголема повреда или телесна повреда, која има за последица 60 постотна или поголема неспособност на долните екстремитети,
- лица со телесна повреда (односно лица, 60-постотна или поголема неспособност на долните делови која е последица на болеста, која ја предизвикува телесната повреда, последица на елементарна и друга несреќа или се повредите вродени),
- лица кои потполно го изгубиле видот на двете очи;
- лица со умерена , тешка или најтешка ментална ретардација, на кои им е призната инвалидност по прописите за општествена заштита на телесно и ментално оштетени лица и по прописите за образование и оспособување на деца и младинци со пречки во телесниот и менталниот развој и
- деца со потешкотии во телесниот и менталниот развој, кои здраствените заводи ги сметаат како ризични во развојот.

Наведените категории не плаќаат патарини за употреба на патишта ако возилото е наменето за нивен личен превоз.

*Застанување и паркирање на моторни возила*
Според **Одредбите за посебни знаци за застанување и паркирање на моторни возила** инвалидите имаат право на застанување или паркирање на моторното возило на места на кои паркирањето не е дозволено.

Моторното возило мора за таа намена да биде означено со симболот за инвалид.

Инвалидот го добива знакот за инвалид од Управните органи на општината врз основа на напишана молба и приложено мислење од здраствена односно инвалидска организација.

**ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТУРИЗМОТ**

Според овој закон од плаќање на туристички такси ослободени се :

- инвалидизирани лица врз основ на членска карта,
- лица со здраствен упат за лекувалишта (бањи) или болници.

Општината може врз основа на своите прописи дополнително да одреди категорија на лица, кои се ослободени од туристички такси.

## ПАРКИНГ ПРОСТОР ЗА ВОЗАЧОТ СО ИНВАЛИДИТЕТ

Правилникот за сообраќајна сигнализација и сообраќајна опрема на јавните патишта пропишува стандардни мерки и ознаки на паркинг просторот за возачот со инвалидитет.Таков паркинг простор мора да биде широк најмалку 3 метра и што поблиску до влезот на зградата обележан со жолта боја а во средината на просторот е стилизиран меѓународниот знак инвалид на количка. Комуналната служба на барање на инвалидното лице е должна да обезбеди т.е. обележи паркинг простор пред зградата каде што живее или работи.

## ДРУГИ ОЛЕСНУВАЊА И ОСЛОБОДУВАЊА

Членовите на инвалидска организација кои ја потврдуваат својата инвалидност со соодветни документи ***ослободени се од плаќање на туристичка такса.***

**Законот за градежни земјишта** при доделување на градежно земјиште за градење на семејни куки ја зема во предвид здравствената состојба на молителот односно членовите на неговото семејство.

Одредени олеснувања односно попусти имаат инвалидите и во јавните превозни средства. ***Право на намалено односно бесплатно возење имаат: војните инвалиди, слепите лица и нивниот придружник.*** Оправданоста за намалено односно бесплатно возење го докажуваат со важечки документи.

Поштата на Словенија врши ***бесплатен пренос на пратки за слепи лица во внатрешен и меѓународен сообраќај.***

Инвалидите имаат поволности и во подрачјето на осигурителните дејности и тоа пред се на ***автомобилското осигурување***. Секоја осигурителна куќа нуди свои поволности за лицата со хендикеп.

### *Употреба на услуги од интернет*

Според АРНЕС (јавните заводи за развој, организација и водење на академски единици и истражни компјутерски мрежи во Словенија) инвалидите и инвалидските организации имаат можност да ги користат услугите на интернет (електронска пошта, електронски именик, пренос на датотеки со компјутри, пристап до одалечените компјутри, електронски предавања, мултимедиски услуги, достап до сите базни податоци во светот, вклучување на сопствени базни податоци во светската мрежа и сл).

Лицата со инвалидитет односно инвалидските организации имаат можност за бесплатен пристап до интернет, при што цената на импулсите дополнително е намалена.

Основа за добивање на оваа можност, е договор склучен помеѓу Министерството за труд, семејство и социјални работи и со јавниот завод АРНЕС.

---

**Vodnik po pravicah invalidov, Vlada Republike Slovenije, Urad za invalide, druga izdaja, 2001,od 111- 131**

## II. ЕМПИРИСКИ ДЕЛ

**Графикон бр. 1**




| да | делумно | не |
|---|---|---|
| 30 | 55 | 35 |

На основа, на горе прикажаните резултати во табелата и графиконот бр.1, може да се констатира дека лицата со инвалидитет односно членовите на нивните семејства не се доволно информирани за нивните права. Од кажанато произлегува дека општествената заедница со изготвувањето на разни брошури, информирање преку електронските медиуми и дневниот печат и сл. треба да ги пропагира и афирмира правата за оваа категорија на граѓани.

**Графикон бр. 2**




| неефик. администр. | не спровед. закони | немање координација |
|---|---|---|
| 12 | 62 | 46 |

На ова прашање 52 % од испитаниците одговориле дека главна пречка во остварувањето на нивните права е неспроведувањето на законите. Не е мал и процентот на одговори ( 38 %) кој укажува дека причина за неможност во остварувањето на таквите права е недостигот на координација помеѓу надлежните институции. Само 10 % од испитаниците причината ја гледаат во неефикасноста на администрацијата.

Еден дел од испитаниците 15 или 12,5 % сметаат дека причината за остварувањето на нивните права ја гледаат во сите три наведени одговори.

Од кажаното може да се заклучи дека државата треба да превземе мерки за подобрување на ефикасноста на администрацијата, подобрување на координацијата помеѓу надлежните служби кои ги третираат прашањата на лицата со хендикеп и посебно да обрне внимание во имплементирањето на законите во пракса.

**Графикон бр. 3**




| да | делумно | не | незнам |
|---|---|---|---|
| 6 | 36 | 74 | 4 |

На ова прашање поголем дел од испитаниците (хендикепираните и нивните семејства ) 62 % одговотиле дека немаат адекватен физички пристап до јавните објекти (пошти, банки, училишта, здравствени домови трговски и слични објекти). Еден дел од испитаниците 30 % сметаат дека споменатите објекти делумно имаат обезбедено пристап за телесно инвалидните лица, додека 5 % мислат дека таквите објекти имаат физички пристап. Само 3 % од испитаниците одговориле со незнам.

На основ на добиените резултати може да заклучиме дека јавните објекти намаат адекватен пристап за оваа категорија на граѓани.

Имајки предвид дека законската регулатива која се однесува на стандардите и нормитивите за проектирање како и за просторно планирање се совршени ( на европско ниво) проблемот можеме слободно да го лоцираме во надлежните институции за урбанизам и градежништво.

**График бр. 4**




| да | делумно | не | незнам |
|---|---|---|---|
| 2 | 27 | 80 | 11 |

Поголем дел од хендикепираните лица и членовите на нивните семејства 66 % сметаат дека надлежните институции не ги доволно консултираат во изготвувањето на законските акти кои се однесуваат на хендикепираните. Еден дел од испитаниците 23 % сметаат дека само делумно ги вклучуваат или консултуриаат во врска со изготвувањето на проектите кои се од нивен интерес. Една дел од лицата со хендикеп 9 % воопшто незнаат дали лицата со хендикеп се вклучуваат во такви активности.

Државата според меѓународните документи има обврска да ги вклучува хендикепираните и нивните семејства во сите активности од таква природа.

**Графикон бр. 5**




| да | не | незнам |
|---|---|---|
| 106 | 4 | 10 |

Од прикажаните резултати на графиконот и табелата може да се онстатира дека 106 испитаници или 89 % сметаат дека најважните вести од денот кои се емитуваат на електронските медиуми треба да бидат титлувани и/или преведувани на јазикот на знаците како би можеле да бидат во тек со сите актуелни збиднувања. Многу мал број 3 % од анкетираните се изјасниле против а 8 % не знаат дали им етоа потребно на лицата со оштетен слух.

За да се оствари ова право надлежното министерство треба да направи измени дополнувања во Законот за радиодифузија со кои ќе се обврзат националните независни електронски медиуми да ги преведуваат или титлуваат најважните вести во денот.

**Графикон бр. 6**




| да | не | незнам |
|---|---|---|
| 96 | 3 | 21 |

На ова прашање 79 % од испитаниците сметаат дека знаковниот јазик треба да биде званично признаен, 18 % незнаат дали теба да се признае и 3 % дека не треба да се озваничи јазикот на знаци. Од одговорите јасно може да се види дека потребата од признавањето на јазикот на знаците е неопходна со што ќе им се овозможи поефикасно образование, оспособување, комуникација, информирање и вклучување во социјалната средина.

Надлежните институции треба во најскоро време да изготват и усвојат законски проект за признавање на јазикот на знаците и да го воведат занимањето преведувач (толкувач) на таквиот јазик во номенклатурата на занимања а во рамките на материјалните можности да финансира студии или курсеви по овој јазик.

**Графикон бр. 7**




| да | не | незнам |
|---|---|---|
| 112 | 5 | 3 |

На ова прашање 93 % од испитаниците сметаат дека хендикепираните треба да бидат ослободени од плаќање царина за патнички автомобил за лична употреба, 5 испитаници или4 % сметаат дека тоа не е потребно додека останатите 3 % незнаат. Овозможувањето на ова право неможе да ја загрози фискалната политика на земјата а ќе им овозможи на оваа категорија на граѓани поекономично да го решат овој сериозен проблем.

Со законот за царина или со подзаконски акт можат децидно да се одредат правилта за ослободување, користење и отугување на возилото за да се спречат сите можни злоупотреби.

**графикон бр. 8**




| да | не | незнам |
|---|---|---|
| 111 | 3 | 6 |

Најголем дел од испитаниците 111 или 92 % на ова прашање одговориле дека градбата, обновата и одржувањето на стамбениот простор треба да имаат повластена даночна стапка од 5 %.

Само 5 % од хендикепираните сметаат дека нетреба да го имаат ова олеснување или ослободување.

Со законско регулирање на ова право нема да се загрози фискалната политика на државата а ќе се подобрат стамбените прилики кај лицата со инвалидитет инивните семејства.

**Графикон бр. 9**




| да | не | незнам |
|---|---|---|
| 119 | 0 | 1 |

Од вкупно 120 испитаници 99,2% се изјасниле дека справите и помагала треба да се ослободат од ДДВ.

Овде е сосема јасно дека ортопедските помагала наменети за задоволување на основните животни потреби треба да бидат ослободени од плаќање на ДДВ.

Со законско регулирање на ова право ќе им овозможиме на телесно инвалидните и хронично болните лица поефтино да ги набават потребните направи без кои не можат да ги задоволат своите потреби.

**Графикон бр.10**




| да | не | незнам |
|---|---|---|
| 108 | 7 | 5 |

Од прикажаните резултати на графиконот и табелата лесно може да се заклучи дека автомобилите за личен превоз треба да имаат повластена даночна стапка. Со регулирање на ова право во голема мера ќе им се овозможи на овие граѓани поефтино да набават автомобил за нивен личен превоз со што полесно ќе можат да ги обавуваат своите секојдневни активности. Таквото право или олеснување го подржаваат 90 % од испитаниците, 6 % сметаат дека таквта превилегија не е потребна а 5 испитаници или 4 % незнаат дали таквото олеснување им е потребно на лицата со инвалидитет.

**Графикон бр.11**




| Да | не | незнам |
|---|---|---|
| 119 | 0 | 1 |

Најголемиот дел од хендикепираните 119 или 99,2 % сметаат дека лицата со потежок и најтежок ментален и/или телесен хендикеп треба да бидат ослободени од РТВ претплата. Со овозможување на таквото право скромно ќе се подобри нивната и така лоша материјална состојба.

**Графикон бр. 12**




| да | не | незнам |
|---|---|---|
| 110 | 3 | 5 |

Ова право кое некогаш го имаа лицата со хендикеп 93 % од испитаниците сметаат дека треба да го уживаат со што полесно ќе можат да ги задоволуваат своте социјални потреби (дружење, забава, култура, спорт, рекреација и слично).

**Графикон бр. 13**




| да | не | незнам |
|---|---|---|
| 106 | 2 | 12 |

Станбеното прашање е без сомневање еден од основните услови за живеење на поединецот па според тоа ова право треба да им се овозможи на лицата со хендикеп и нивните семејства со цел да се подобрат нивните семејно-материјалните прилики. Општествената е економската транзиција ни најмалку не ги заобиколува хендикепираните лица па затоа оправдано би било овие луге да го користат односно уживаат таквото право.

Најверојатно поради споменатото најголемиот дел од испитаниците 88 % се изјасниле позитивно за ова право додека 10 % незнаат дали хендикепираните треба да го уживаат ова право.

**Графикон бр. 14.**




| да | не | незнам |
|---|---|---|
| 104 | 6 | 10 |

Од резултатите прикажани на табелата и графиконот може јасно да се види дека лицата со хендикеп сметаат дека треба да имаат свој претставник во ФПИО кој ќе ги застапува нивните интереси. Од вкупно 120 испитаници 104 или 87 % се изјасниле за потребата од вклучување на инвалидно лице во Фондот за ПИО. Останатите 8 % не знаат за потребата о свој претставник во оваа институција, а 5 % сметаат дека тоа не потребно.

**Графикони бр. 15**

**Информираност за Националната стратегија**

**а) Стручни лица**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 87 | 39.19 |
| делумно | 93 | 41.89 |
| не | 42 | 18.92 |
| вкупно | 222 | 100.00 |

**б) Релевантни фактори**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 31 | 27.93 |
| делумно | 68 | 61.26 |
| не | 12 | 10.81 |
| вкупно | 111 | 100 |

**Графикони бр. 16**

**Дали лицата со хендикеп се опфатени со генералното планирање, развојната стратегија и економската политика на земјата**

**а) Стручни лица**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 29 | 13.06 |
| делумно | 87 | 39.19 |
| не | 75 | 33.78 |
| не знам | 31 | 13.96 |
| вкупно | 222 | 100 |

**б) Релевантни фактори**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 10 | 9.01 |
| делумно | 57 | 51.35 |
| не | 32 | 28.83 |
| не знам | 12 | 10.81 |
| вкупно | 111 | 100 |

**Графикони бр. 17**

**Постои ли координација помеѓу надлежните институции и НВО во изготвувањето на законската регулатива која се однесува на лицата со хендикеп**

**а) Стручни лица**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 23 | 10.36 |
| делумно | 89 | 40.09 |
| не | 70 | 31.53 |
| не знам | 40 | 18.02 |
| вкупно | 222 | 100 |

**б) Релевантни фактори**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 28 | 25.23 |
| делумно | 63 | 56.76 |
| не | 9 | 8.11 |
| не знам | 11 | 9.91 |
| вкупно | 111 | 100 |

## Графикони бр. 18

**Дали законските одредби кои се однесуваат на лицата со хендикеп се спроведуваат во пракса**

**а) Стручни лица**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 27 | 12.16 |
| делумно | 132 | 59.46 |
| не | 62 | 27.93 |
| не знам | 1 | 0.45 |
| вкупно | 222 | 100 |

**б) Релевантни фактори**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 3 | 2.70 |
| делумно | 82 | 73.87 |
| не | 26 | 23.42 |
| вкупно | 111 | 100 |

**Графикони бр. 19**

**Знаковниот јазик треба да биде званично признаен**

**а) Стручни лица**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 180 | 81.08 |
| не | 13 | 5.86 |
| не знам | 29 | 13.06 |
| вкупно | 222 | 100 |

**б) Релевантни фактори**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 76 | 68.47 |
| не | 2 | 1.80 |
| не знам | 33 | 29.73 |
| вкупно | 111 | 100 |

**Графикон бр. 20**

**Дали на електронските медиуми се емитуваат доволно емисии наменети за лицата со хендикеп**

**а) Стручни лица**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 12 | 5.41 |
| делумно | 78 | 35.14 |
| не | 126 | 56.76 |
| не знам | 6 | 2.70 |
| вкупно | 222 | 100 |

**б) Релевантни фактори**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 3 | 2.70 |
| делумно | 56 | 50.45 |
| не | 51 | 45.95 |
| не знам | 1 | 0.90 |
| вкупно | 111 | 100 |

**Графикони бр. 21**

**Објектите од јавен карактер имаат физички пристап за лицата со инвалидност**

**а) Стручни лица**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 11 | 4.95 |
| делумно | 128 | 57.66 |
| не | 78 | 35.14 |
| не знам | 5 | 2.25 |
| вкупно | 222 | 100 |

**б) Релевантни фактори**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 3 | 2.70 |
| делумно | 66 | 59.46 |
| не | 41 | 36.94 |
| не знам | 1 | 0.90 |
| вкупно | 111 | 100 |

**Графикони бр. 22**

**Лицата со инвалидност треба да бидат ослободени од плаќање царина за патнички автомобил за лична употреба**

**а) Стручни лица**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 164 | 73.87 |
| не | 31 | 13.96 |
| не знам | 27 | 12.16 |
| вкупно | 222 | 100 |

**б) Релевантни фактори**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 98 | 88.29 |
| не | 9 | 8.11 |
| не знам | 4 | 3.60 |
| вкупно | 111 | 100 |

**Графикон бр. 23**

**Градба, обнова и оджување на станбениот простор за лицата со инвалидност треба да има повластена даночна стапка на ДДВ од 5%**

**а) Стручни лица**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 160 | 72.07 |
| не | 21 | 9.46 |
| не знам | 41 | 18.47 |
| вкупно | 222 | 100 |

**б) Релевантни фактори**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 95 | 85.59 |
| не | 8 | 7.21 |
| не знам | 8 | 7.21 |
| вкупно | 111 | 100 |

**Графикони бр. 24**

**Ортопедските и техничките помагала наменети за задоволување на основните животни потреби на лицата со инвалидност, треба да бидат ослободени од ДДВ**

**а) Стручни лица**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 208 | 93.69 |
| не | 6 | 2.70 |
| не знам | 8 | 3.60 |
| вкупно | 222 | 100 |

**б) Релевантни фактори**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 100 | 90.09 |
| не знам | 11 | 9.91 |
| вкупно | 111 | 100 |

**Графикони бр. 25**

**Автомобилите наменети за лицата со инвалидност треба да имаат повластена даночна стапка на ДДВ од 5%**

**а) Стручни лица**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 172 | 77.48 |
| не | 19 | 8.56 |
| не знам | 31 | 13.96 |
| вкупно | 222 | 100 |

**б) Релевантни фактори**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 92 | 82.88 |
| не | 3 | 2.70 |
| не знам | 16 | 14.41 |
| вкупно | 111 | 100 |

## Графикони бр. 26

**Услугите на Интернет провајдерите на лицата со инвалидност и инвалидските организации треба да бидат бесплатни**

**а) Стручни лица**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 178 | 80.18 |
| не | 16 | 7.21 |
| не знам | 28 | 12.61 |
| вкупно | 222 | 100 |

**б) Релевантни фактори**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 85 | 76.58 |
| не | 18 | 16.22 |
| не знам | 8 | 7.21 |
| вкупно | 111 | 100 |

**Графикони бр. 27**

**Лицата со инвалидност и семејствата со инвалидно лице треба да имаат право на станбена позајмица (заем без камата)**

**а) Стручни лица**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 165 | 74.32 |
| не | 10 | 4.50 |
| не знам | 47 | 21.17 |
| вкупно | 222 | 100 |

**б) Релевантни фактори**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 87 | 78.38 |
| не | 4 | 3.60 |
| не знам | 20 | 18.02 |
| вкупно | 111 | 100 |

**Графикон бр. 28**
**Врвниот спорт на лицата со хендикеп треба да биде регулиран со посебен акт**
**а) Стручњаци**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 186 | 83,8 |
| не | 6 | 2,7 |
| незнам | 30 | 13,5 |
| Вкупно | 222 | 100 |

**б) Релевантни фактори**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 95 | 85,6 |
| не | 7 | 6,3 |
| незнам | 9 | 8,1 |
| вкупно | 111 | 100 |

**Графикон бр. 29**
**Право на намален и бесплатен превоз во РМ за лицата со хендикеп**

**а) Стручњаци**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 207 | 93,2 |
| не | 5 | 2,3 |
| незнам | 10 | 4,5 |
| Вкупно | 222 | 100 |

**б) Релевантни фактори**




| | Број | % |
|---|---|---|
| да | 96 | 86,5 |
| не | 11 | 9,9 |
| незнам | 4 | 3,6 |
| вкупно | 111 | 100 |

**Графикони бр. 30**
**Повластена даночна стапка на персонален данок за родителите**
**а) Стручњаци**




| | Број | % |
|---|---|---|
| да | 169 | 76,1 |
| не | 9 | 4,1 |
| незнам | 44 | 19,8 |
| Вкупно | 222 | 100 |

**б) Релевантни фактори**




| | Број | % |
|---|---|---|
| да | 89 | 80,2 |
| не | 14 | 12,6 |
| незнам | 8 | 7,2 |
| вкупно | 111 | 100 |

**Графикон бр.31**
**Има ли потреба од занимањето преведувач на знаковен јазик**

**а) Стручњаци**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 157 | 70,7 |
| не | 22 | 9,9 |
| незнам | 43 | 19,4 |
| вкупно | 222 | 100 |

**б)Релевантни фактори**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 85 | 76,6 |
| не | 13 | 11,7 |
| незнам | 13 | 11,7 |
| вкупно | 111 | 100 |

**Графикон бр. 32**
**Националните телевизии треба законски да се обврзат да ги титлуваат или преведуваат на зналовен јазик најважните вести**

а) Стручњаци




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 192 | 86,5 |
| не | 9 | 4,1 |
| незнам | 21 | 9,5 |
| вкупно | 222 | 100 |

б) Релевантни фактори




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 88 | 79,3 |
| не | 2 | 1,8 |
| незнам | 21 | 18 |
| вкупно | 111 | 100 |

**Графикони бр. 33**
**И.О. при прометот на услуги и треба да бидат ослободени од ДДВ**

**а) Стручњаци**




| | Број | % |
|---|---|---|
| да | 155 | 69,8 |
| не | 24 | 10,8 |
| незнам | 43 | 19,4 |
| вкупно | 222 | 100 |

**б) Релевантни фактори**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 74 | 66,7 |
| не | 9 | 8,1 |
| незнам | 28 | 25,2 |
| вкупно | 111 | 100 |

**Графикон бр. 34**

**Јавните објекти имаат паркинг место за инвалидните лица**

**а) Стручни лица**




| | Број | % |
|---|---|---|
| да | 7 | 3,2 |
| делумно | 80 | 36,0 |
| не | 129 | 58,1 |
| незнам | 6 | 2,7 |
| Вкупно | 222 | 100 |

**б) Релевантни фактори**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 3 | 2,7 |
| делумно | 29 | 26,1 |
| не | 75 | 67,6 |
| незнам | 4 | 3,6 |
| вкупно | 111 | 100 |

**Графикони бр.35**
**Дали се спроведува Националната стратегија**

**а) Стручни лица**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 48 | 21,6 |
| делумно | 104 | 46,8 |
| не | 25 | 11,3 |
| незнам | 45 | 20,3 |
| Вкупно | 222 | 100 |

**б) Релевантни фактори**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 14 | 12,6 |
| делумно | 78 | 70,3 |
| не | 7 | 6,3 |
| незнам | 12 | 10,8 |
| вкупно | 111 | 100 |

**Графикон бр.36**
**Лицата со тешка и најтешка инвалидност трба да бидат ослободени од РТВ претплата**

**а) Стручни лица**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 182 | 82,0 |
| не | 12 | 5,4 |
| незнам | 28 | 12,6 |
| вкупно | 222 | 100 |

**б) Релевантни фактори**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 96 | 86,5 |
| не | 9 | 8,1 |
| незнам | 6 | 5,4 |
| вкупно | 111 | 100 |

**Графикон бр.37**
**Се одвојуваат ли средства за културно забавен и спортски живот**
**а) Стручњаци**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 12 | 5,4 |
| делумно | 61 | 27,5 |
| не | 124 | 55,9 |
| незнам | 25 | 11,3 |
| Вкупно | 222 | 100 |

**б) Релевантни фактори**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 20 | 18,0 |
| делумно | 23 | 20,7 |
| не | 51 | 45,9 |
| незнам | 17 | 15,3 |
| вкупно | 111 | 100 |

**Графикон бр. 38**
**Фондот за ПИО треба да има преставници од инвалидските организации**

**а) Стручњаци**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 194 | 87,4 |
| не | 4 | 1,8 |
| незнам | 24 | 10,8 |
| Вкупно | 222 | 100 |

**б) Релевантни фактори**




| | број | % |
|---|---|---|
| да | 104 | 93,7 |
| не | 7 | 6,3 |
| незнам | 0 | 0 |
| вкупно | 111 | 100 |

## ДИСКУСИЈА

**Права од областа на социјалната заштита**

Лицата со инвалидност можат да ги користат правата како во рамките на вонинституционалната така и во рамките на институционалната заштита.

Од вонинституционалните форми на социјалната заштита лицата со инвалидност или нивните семерјства ги користат следните:

- прва социјална услуга;
- помош на поединец;
- помош на семејство;
- домашна нега и помош на поединец и семејство
- дневно згрижување и
- сместување во друго семејство

Сместувањето во друго семејство како форма на вонинституционална заштита се актуелизира со проектот за деинституционализација на лицата со инвалидност во РМ. Имено ова право до пред три години се користеше во случаи кога лицата со инвалидност се упатуваа на оспособување за работно производствена активност.

За лицата со инвалидност се предвидени следните институционални права на социјална заштита:

- право на оспособување за работна производна активност;
- право на сместување во установа за социјална заштита

Лицата со инвалидност имаат право на социјална помош и тоа:

- право на постојана парична помош на лицата кои се неспособни за работа;
- паричен надоместок за помош и нега;
- надоместок на плата за скратено работно време поради нега на хендикепирано дете;

За оние лица кои ќе сместат две или повеке деца со социовоспитни проблеми или со пречки во развојот (инвалидност) законот овозможува врз основа на договор да засноват работен однос на одредено време со ЦСР.

Во РМ постојат институции за институционално згрижување на лицата со оштетен слух; вид; за лицата со умерена, тешка и длабока ментална ретардација како и за лицата со телесна инвалидност. Во Македонија не постојат установи за институционален третман на лицата со аутизам како и за лицата со церебрална парализа.

За децата со специфични потреби државата обезбедува *посебен додаток* во форма на паричен надоместок а врз основа на наод и мислење од надлежен стручен орган.

Во РМ во детските градинки се организира згрижување и воспитание на децата со пречки во физичкиот или психичкиот развој. За овие деца се

формираат и забавишни групи во посебните и редовните училишта а бројот на децата во групите изнесува од 5-8 со цел поефикасно да се реализира воспитниот процес.

Кога станува збор за социјална заштита РМ треба да вложи повеке напори за доделување и изнајмување на социјални и непрофитни станови како би се решило едно од најважните животни прашања на лицата со инвалидност и нивните семејства.

**Воспитание и образование**

Врз основа на направената анализа на националната легислатива и мегународните документи може да заклучиме дека Република Македонија на полето на воспитанието и образованието има најмногу сторено. Имено за оваа категорија на лица воспитно образовниот процес е организиран уште од 1949 година со отварањето на првата установа "Дом за дефектни деца" во село Петровец - Скопје. Денес во Македонија постојат 4 посебни (специјални) основни училишта и посебни паралелки во сите поголеми градови во состав на редовните училишта. Основното образование е бесплатно а децата го посетуваат најблиското училиште од нивниот дом.

Кога за тоа не постојат услови државата на лицето со инвалидност му обезбедува и органзира образование во ПОУ со домско сместување ( "Маца Овчарова" во Велес и "Св. Климент Охридски" Ново Село - Струмица) или пак се применува вонинституционалната форма на социјална заштита сместување во друго семејство.

Во Р.Словенија за децата со посебни образовни потреби кои имаат поголем степен на оштетување освен во посебните заводи основно и средно образование се применува и во домашни услови.

*Во оваа прилика вреди да се напомене моментот дека 19 % од стручните лица во делот за забелешки укажуваат на потребата од донесување на некој акт (законски или подзаконски) со кој ќе се регулира инклузивното образование односно вклучувањето на учениците со полесни или поблаги психички и физички недостатоци во редовниот образовен систем.*

Кога станува збор за **средното образование** за овие лица исто така можеме слободно да констатираме дека Р. Македонија ги задоволува потребите бидејки постојат 4 државни средни училишта каде што лицата со инвалидност можат да се стекнат со повеке занимања. Кога зборуваме за средното образование државата треба да превземе мерки да го прошири репертоарот на занимања со цел да се зголеми можноста за вработување на лицата со инвалидност односно да бидат поконкурентни на пазарот на трудот. Лицата кои имаат полесни оштетувања ги посетуваат редовните средни училишта.

Во Словенија ученикот кој успешно го завршил основното образование, посетувал и завршил прва година занатско училиште може да го стекне занаетчиското образование кај работодавецот.

Мал е бројот на лицата со инвалидност во РМ кои го продолжуваат школувањето после завршеното средно образование. Државата треба да им обезбеди подобро сместување и повисоки стипендии на овие лица за да

можат да ги задоволат своите социјални и образовни потреби. Потребно е исто така техничките служби на факултетите лично да ги информираат за приемните испити и резултатите од нив преку телефон или интернет во колку имаат персонален компјутер. За оваа категорија на граѓани државата треба да обезбеди посебна квота.

**Во Р.Словенија** лицата со инвалидност можат да се запишат на факултет без разлика на постигнатите бодови, ако ги исполнуваат општите услови (положена матура или завршен испит).

Во Словенија учениците со посебни образовни потреби кои се пријавиле во вториот или третиот уписен рок се третираат како да се пријавиле во првиот уписен рок. Во Словенија исто така учениците и студентите со посебни потреби имаат предност при прием во студентските домови. Оние студенти или ученици кај кои е констатирана 80% инвалидност имаат право на престој во дом за нивниот придружник. Учениците и студентите кои се инвалиди од прва категорија имаат право на дополнителни бонови за прехрана. На лицата со инвалидност кои имаат функционални пореметувања во Словенија им се доделува повисока стипендија но најмногу до 20% од загарантираната плата во државата.

Споменатите права треба да бидат регулирани и во македонската национална легислатива со што ќе се овозможи поефикасна социјална интеграција на лицата со инвалидност.

Врз основа на анализата на одредбите од областа на **здравственото осигурување и здравствената заштита** и добиените одговори од испитаниците РМ само делумно ги задоволува потребите во оваа област.

Правните одредби даваат можности овие лица да бидат *ослободени од учество* (партиципација) при користење на примарна, специјалистичко консултативна и болничко здравствена заштита како и лекови од позитивната листа, мегутоа во пракса лицата со посебни потреби се соочуваат со проблеми бидејки таквото право според Упатството за примена на Законот за дополнување на Законот за здравствено осигурување бр. 08-13026/1 од 19.12 2003 на Фондот за ЗО на Македонија можат да го остваруваат само оние лица со посебни потреби кои имаат право на посебен додаток според прописите на социјалната заштита т.е. според Законот за општествена заштита на децата а не според Правиникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој. Кога сме кај овој проблем треба да напоменеме дека надлежните институции (Фондот за здравство на Македонија ) дури после 7 месеци го изготви предмалку споменатото упатство за применување на Законот за дополнување на Законот за здравствено осигурување а лицата со инвалидност воопшто не се информирани за можноста да го остваруваат ова право.

Имајки пред вид дека поголемиот дел од лицата со инвалидност потекнуваат од семејства со незавидни социјално материјални услови и ниско културно образовно ниво истите не се во состојба да ги пратат измените во националната легислатива како би можеле да ги остваруваат новоусвоените права подади што неопходно е истите да бидат информирани од страна на ЦСР или подрачната единица на Фондот за здравствено осигурување.

Друг проблем со кој се соочуваат лицата со инвалидност е стекнувањето со решение за наод и мислење за видот и степенот на попреченоста (оштетувањето) во физичкиот или психичкиот развој и оцена на специфичните потреби кој документ е неопходен за остварување на повеќе права. Имено со правилникот се одредуваат кои установи се надлежни за давање на предмалку споменатиот наод и мислење од прв и ивтор степен но не е регулирано кој ќе ги покрие или сноси трошоците за таквата здравствена услуга.

Кога зборуваме за здравствената заштита и осигурување на овие лица треба да напоменеме дека РМ нема доволно развојни советувалишта односно Центри за следење на раст и развој на ризично родени деца од 0 до 6 годишна возраст со што би се превземале сите неопходни превентивни мерки за спречување или ублажување на оштетувањата.

Недостаток во оваа област е и немањето на координација и компјутерска поврзаност на гениколошко акушерските клиники и акушерските одделенија со ЦСР и развојните советувалишта (Центрите за следење на ризично родените деца) со што се оневозможува успешно и ефикасно евидентирање, дијагностицирање, следење и подвргнување на ран третман на хендикепираните и ризично родените деца. За недостатокот на координација помеѓу надлежните институции покрај добиените резултати од испитаниците зборува и непостоењето на Национален регисер за евиденција на ризично родени деца.

Легислативата во РМ во областа на **просторното планирање и проектирањето на објекти** ги задоволува европските стандарди. Во Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот јасно и децидно се наведуваат сите прописи кои се однесуваат на јавните пешачки површини, улиците, пристапите до јавните објекти, стамбените згради, претпријатијата кои имаат вработено инвалидни лица и други објекти се со цел цел да им се овозможи на лицата кои користат ортопедски помагала или инвалидски колички, кои имаат оштетен слух или вид непречено да ги обавуваат секојдневните активности.

Споменатиот правилник децидно кажува како треба да се планираат хоризонталните и вертикалните комуникации на лицата со инвалидност. Со правилникот точно се утврдува колку треба да биде нормалниот а колку максималниот наклон на една рампа како и колку треба да изнесува минималната широчина на истата.

Јавните паркиралишта треба да имаат минимум 3% места за паркирање на лицата со инвалидност а на паркиралиштата кои имаат помалку од 20 места треба да има 1 обележано место за паркирање на овие лица.

Со правиникот се утврдува големината, широчината и место положбата на обележаниот паркинг простор.

Мегутоа состојбата на теренот и одговорите од сите три групи на испитаници прикажани на графиконите бр. 21 а и б, како и резултатите од грфиконот бр. 3 наменет за лицата со инвалидност и членовите на нивните семејства укажуваат дека прописите од оваа област не се спроведуваат во пракса.

- Од вкупно 222 стручни лица (СЛ во понатамошниот текст) 58% сметаат дека јавните објекти и пешачките површини делумно имаат физички

пристап, 35% дека немаат, 5 % дека имаат и 2% незнаат дали имаат пристап.

- Кај релевантните фактори (РФ)од вкупно 111 испитаници 59% сметаат дека јавните објекти и пешачките површини делумно имаат физички пристап, 37% дека хендикепираните немаат пристап, 3% дека имаат и еден испитаник одговорил со незнам.
- Од испитаните лица со инвалидност или членови на нивните семејства 62% сметаат дека немаат адекватен пристап до јавните објекти, 30 % сметаат дека делумно имаат пристап, 5 % дека имаат адекватен пристап и 3 % се изјасниле дека незнаат дали имаат пристап до јавните објекти (графикон бр. 3).

Слични се и одговорите кај прашањето *дали јавните објекти имаат паркинг место за инвалидните лица* прикажани на графиконите бр.34а и 34б каде што 58% од стручните лица (СЛ во понатамошниот текст) сметаат дека јавните објекти немаат паркинг за лицата со хендикеп, 36% дека делумно имаат, 3% дека имаат и 3% дека незнаат дали постојат обележани паркинг места наменети за лицата со инвалидност.
Кај релевантните фактори (РФ во понатамошниот текст) 67% сметаат дека јавните објекти немаат паркинг за хендикепирани лица, 26% дека делумно имаат, 4% дека незнат и само 3% дека имаат паркинг места за лица со инвалидност.

Прописите кои се однесуваат на проектирање на објекти исто така ги задоволуваат сите стандарди почнувајки од оние кои се наменети за совладување на висински разлики, тука пред се мислиме на висина и широчина на скалите како и на универзалните лифтови кои служат за транспорт на лица кои користат инвалидски колички. Со Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти се регулираат исто така димензиите и бројот на клозети во јавните објекти наменет за лица со инвалидност; прописи за јавни телефонски говорници со утврдена висина, седиште како и ширина на влезната врата која одговара на стандардните димензии на количката во колку е говорницата сместена во кабина. Исто така со овој правилник се утврдуваат прописите за електрична инсталација и сигнализација ( висината на: домофонот; електричните прекинувачи и сите видови на утикачи).

**Олеснувања и ослободувања за лицата со инвалидност**

За да овозможи подобар стандард за овие лица државата предвидува одредени ослободувања и олеснувања кои произлегуваат од споменатите закони и подзаконски акти. Мегутоа Република Македонија на ова поле треба најмногу да работи за да се создадат услови за поуспешна и поефикасна социјална интеграција на лицата со инвалидност.

Лицата со инвалидност се ослободени од царина за: специјална опрема и технички помагала што ги користат лицата со инвалидност во задоволувањето на секојдневните потреби;

Од персонален данок овие лица се ослободуваат за надоместок за помош и нега од друго лице; надоместок за телесно оштетување како и за платата што ја примаат во заштитните претпријатија или работилници.

Законот за ДДВ дава повластена даночна стапка од 5% за лицата со инвалидност при набавка на замени за делови од човечко тело, ортопедски справи и инвалидски колички.

Еден дел од лицата со инвалидност (заболените од мускулна дистрофија, дијализа и мултиплекс склероза) се ослободени од надоместок за јавни патишта .

Мегутоа и покрај наведените ослободувања и олеснувања за подобрување на квалитетот на севкупното живеење на оваа категорија на граѓани државата треба да направи и други одстапки односно бенифиции со кои значително ќе се подобри нивниот животен стандард и интеграцијата во социјалната средина. Од направената анализа на правните одредби во Словенија кои се однесуваат на хендикепираните како и од добиените резултати од сите три групи на испитаници може да се констатира дека државата треба да овозможи давање под наем на социјални станови, непрофитни станови како и доделување на стамбена позајмица без камата.Споменатите права или бенифиции ги уживаат лицата со хендикеп во Р.Словенија.

*Станбеното прашање*- резултатите прикажани на грфиконите 27а и 27б укажуваат на тоа дека 74% од СЛ и 78% од РФ сметаат дека лицата со инвалидност треба да имаат право на стамбена позајмица без камата. Со оваа бенифиција не се сложуваат 5% од СЛ и 4% од РФ. Не знаат дали е потребна ова бенифиција 21% од СЛ и 18 % од РФ.

Исто така за оваа бенифиција се изјасниле 88% од лицата со инвалидност или членовите на нивните семејства, 2% се против а 10% незнаат дали е потребно таквото олеснување. Резултатите се прикажани на графикон бр. 13.

Кога сме кај ослободувањето од ДДВ треба да напоменеме дека 73% од СЛ и 86 % од РФ сметаат дека лицата со инвалидност односно нивните семејства треба да имаат повластена даночна стапка од 5 % при градба, обнова и одржување на стамбениот простор. Со ова олеснување не се сложуваат 9% од СЛ и 7% од РФ. Незнаат дали таквото олеснување е потребно 18% од СЛ и 7% од РФ. Овие резултатите се прикажани на графиконите бр. 23а и 23б.

За повластена даночна стапка при градба, обнова и одржување на стамбениот простор се изјасниле 92% од испитаните лица со инвалидност или членовите на нивните семејства, 3% се против а 5% незнаат дали ова олеснување треба да биде правно регулирано (графикон бр.8).

Според резултатите прикажани на графиконите бр. 22а и 22б можеме да констатираме дека 74% од СЛ и 88% од РФ сметаат дека лицата со инвалидност треба да бидат *ослободени од плаќање царина за патнички автомобил за лична употреба.* Со ова ослободување не се сложуваат 14% од СЛ и 8% од РФ. Незнаат дали таквото ослободување е потребно 12% од СЛ и 4% од РФ.

Од резултатите прикажани на графиконот бр. 7 може да се констатира дека 93% од лицата со инвалидност и членовите на нивните семејства исто така сметаат дека оваа категорија на граѓани треба да биде ослободена од царина за автомобил за лична употреба, 4%дека не треба да бидат ослободени а 3% незнаат дали таквото ослободување е потребно.

Споменатото право во Македонија е укинато пред повеќе од 10 години поради злоупотреби. Еднаш стекнато право нетреба да биде

ускратено бидејки постојат механизми со кои може да се спречат сите злоупотреби како што е регулирано во Словенија (патничккото возило неможе да се одтуги пред да навршат три години без да се плати царина. Исклучок од ова правило постои при смрт на лицето со инвалидност кога наследникот може да го продаде без платена царина).

Значајно е исто така да напоменеме дека 77% од СЛ и 83% од РФ сметаат дека *автомобилите наменети за лицата со инвалидност треба да имаат повластена даночна стапка од 5 %.* Со ова право не се сложуваат 9% од СЛ и 3% од РФ. Незнаат дали е потребно да постои такво олеснување 14% од СЛ и 14% од РФ (резултатите се прикажани на графиконите бр.25а и 25б).

За повластена даночна стапка од 5% за автомобили за лицата со инвалидност се изјасниле и самите хендикепирани лица и членовите на нивните семејства и тоа 90% за, 6% против а 4% незнаат дали таквото олеснување треба законски да се регулира. Овие резултати се прикажани на графиконот бр.10.

Ортопедските справи и помагала наменети за задоволување на секојдневните животни потреби кои во моментот имаат повластена даночна стапка од 5% треба да бидат ослободени од ДДВ. За ослободување се изјасниле 93 % од СЛ и 90 % од РФ. Незнаат дали треба да бидат ослободени 4% од СЛ и 10% од РФ. Не се за ослободување 3% од СЛ. Резултатите се прикажани на графиконите бр. 24а и 24б.

За ослободување од ДДВ за сите ортопедски справи и помагала се изјасниле и 99,2% од лицата со инвалидност и членовите на нивните семејства. Резултатот за ова прашање е прикажан на графиконот бр.9.

Од ДДВ треба да бидат ослободени хуманитарните и инвалидските организации при прометот на услуги. За ова ослободување се изјасниле 70% од СЛ и 67% од РФ. Не се сложуваат со ова ослободување 11% од СЛ и 8% од РФ. Незнаат дали е потребно ова ослободување 19% од СЛ и 25% од РФ ( резултатите се прикажани на графиконите бр. 33а и 33б).

Од резултатите прикажани на графиконите бр. 30а и 30б може да се констатира дека 76% од СЛ и 80% од РФ сметаат дека родителите на децата со инвалидност треба да имаат *повластена даночна стапка на персонален данок.* Со ова олеснување не се сложуваат 4 % од СЛ и 13% од РФ. Незнаат дали треба да постои ова олеснување 20% од СЛ и 7% од РФ.

Покрај даночните ослободувања испитаниците сметаат дека лицата со хендикеп треба да имаат и други олеснувања како што се:

- *бесплатни интернет услуги.*

За ова право се изјасниле 80% од СЛ и 77% од РФ. Со ова ослободување не се сложуваат 7% од СЛ и 16 % од РФ. Незнаат дали треба да постои оваа бенифиција 13% од СЛ и 7% од РФ. Споменатите резултати се прикажани на графиконите бр. 26а и 26б).

- *ослободување од РТВ претплата.*

Според резултатите прикажани на графиконите бр. 36а и 36б 82 % од СЛ и 87% од РФ сметаат дека лицата со тешка и најтешка инвалидност треба да бидат ослободени од РТВ претплата. Не се сложуваат со ова

ослободување 5% од СЛ и 8% од РФ. Незнаат дали треба да бидат ослободени од споменатата претплата 13% од СЛ и 5% од РФ.
За ослободување од РТВ претплата се изјасниле И 99,2% од испитаните лица со инвалидност И членовите на нивните семејства. Резултатите се прикажани на графиконот бр.11.

- *Намален или бесūлаūен ūревоз за лицаūа со инвалидносū на ūериūоријаūа на Реūублика Македонија.*

За такват бенифиција се изјасниле 93% од СЛ и 86% од РФ. Со таквото ослободување не се сложуваат 2 % од СЛ и 10 % од РФ. Незнаат дали ова ослободување треба да постои 5% од СЛ и 4% од РФ. Овие резултати се прикажани на графиконите бр.29а и 29б.
За намален или бесплатен градски и меѓуградски превоз на територијата на Македонија се изјасниле и лицата со инвалидност или членовите на нивните семејства и тоа 93% за, 3% против а 4% незнаат дали таквото право треба да се регулира со некој акт. Резултатите се прикажани на графиконот бр.12.

- *Ослободување од ūурисūичка ūакса за лицаūа со инвалидносū.*

Ова право исто така треба да се регулира со некој национален акт или со акт на локалната самоуправа.

Во Словенија комуналните служби на барање на лицата со инвлидност се должни да обележат паркинг простор пред зградата каде што живее или работи.

Во Словенија инвалидите имаат право на застанување или паркирање на моторното возило на места на кои паркирањето не е дозволено.

**Кривично правна и полициска област**

Во оваа област РМ во главном ги задоволува европските стандарди бидејки во кривичниот законик постои категорија *неūресмеūливосū* во времето на извршувањето на кривичното дело поради што овие лица имаат посебен третман во сите судски постапки ( предкривична, кривична, парнична), во изрекнувањето и издржавањето на изречената кривична санкција.

Во случаи кога лицето е лишено од деловната способност изјавите и сите потребни дејствија ги презема неговиот законски застапник.

И покрај тоа што во Македонија званично не постои јазик на знаците во случаи кога обвинетото лице е глуво или немо уште при првото сослушување таквото лице секогаш има бранител. Кога обвинетото лице или жртвата се глуви прашањата им се поставуваат писмено. Доколку пак лицето е немо тогаш истото ќе одговара писмено. Во колку испитувањето не може да се изврши на предмалку споменатите начини тогаш се ангажира толкувач односно лице кое може да се разбере со обвинетото глувонемо лице.

## Семејство, вонпроцесна постапка облигации и нотарски работи

И во оваа област РМ ги задоволува стандардите односно дел од лицата со инвалидност имаат посебен третман.

Кога станува збор за *брак и семејство,* Законот за семејство меѓу лицата кои не можат да склучат брак ги вбројува и лицата со тешка и длабока ментална ретардација.

За полнолетно лице кое поради пречки во психичкиот развој не е во состојба да се грижи за себе, своите права и интереси ЦСР *поведува постапка таквото лице да биде ставено под старателство.*

*За делумно или наполно лишување од деловна способност* поради ментална ретардација одлучува месно надлежниот суд.

Ако поради психички или физички недостатоци детето не е способно да се грижи за себе и за своите права и интереси судот одлучува за *продолжување на родителските права по полнолетството.*

Во случаи кога едно лице е глувонемо и незнае да чита при *давање на согласност кај нотар* за било каков акт мора да се повика лице во кое има доверба и кое може со него со помош на знаци да се разбере.

## Вработување и осигурување на лицата со инвалидност

Со цел да се овозможи подостоен и квалитетен живот на лицата со инвалидност како и нивно поефикасно вклучување во социјалната средина РМ го донесе Законот за вработување на инвалиди. Во моментот се очекуваат измени и дополнувања во Законот за вработување на инвалиди заради отсранувања на сите слабости и недостатоци на овој закон кои беа злоупотребувани од работодавците.

За вработување и работење на овие лица државата обезбедува посебни услови и погодности:

- Создавање услови за работење и прилагодување на работното место;

Средствата за создавање услови за работење и прилагодување на работното место ги ***покрива Посебен фонд за обезбедување услови за вработување и работење на инвалидни лица.***

- Ослободување од даноци и обезбедување на средства и придонеси;

Лицата на кои им е утврдена специфична потреба при работењето се ***ослободуваат од плаќањље на персонален данок***

Работодавците кои вработуваат инвалидни лица се ***ослободуваат од плаќање на придонеси за*** : здравствено осигурување, пензиско и инвалидско како и придонеси за вработување.

Претпријатијата кои ги исполнуваат условите за заштитна работилница односно заштитно друштво се ослободени од плаќање на данок од добивка.

Државата ги ослободува од плаќање на персонален данок на доход како и од придонеси за пензиско и инвалидско осигурување и лицата кои немаат инвалидност а се вработени во заштитните друштва.

Вработеното лице со инвалидност во коклу има проблеми во исполнувањето на работните обврски работодавецот го упатува на

работно оспособување доколку пак не е вработено на оспособување го упатува Заводот за вработување.

Според Закон за работни односи и колективните договори работодавецот е должен да ги обезбеди потребните услови за безбедна работа, да ги утврди работните места на кои постои зголемена опасност од повреди и заболувања како и да направи осугурување што произлегува од закон.

- Финансиска подршка во работењето

Кога станува збор за вработување на овие лица како едно од најважните животни прашања треба да напоменеме дека 35% од лицата со инвалидност или пак членови на нивните семејства сметаат дека државата треба да се јави во својство на работодавец. Поради предмалку наведеното државата треба да донесе соодветен акт со кој ќе им се гарантира *предност* на лицата со инвалидност при вработување во јавните претпријатија и институциите кои се буџетски корисници.

**Осовременување, дополнување и менување на националната легислатива која се однесува на лицата со инвалидност**

Овде е значајно да напоменеме дека 66% од испитаните лица со инвалидност се изјасниле дека **не** се вклучувани и консултирани за прашања кои се однесуваат на хендикепираните, 23% дека **делумно** се консултирани и вклучувани, 9% **незнаат** дали лицата со инвалидност се вклучувани или консултирани и само 2% дека **се** вклучувани и консултирани (графикон бр.4).

Според резултатите прикажани на графиконите бр. 17а и 17б 32% од СЛ и 8% од РФ се изјасниле дека *не постои координација* помеѓу надлежните институции и НВО во изготвувањето на националната легислатива која се однесува на лицата со инвалидност. Дека делумно постои таква координација се изјасниле 40% од СЛ и 57% од РФ. Според прикажаните резултати 10 % од СЛ и 25% од РФ сметаат дека постои доволно координација а останатите 18% од СЛ и 10% од РФ незнаат дали постои таква координација.

Од добиените резултати можеме да констатираме дека е потребно да се зголеми степенот на координација помеѓу надлежните институции и НВО во изготвувањето на правната регулатива со која се третираат прашањата на лицата со хендикеп.

Кога зборуваме за потребата од донесување на одредби кои се значајни за социјалната интеграција на овие лица треба да напоменеме дека 79% од испитаните лица со инвалидност или членовите на нивните семејства сметаат дека **треба да се донесе Закон за јазик на знаците или знаковен јазик.** Незнаат дали има потреба од донесување на овој закон 18% од испитаните лица со инвалидност или членовите на нивните семејства а 3% од испитаните сметаат дека нема потреба (графикон бр. 6).

За донесување на Закон за јазик на знаците се изјасниле 81% од СЛ и 68% од РФ (графикони бр. 19а и 19б).

Во прилог на донесувањето на овој закон зборуваат и потребите од преведувањето на вестите кои се однесуваат на животниот стандард, здравјето, вработувањето и слично за кое се изјасниле 89% од испитаните лица со инвалидност или членови на нивните семејства (графикон бр. 5).

Исто така во прилог на донесувањето на споменатиот закон се и одговорите на 71% од СЛ и 76% од РФ кои укажуваат дека во номенклатурата на занимања е потребно да се воведе занимањето преведувач на јазикот на знаците (графикони бр. 31а и 31б).

Бидејки најголемиот дел од одредбите кои ја третираат проблематиката на хендикепираните се од **областа на пензиското и инвалидското осигурување** 87% од испитаните лица со инвалидност сметаат дека треба да имаат свои преставници во Фондот за ПИО, 5% дека нема потреба а 8% незнаат дали е потребно такво партиципирање во споменатиот државен орган (графикон бр. 14).

За потребата од партиципирање на членови на ИО во Фондот за ПИО зборуваат и одговорите на стручните лица и релевантните фактори прикажани на графиконите бр. 38а и 38б. За учество или партиципирање на членови на ИО во споменатиот фонд се изјасниле 87% од СЛ и 94% од РФ. Дека нема потреба од таквото партиципирање на лицата со инвалидност во работата на овој фонд се изјасниле 2% од СЛ и 6% од РФ. Останатите 10% од СЛ незнаат дали има потреба од партиципирање на лицата со инвалидност во работата на овој фонд.

Важно е да напоменеме дека 52% од испитаните лица со инвалидност или членовите на нивните семејства сметаат дека **неможат да ги остварат своите права** поради неспроведување на законските и подзаконските акти, 32% поради немањето на координација помеѓу надлежните институции додека 10% поради неефикасноста на државната администрација (графикон бр.2).

Дали државата превзема доволно мерки и активности за грижата на оваа категорија на граѓани најдобро може да се види од добиените одговори на стручните лица и релевантните фактори на прашањето "Дали лицата со хендикеп се опфатени ( во смисла на права и различни бенифиции) со генералното планирање, развојната стратегија и економската политика на земјата" прикажани на графиконите бр. 16а и 16б. Со **да** на ова прашање одговориле 13% од СЛ и 9% од РФ. Дека **делумно** се опфатени овие лица се изјасниле 39% од СЛ и 51% од РФ. Околу 34% од СЛ и 29% од РФ сметаат дека овие граѓани **не** се опфатени со генералното планирање, развојната стратегија и економската политика на земјата. Околу 14% од СЛ и 11% од РФ незнаат дали со таквото планирање и стратегија се опфатени хендикепираните лица.

Важно е исто така да напоменеме за **информираноста на стручните лица и релевантните фактори за Националната стратегија**. Имено 39% од СЛ и 28% од РФ се изјасниле дека се *запознаени* со Националната стратегија. Само *делумно* се запознаени со националната стратегија 42%

од СЛ и 61% од РФ . *Не се запознаени* за споменатата стратегија 19% од СЛ и 11% од РФ.

Споменатите одговори кои се прикажани на графиконите бр.15а и 15б укажуваат на тоа дека овие две групи на испитаници кои трба да бидат најодговорни за квалитетот на живеење на лицата со инвалидност недоволно се запознаени со националната стратегија што се одразува на ефикасноста и успешноста на нивната социјална интеграција.

Кога сме кај спроведувањето на националната стратегија 22% од СЛ И 13% од РФ сметаат дека истата *се спроведува*. Околу 47% од СЛ и 70% од РФ сметаат дека националната стратегија *делумно се спроведува.* Дека *не се спрроведува* истата се изјасниле 11% од СЛ и 6% од РФ. *Незнаат* дали се спроведува Националната стратегија 20% од СЛ и 11% од РФ.

**Информираност за првата**

Значајни се исто така одговорите на лицата со инвалидност или членовите на нивните семејства кои укажуваат дека само *25% од нив се* информирани за своите права, *46% од нив делумно* се информирани додека *29% од нив **не** се* информирани за своите права (графикон бр. 1).

За информираноста за правата на лицата со инвалидност и нивните семејства од големо значење е просторот што електронските медиуми го одвојуваат за емисиите наменети за оваа категорија на граѓани. Меѓутоа добиените резултати поточно 57% од СЛ и 46% од РФ сметаат дека електронските медиуми не емитуваат доволно емисии наменети за лицата со хендикеп, 35% од испитаните СЛ и 50% од РФ сметаат дека делумно се емитуваат такви емисии, 5% од СЛ и 3% од РФ сметаат дека доволно се емитуваат такви емисии додека 3% од СЛ и 1% од РФ незнаат дали медиумите во нивните програми одвојуваат простор за емисии наменети за лицата со хендикеп.

Од кажаното произлегува дека државата со Законот за радиодифузија треба да ги обврза сите национални телевизии во своите програми да одвојат простор за емисии преку кои, како прво ќе се анимираат хендикепираните за своите права и како второ ќе се подига свеста кај граѓаните за специфичните социјални, здравствени и образовни потребите на овие лица.

## ЗАКЛУЧОЦИ

На основа на направената квалитативна анализа и дискусијата на презентираните резултати можеме да го потврдме следното:

1. Првата хипотеза со која претпоставувавме дека *Меѓународните документи не се целосно имплементирани во националното законодавство* **делумно се потврдува** бидејки РМ треба да донесе правни прописи со кои ќе им овозможи поефикасна социјална интеграција на лицата со инвалидност како што се на пример: закон за инклузивно образование, закон за деинституционализација; закон за знаковен јазик како и повеќе измени и дополнувања во постоечките правни прописи а посебно оние кои се однесуваат на даночната политика на земјата. Мегутоа одредени области од нашето законодавство ги задоволуваат европските критериуми како на пример: правната регулатива од областа на стандардите и нормативите за планирањето на просторот и проектирањето на објекти. Правните прописи од подрачјето на образованието, социјалната, здравствената и детската заштиа се компатибилни со меѓународните документи но истите треба да се надополнуваат за да лицата со инвалидност можат полесно да ги задоволуваат секојдневните животни потреби.

2. Со анализа на правните прописи кои директно или индиректно се однесуваат на лицата со хендикеп како и со обработката на податоците од истражувањето можеме да констатираме дека *правните одредби кои се однесуваат на лицата со хендикеп нецелосно се имплементираат во практиката.* Таквото одстапување најмногу се забележува во обезбедувањето на ортопедските и техничките помагала кои се наменети за задоволувањето на основните животни потреби. Имено слушните помагала што ги ибезбедува Фондот за здравство често пати не соодвестува со реалните слушни потреби. Исто така неисполнувањето на обврските од страна на Посебниот фонд при Заводот за вработување спрема Заштитните друштва ја влошуваат состојбата на лицата со хендикеп во смисла на невработеност. Правилникот за оцена на специфичните потреби не се спроведува во пракса. Законот за здравствено осигурување неадекватно се спроведува во пракса бидејки правото на примарна, спеијалистичка консултативна и болничко здравствена заштита како и право на лекови без учество (партиципација) се применува само за оние хендикепирани лица кои примаат посебен додаток. Поради споменатото и слично оваа хипотеза се ***потврдува.***

3. Законската регулатива во РМ која се однесува на лицата со хендикеп овозможува интеграција на овие лица но не на завидно ниво поради што истата треба постојано да се менува и надополнува со цел оваа категорија на граѓани да можат да се вклучат во сите свери на општественото живеење. Од кажаното произлегува дека хипотезата "*Постоечката законска регулатива не овозможува ефикасна социјална интеграција*" делумно се потврдува .

4. Националната стратегија за изедначување на можностите на
хендикеп не се реализира во пракса. Оваа хипотеза ***се потврду***
државата речиси не се јавува во својство на работодавец, не
афирмира правата на овие лица и не превзема доволно
подигањето на свеста кај граѓаните за потребите на лицата со
инвалидност. Исто така оппштествената заедница не вложува доволно
средства за културно забавниот и спортскиот живот на хндикепираните.

5. Правејки анализа на правните прописи кои се однесуваат на хендикепираните во Р.Македонија и Р.Словенија може да се констатира дека *постојат разлики во правата на лицата со хендикеп во РМ и РС* Таквите разлики постојат посебно во областа на ослободувањата и олеснувањата што во голема мера се одразува на животниот стандард на овие лица. Во РС со Стамбен закон се овозможува користење на повеќе поволности: станови под наем, непрофитни станови и стамбена позајмица со кои се регулира стамбеното прашање. За учениците со посебни потреби постојат превилегии при упис кој не зависи од бројот на постигнати бодови, за нив се обезбедува и повисока стипендија за 20-30 %, дополнителни бонови за исхрана и слично. Во РС постои ослободување од РТВ претплата за потешките и најтешките случаи; ослободување од управни такси; од плаќње царина за патнички авромобил; од плаќање патарина; од данок за моторни возила; од туристичка такса; купување на посебни помагала за учење; образование во домашни услови; мобилна помош; одмор за нега и заштита на дете. Исто така важна е и одредбата за престанокот на работниот однос на инвлидно лице кое може да се реализира само со негова согласност. На основа на предмалку споменатото оваа хипотеза ***е потврдена***.

6. *Кај сите три групи на испитаници постои мислење дека јавните објекти ( пошти, банки, ресторани, спортски терени, училишта, аптеки, самопослуги исл.) немаат адекватен физички пристап* со што на лицата со инвалидност ускратена им е можноста да ги обавуваат своите секојдневни активности. Од пред малку кажаното произлегува дека и оваа хипотеза е исто така потврдена.

7. Хипотезата дека државата не превзема доволно мерки и активности во областа на даночните ослободувања и олеснувања се потврдува. Тука пред мислиме на оние мерки И активности како што се издавањето на социјални и непрофитни станови под наем; на стамбените позајмици без камата, царинските ослободувања за патнички возила; повластена стапка на персонален данок, ослободувања од туристички такси, од РТВ претплати и слично со што значително би се подобрил квалитетот на живеење на овие граѓани. Меѓудругото со регулирањето на некои од овие права државата нема да ја загрози фискалната политика.

8. Следната хипотеза која се однесува на недостаток на координација помеѓу надлежните институции и установи е исто ***така потврдена***. За непостоењето на координацијата укажуваат не само резултатите од

истражувањата туку и неуспешноста во реализирањето на некои проекти ( инклузија), неблаговременото откривање на многу деца со хендикеп, нивно неевидентирање и не упатување до соодветни институции.

9. Кај сите три групи на испитаници постои мислење дека **националните телевизии** треба законски да бидат обврзани да ги титлуваат и преведуваат на знаковен јазик сите поважни вести од денот кои се однесуваат на здравјето, економијата, вработувањето и слично. Тоа значи дека и оваа хипотеза е потврдена.

10. Постои мислење дека државата треба да одвојува повеќе средства за културниот, забавниот и спортскиот живот е последната хипотеза која исто така ***се потврдува*** врз основ на добиените резултати кај испитаниците.

## Предлог мерки

1. Да се анимираат лицата со хендикеп за своите права преку електронските медиуми и дневниот печат.

2. Да се развива свеста кај граѓаните за лицата со инвалидност, за нивните права, специфични потреби и можности.

3. Да се донесе соодветен правен акт со кој ќе се регулира инклузивното образование.

4. Да се направат измени и дополнувања во Законот за ДДВ во прилог на лицата со инвалидност и тоа:
- повластена дночна стапка од 5% за автомобилите наменети за овие лица; за градба, обнова и одржување на стамбениот простор.
- ослободување од ДДВ при набавка на ортопедски и други помагала за овие лица и ослободување на хуманитарните и инвалидските организации од ДДВ при прометот на услуги и материјали.

5. Ослободување на лицата со инвалидност од плаќање царина за автомобил за лична употреба.

6. Да се донесе Закон на знаците или знаковен јазик.

7. Националните електронски медиуми законски да се обврзат да ги преведуваат и титлуваат најважните вести од денот како и да емитуваат емисии наменети за оваа категорија на граѓани.

8. Да се отворат нови центри за следење на растот и развојот на ризично родените деца во сите поголеми градови во државата.

9. Да се отворат институции за третман на лица со аутизам и лица со церебрална парализа.

10. Државата да се јавува почесто во својство на работодавец и правно да ја регулира предноста на лицата со инвалидност при вработувањето.

11. Да се овозможи повластена даночна стапка на персонален данок за родителите на лицата со инвалидност.

12. Да се обележат паркинг места на сите јавни паркиралишта како и на паркиралиштата пред јавните објекти.

13. Да се доделуваат социјални станови на загрозените семејства со инвалидни лица.

14. Да се направат измени и дополнувања во Законот за високо образование и тоа: да се ослободат од учество или партиципација за

студирање, да можат да се запишуваат на факултет со завршено средно образование и положена матура без разлика на постигнатите бодови, да им се обезбедат повисоки стипендии како и бонови за појачана исхрана.

15. Да се спроведуваат правните прописи во областа на просторното планирање и проекирањето на објектите со цел да се овозможи физички пристап до јавните објекти и слободните пешачки површини како би можеле лицата со инвалидност да ги обавуваат секојдневните активности.

16. Да им се овозможи на лицата со инвалидност да користат бесплатни интернет услуги.

17. Лицата со тешки и потешки пречки во психичкиот и физичкиот развој да се ослободат од РТВ претплата.

18. Ослободување од туристичка такса во ~~нашите~~ летни и зимски туристички центри.

19. Надлежните институции да бидат потранспарентни во изготвувањето на правните прописи кои се однесуваат на лицата со инвалидност.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Ајдински Љ. Заштита И рехабилитација на лицата со психофизии недостатоци во СР Македонија, РЗУЦД, Скопје, 1975.
2. Ајдински Љ. Интегрална рехабилитација на ментално ретардираните лица, ЈКСД, Белград, 1982.
3. Ајдински Љ, Ајдински Г, Михаилов З. Основи на дефектолошката теорија и практика, СДМ, Скопје 1999.
4. Ангеловска Г. Наташа Квалитативни истражувања во воспитанието И образованието, Киро Дандаро, Битола, 1998.
5. Globacnik B. Vodnik po pravicah invalidov, Urad za invalida Vlada Republike Slovenije, Urad za informirawe, sluzba Vlade za evropske zadve, 2001
6. Globacnik M, Vodopivec J, davidovicB.P, Nacionalni program varstva invalidov Slovenije, Urad za invalide, Qubqana, 1996.
7. Димовска В. Човекови права за лицата со интелектуална попреченост, Порака, Скопје, 2002.
8. Kovacevic V, Stancic V, Mejovsek M, Osnovi teorije defektologije, Fakultet za defektologiju, Zagreb, 1986.
9. Јакулић С, Медицинске основе менталне ретардације, Завод за уџбенике и наставна средства, Београд, 1993.
10. Крстић Д, Психолошки речник, Београд, 1986.
11. Milosavljevic M, Socijalna sigurnost u samoupravnom drustvu, Naucna knjiga ,Beograd, 1988.
12. Muzic V, Metodologija pedagoskog istrazivawa, Zavod za izdavawe udjbenike, Sarajevo, 1973.
13. Петров Р, Извештај за Проектот за деинституционализација на лица со пречки во развојот во РМ, септември 2002.
14. Savic Lj, Medjunarodne rezolucije o pravima hendikepiranih, CO Saveza gluvih, Beograd 2002
15. Стефановска В, Едровска К, Божиновска Б, Стефановска М, Студија за брза процена на психосоцијалната состојба И можностите за социјализација на лицата со хендикеп во РМ, МИА 2002.
16. Stosljevic M, Uvod u defektologiju, Defektoloski fakultet Beograd, Beograd, 1998.
17. Трајковски В, Ајдински Љ, Спироски М. Правата на лицата со аутизам во Република македонија, МНЗА, Скопје, 2002

**Закони:**


18. Закон за социјална заштита *Сл. весник на РМ, бр. 50/97, 16/00*
19. Закон за вработување на инвалидни лица, *Сл. весник на РМ 44/2000*
20. Закон за основно образование - пречистен текст *Сл. весник на РМ бр. 52/2002*
21. Закон за заштита на децата *Сл. весник на РМ бр.98/2000*
22. Закон за работни односи *Сл. весник на РМ бр.80/93; 3/94; 14/95; 53/97; 59/97; 21/98; 25/00*
23. Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, *Сл. весник на РМ бр.37/97; 25/00*
24. Закон за пензиско и инвалидско осигурување *Сл. весник на РМ бр.80/93; 3/94; 14/95; 71/96; 24/97; 25/97; 32/97; 49/97 и 24/00*
25. Закон за здравствено осигурување *Сл. весник на РМ бр. 25/00; 96/00*
26. Закон за здравствена заштита *Сл. весник на РМ бр.38/91; 46/93; 55/95; 17/97; 21/98.*
27. Закон за семејство *Сл. весник на РМ бр.80/92; 9/96.*
28. Закон за вонпроцесна постапка *Сл. весник на СРМ бр.19/79*
29. Закон за вршење на нотарски работи *Сл. весник на РМ бр.59/69; 25/98.*
30. Закон за средно образование *Сл. весник на РМ бр.44/95; 4/96; 34/96; 35/97; 82/99.*
31. Закон за високо образование *Сл. весник на РМ бр.64/00*
32. Царински закон *Сл. весник на РМ бр.21/98; 26/98; 63/98; 86/99; 25/00.*
33. Закон за персонален данок од доход *Сл. весник на РМ бр.80/93; 3/94; 70/94; 71/96; 28/97.*
34. Закон за јавни патишта *Сл. весник на РМ бр.26/96; 40/99.*
35. Закон за безбедност на собраќајот на патиштата *Сл. весник на РМ бр.14/98;*
36. Кривичен законик *Сл. весник на РМ бр.37/96; 80/99*
37. Закон за кривична постапка *Сл. весник на РМ бр.15/97;*


**Правилници**


38. Правиник за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој, *Сл. весник на РМ бр. 30/2000.*
39. Правилник за индикациите за остварување на правото на ортопедски и други помагала *Сл. весник на РМ бр. 111/00.*

40. Правилник за стандарди и нормативи за планирање на просторот *Сл. весник на РМ бр. 69/99; 102//2000.*

40. Правилник за стандарди и нормативи за проектирање на просторот, *Сл. весник на РМ бр. 69/99; 102/2000.*

**Мегународни документи**


41.Declaration the rights of mentallss retarded persons, 2856, 20.12. 1971 htt:// www.unhchr.ch/html/menu 3/ b/72.htm.

42. Declaration on the rights of disabled person - Резолуција 3447 на Генерално собрание на ООН од 09.12. 1975, htt://www.unhchr.ch/html/menu 3/b/m_mental.htm

43. European social charter ( Revizion), Strasbour, 03.05.1996.

44. Principles for the protection of persons with mental illness and the improvement of mental health care- Усвоени од Генералното Собрание на ООН со резолуција 46/119 од 17.12. 1991. htt://www.unhchr.ch/html/menu 3/b/68.htm

45.Declaration on the rights of the child, UN Rezolution1386, 20.11. 1959

46.Convention on the rights of the child, UN Rezolution 44/25, 20.11. 1989.

47. Стандардни правила за изедначување на можностите на лицата со инвалидност, ООН, Резолуција 48/49, 20.12. 1993

48. Мадридска декларација (*Европска Унија, март 2002 година)*

*49.* Општа декларација на ООН за правата на човекот *(ГС на ООН 10.12. 1948 година*)

50. Резолуција за вклучување на инвалидните деца и младинци во редовните образовни системи, *Совет на министри за образование на ЕУ, 1990 год.)*

51. World conference on special needs education access and quality, Salamanka, Spain,, 7-10 june, 1994.

52. Disability 99, Published by international disability foundation in association with the winchester

53. Устав на Република Македонија, Сл. весник на РМ бр.52 од 22.11. 1991

54.Декларација за заштита и унапредување на правата на лицата со посебни потреби, Сл. весник на РМ бр. 50 од 28.07. 2003.

55. Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија, Сл весник бр. 101 од 24.12. 2001

***Носител на истражувањето***
Зоран Киткањ

***Тема на истражувањето:***

"Права на заштита, едукација и рехабилитацијата на лицата со хендикеп во Република Македонија и нивна усогласеност со меѓународните документи"

АНКЕТЕН ЛИСТ- СКАЛЕР ( И-2)

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | ***Дали сте запознаени со Националната стратегија за изедначување на можностите на лицата со хендикеп?*** | 1. да<br>2. делумно<br>3. не | |
| 2 | ***Во РМ се спроведува Националната стратегија за изедначување на можностите на лицата со хендикеп ?*** | 1. да<br>2. делумно<br>3. не<br>4. не знам | |
| 3 | ***Дали лицата со хендикеп се опфатени со генералното планирање, развојната стратегија и економската политика на земјата ?*** | 1. да<br>2. делумно<br>3. не<br>4 . не знам | |
| 4 | ***Постои ли потреба во номенклатурата на занимања да се внесе и преведувач на знаковен јазик како посебно занимање ?*** | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |
| 5 | ***Постои ли координација помеѓу надлежните институции и невладините организации во изготвувањето на законската регулатива која се однесува на лицата со хендикеп ?*** | 1. да<br>2. делумно<br>3. не<br>4. не знам | |
| 6 | ***Дали законските одредби кои се однесуваат на лицата со хендикеп се спроведуваат во пракса?*** | 1. да<br>2. делумно<br>3. не<br>4. не знам | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | ***Знаковниот јазик треба да биде званично признаен?*** | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |
| 8 | ***Дали на електронските медиуми се емитуваат доволно емисии наменети за лицата сохендикеп?*** | 1. да<br>2. делумно<br>3. не<br>4. не знам | |
| 9 | ***Националните телевизии треба законски да се обврзат да ги титлуваат најважните дневни вести и преведуваат на знаковен јазик?*** | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |
| 10 | ***Дали јавните паркиралишта и паркиралиштата пред јавните објекти имаат означено место за паркирање на инвалидни лица?*** | 1. да<br>2. делумно<br>3. не<br>4. не знам | |
| 11 | ***Објектите од јавен карактер имаат физички пристап за инвалидните лица?*** | 1. да<br>2. делумно<br>3. не<br>4. не знам | |
| 12 | ***Лицата со инвалидитет треба да бидат ослободени од плаќање царина за патнички автомобил за лична употреба?*** | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |
| 13 | ***Заштитните претпријатија, Заводите и Инвалидските организации треба да бидат ослободени од царина за опрема, технички помагала и резервни делови за таквата опрема, кои не се произведуваат во РМ?*** | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |
| 14 | ***Градба, обнова и одржување на станбениот простор за инвалидните лица треба да има повластена даночна стапка на ДДВ од 5%?*** | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |
| 15 | ***Хуманитарните и Инвалидските организации при промет на услуги и матерјали треба да бидат ослободени од ДДВ?*** | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |
| 16 | ***Ортопедските и техничките помагала наменети за задоволување на основните животни потреби за лицата со инвалидитет треба да бидат ослободени од ДДВ?*** | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17 | *Автомобилите наменети за превоз на инвалидни лиоца треба да имаат повластена даночна стапка на ДДВ од 5%?* | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |
| 18 | *Родителите на децата со тежок и најтежок инвалидитет, треба да имаат повластена даночна стапка на персонален данок?* | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |
| 19 | *Лицата со потешки и најтешки психички и физички недостатоци треба да бидат ослободени од РТВ претплата?* | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |
| 20 | *Право на намален и бесплатен превоз на територија на РМ треба да имаат лицата со потежок хендикеп?* | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |
| 21 | *Услугите на Интернет провајдерите за лицата со инвалидитет и Инвалидските организаци треба да бидат бесплатни?* | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |
| 22 | *Се одвојуваат ли доволно средства за културен, забавен и спортски живот за лицата со инвалидитет?* | 1. да<br>2. делумно<br>3. не<br>4. не знам | |
| 23 | *Врвниот спорт (Европски, Светски првенства, Олимпијада) на лицата со хендикеп, треба да се регулира со посебен акт?* | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |
| 24 | *Лицата со инвалидитет и семејствата со инвалидно лице треба да имаат право на стамбена позајмица (заем без камата)?* | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |
| 25 | *Фондот за Пензиско-инвалидско осигурување треба да има претставници од Инвалидските организации?* | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |

***Носител на истражувањето***
Зоран Киткањ

***Тема на истражувањето:***

"Права на заштита, едукација и рехабилитацијата на лицата со хендикеп во Република Македонија и нивна усогласеност со меѓународните документи"

АНКЕТЕН ЛИСТ- СКАЛЕР ( И-3)

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | ***Дали сте информирани за вашите права?*** | 1. да<br>2. делумно<br>3. не | |
| 2 | ***Кои се главни пречки во остварувањето на Вашите права?*** | 1. не ефикасна администрација<br>2. неспроведување на законите во пракса<br>3. непостоење координација помеѓу надлежните институции | |
| 3 | ***Дали лицата со хендикеп имаат адекватен пристап до јавните објекти (пошти, банки, ресторани, училишта) ?*** | 1. да<br>2. делумно<br>3. не<br>4 . не знам | |
| 4 | ***Дали лицата со хендикеп се вклучени во изготвувањето на закони и подзаконски акти?*** | 1. да<br>2. делумно<br>3. не<br>4. не знам | |
| 5 | ***Превзема ли државата мерки и активности за подобрување на положбата на лицата со хендикеп ?*** | 1. да<br>2. делумно<br>3. не<br>4. не знам | |
| 6 | ***Дали знаковниот јазик треба да биде званично признаен?*** | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | *Вестите кои се однесуваат на животниот стандард, здравјето, вработувањето и сл., треба да бидат титлувани и/или преведувани на знаковен јазик?* | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |
| 8 | *Дали на електронските медиуми се емитуваат доволно емисии наменети за лицата со хендикеп?* | 1. да<br>2. делумно<br>3. не<br>4. не знам | |
| 9 | *Дали јавните паркиралишта и паркиралиштата пред јавните објекти имаат означено место за паркирање на инвалидни лица?* | 1. да<br>2. делумно<br>3. не<br>4. не знам | |
| 10 | *Дали јавните објекти имаат физички пристап за инвалидните лица?* | 1. да<br>2. делумно<br>3. не<br>4. не знам | |
| 11 | *Лицата со инвалидитет треба да бидат ослободени од плаќање царина за патнички автомобил за лична употреба?* | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |
| 12 | *Градба, обнова и оджување на станбениот простор за инвалидните лица треба да има повластена даночна стапка на ДДВ од 5%?* | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |
| 13 | *Ортопедските и техничките помагала наменети за задоволување на основните животни потреби за лицата со инвалидитет треба да бидат ослободени од ДДВ?* | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |
| 14 | *Автомобилите наменети за превоз на инвалидни лиоца треба да имаат повластена даночна стапка на ДДВ од 5%?* | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |
| 15 | *Лицата со потешки и најтешки психички и физички недостатоци треба да бидат ослободени од РТВ претплата?* | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |
| 16 | *Право на намален и бесплатен (градски и меѓуградски) превоз на територија на РМ треба да имаат лицата со потежок хендикеп?* | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |
| 17 | *Се одвојуваат ли доволно средства за културен, забавен и спортски живот за лицата со инвалидитет?* | 1. да<br>2. делумно<br>3. не<br>4. не знам | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18 | ***Врвниот спорт (Европски, Светски првенства, Олимпијада) на лицата со хендикеп, треба да се регулира со посебен акт?*** | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |
| 19 | ***Лицата со инвалидитет и семејствата со инвалидно лице треба да имаат право на стамбена позајмица (заем без камата)?*** | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |
| 20 | ***Фондот за Пензиско-инвалидско осигурување треба да има претставници од Инвалидските организации?*** | 1. да<br>2. не<br>3. не знам | |